УНИВЕРЗИТЕТ СВ."КИРИЛ И МЕТОДИЈ"- СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

# УЧИЛИШНИОТ МЕНАЏМЕНТ ВО ФУНКЦИЈА НА ПРЕВЕНЦИЈА, СПРЕЧУВАЊЕ И РАЗРЕШУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО ВО СОВРЕМЕНОТО УЧИЛИШТЕ

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

**МЕНТОР**
**Проф. д-р Марија Костова**

**КАНДИДАТ**
**М-р Екрем Исмаили**

Скопје, 2013 година

# С О Д Р Ж И Н А

*Прв дел* **ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**.... 6

**1. Пристап кон проблемот** .................................................................................... 7
1.1. Насилството во светски рамки ...................................................................... 7
1.2. Насилството во Р. Македонија – оправданост на истражувањето................................................................................................. 10

**2. Менаџерот како фактор на формирање на безбедна средина во училиштето** ... 13

**3. Современото училиште и проблемите на воспитен план** ............................ 18

**4. Насилството како феномен на општествена организација** ........................ 21
4.1. Насилството и културата .............................................................................. 31
4.2. Политичко насилство ...................................................................................37

**5. Насилството во современото училиште** ........................................................ 46
5.1. Современото училиште и девијантното однесување на учениците адолесценти.... 50
5.2. Психолошки карактеристики на адолесцентите со различни нивоа на заштита од психолошка злоупотреба во училиштата ................................................................ 56
5.3. Психолошките ефекти на насилството врз децата и младите ....................... 61
5.4. Форми на насилничко однесување на учениците ........................................... 65
5.5. Фактори кои условуваат насилничко однесување на учениците во современото училиште ................................................................................................................. 75
5.6. Образовна технологија и механизми за безбедно однесување во училиштето .... 80

**6. Интеракцијата меѓу училиштето и семејството во функција на решавањето на насилството во училиштето** ........................................................................................ 87

*Втор дел* **МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** .......................................... 92

**1. Предмет на истражувањето** ................................................................................ 93

**2. Цел на истражувањето** ........................................................................................ 93

**3. Задачи на истражувањето** .................................................................................... 93

**4. Хипотези** .................................................................................................................. 97

**5. Варијабли на истражувањето** .............................................................................. 101

**6. Карактер на истражувањето** ................................................................................ 102

**7. Примерок на истражувањето** ........................................................ 103

**8. Методи, техники и инструменти на истражувањето** ........................................ 105

**9. Статистичка обработка на податоците** ................................................. 105

*Трет дел* **АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО** ........................................................................ 107

**1. Мислења и ставови на директорите за значењето и вниманието кое му се придава на проблемот на насилство, условите за работа во училиштето и мотивираноста на наставниците и учениците за решавање на овој проблем** ..... 108
1.1. Значењето кое директорите на средните училишта му го придаваат на познавањето на проблемите на ученичкото насилство ........................................ 108
1.2. Вниманието кое директорите на средните училишта им го посветуваат на проблемите на насилство во училиштето ........................................ 109
1.3. Услови за работа во училиштето ........................................ 110
1.4. Просторни услови на училиштето ........................................ 111
1.5. Кадровска опременост на училиштето ........................................ 112
1.6. Вниманието кое наставниците му го придаваат на ученичкото насилство ........... 113
1.7. Значењето кое им се придава на задачите и активностите кои се однесуваат на насилството во училиштето ........................................ 115
1.8. Значењето кое наставниците и другите субјекти во училиштето му го придаваат на решавањето на проблемот на насилство во училиштето ........................................ 116
1.9. Мотивираноста на учениците за решавање на насилничкото однесување во училиштето ........................................ 117

**2. Оспособеноста на директорите на средните училишта за превенција на насилство** ........................................ 119
2.1. Сознанијата и компетенциите кои директорите ги добиле на факултетите на кои студирале се во функција на превенција на насилството во училиштето .................... 119
2.2. Стручната литература, емисиите на ТВ, информациите на интернет, дневниот печат и др.во функција на превенција од насилство ........................................ 120
2.3. Обуки, семинари и сл. во функција на оспособување на директорите за превенција на насилството во училиштата ........................................ 121

**3. Оспособеноста на директорите на средните училишта за спречување на насилство** ........................................ 123
3.1. Дали и колку директорите на средните училишта се оспособени за спречување на насилството во училиштето ........................................ 123
3.2. Стручната литератута, емисиите на ТВ, информациите на интернет, дневниот печат и др. во функција на спречување на насилството во училиштето ..................... 124
3.3. Обуки, семинари, научни собири и сл. во функција на оспособување на директорите за спречување на насилството во училиштето ........................................ 124

**4. Оспособеноста на директорите на средните училишта за разрешување на насилството** ........................................ 127
4.1. Дали и колку директорите на средните училишта во Република Македонија се оспособени за разрешување на насилството во училиштето ........................................ 127

4.2. Стручна литература, емисии на ТВ, информации на интернет, дневниот печат и сл. во функција на оспособување на директорите од средните училишта за разрешување на насилството во училиштата ........................................................................................ 128
4.3. Обуки, семинари, научни собири и сл. во функција на оспособување на директорите од средните училишта за разрешување на насилството во учииштето .. 129

**5. Мислења на директорите на средните училишта за оспособеноста на наставниците за решавање на проблемите на насилство** ........................................ 131
5.1. Дали наставниците им помагаат на директорите на средните училишта за решавање на проблемите на насилство во училиштето ................................................ 131
5.2. Оспособеноста на наставниците од средните училишта за решавање на проблемите на насилство во училиштето .................................................................................... 132

**6. Мислења на директорите од средните училишта за факторите кои условуваат појава на насилство** ........................................................................................................ 134
6.1. Кои се факторите кои допринесуваат за појава на насилство во училишта .......... 134
6.2. Занемарената воспитна функција на училиштето како фактор за појава на насилничко однесување на учениците ................................................................... 135
6.3. Намалената воспитна функција на семејството како фактор за појава на насилничко однесување на учениците ........................................................................................ 136

**7. Мислења на директорите на средните училишта за најчестите облици на училишно насилство и местото каде најчесто учениците насилно се однесуваат**
7.1. Најчести облици на училишно насилство ................................................................ 138
7.2. Каде најчесто насилно се однесуваат учениците ...................................................... 139

**8. Програмски барања за превенција, спречување и разрешување на насилството во училиштето** ........................................................................................................ 141
8.1. Дали во училиштето постојат комплетни програми за превенција, спречување и разрешување на насилството .................................................................................. 141
8.2. Дали во училиштето постои посебна документација каде се евидентира училишното насилство .............................................................................................. 142
8.3. Дали случаите на насилничко однесување на учениците и мерките кои се превземаат се евидентираат во некои општи програми на училиштето ...................... 143
8.4. Дали директорот поседува посебна програма каде ги евидентира случаите на насилство и мерките кои ги превзема ........................................................................ 144
8.5. Мерките кои се превземаат во функција на превенција од насилство во училиштето се дел од друга општа документација на училиштето .................................................. 145
8.6. Дали директорите на средните училишта поседуваат посебна документација каде ги евидентираат случаите и мерките кои ги превземаат во функција на спречување на насилството во училиштето ........................................................................................ 146
8.7. Дали мерките кои директорите на средните училишта ги превземат за спречување на насилството во училиштето ги евидентираат во друга општа документација на училиштето .................................................................................................................. 147
8.8. Дали директорите на средните училишта поседуваат посебна документација каде ги евидентираат случаите и мерките против насилството во училиштето ................. 147
8.9. Дали мерките кои ги превземаат директорите на средните училишта се дел од друга општа програма на училиштето ........................................................................ 148

**9. Соработката на директорот на средните училишта со семејствата и специјализираните институции за решавање на насилничкото однесување** ...... 151
9.1. Соработката на директорот со семејства чии деца покажуваат насилничко однесување или се жртви на училишно насилство ........ 151
9.2. Соработката на директорот со специјализирани институции чија дејност е превенција, спречување и разрешување на насилството во училиштата ........ 152

**10. Мислења на директорите на средните училишта за соработката со стручните служби** ........ 154
10.1. Соработката на директорите со стручните служби во функција на превенција на насилството во училиштето ........ 154
10.2. Мислења на директорот за оспособеноста на стручните служби за превенција на насилството во училиштето ........ 155
10.3. Мислења на директорите на средните училишта дали стручните служби покажуваат интерес за заедничка работа за превенција на насилството во училиштето
10.4. Дали директорите и стручните служби на средните училишта работат заедно за спречување на насилството во училиштето ........ 156
10.5. Стручните служби од средните училишта не покажуваат интерес заедно со директорите на училиштата да се справат со насилството во училиштето ........ 157
10.6. Милења на директорот за оспособеноста на стручните служби за спречување на насилството во училиштето ........ 157
10.7. Дали стручните служби во средните училишта им помагаат на директорите за разрешување на насилството во училиштето ........ 158
10.8. Мислења на директорот за оспособеноста на стручните служби за разрешување на насилството во училиштето ........ 158
10.9. Дали стручните служби од средните училишта покажуваат интерес за разрешување на насилството во училиштето ........ 159

**11. Мислења на стручните служби на средните училишта за соработката со директорите** ........ 161
11.1.Дали директорите им помагаат на педагозите и психолозите во средните училишта во превенцијата од насилство ........ 161
11.2. Мислења на педагозите и психолозите на средите училишта за оспособеноста на директорите за превземање мерки за превенција од насилство во училиштето .......... 162
11.3. Дали директорите на средните училишта им помагаат на стручните служби во спречувањето на насилството во училиштето ........ 162
11.4. Мислења на педагозите и психолозите во средните училишта дали директорите на училиштата се доволно оспособени за спречување на насилството во училиштето .. 163
11.5.Дали директорите на средните училишта им помагаат на педагозите и психолозите во училиштето за разрешување на насилството ........ 164
11.6.Мислење на педагозите и психолозите во училиштето дали директорите се оспособени за разрешување на насилството во училиштето ........ 165

**12. Анализа на податоците добиени од извршеното интервју со наставниците од средните училишта** ........ 168

***Четврти дел* РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА, БИБЛИОГРАФИЈА, ПРИЛОЗИ** ........ 173

- **Резиме и заклучни согледувања**........................................................................ 174
- **Библиографија** ....................................................................................................... 190
- **Прилози**

# ПРВ ДЕЛ

# ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 1. ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ

Економската и социјалната нестабилност кои преовладуваат во Република Македонија во текот на изминатите децении придонесоа за пад на вредностите, зголемување на конфликтите и агресија во социјалните и меѓучовечките односи. Овие промени предизвикаа нови социјални проблеми, кои првенствено го зафатија образованието, развојот и социјалното формирање на децата и адолесцентите. Во училиштата, на улица, во домашната средина, децата се соочуваат со невидена бруталност од страна на возрасните, но и од страна на врсниците. Недостатокот на знаења и искуства за решавање на конфликтите, недостатокот на вештини за самоконтрола и сл. создава агресивност кај децата и младите и ги прави ранливи на заканата од насилство.

Растот на јавната и индивидуалната агресија ја интензивира потрагата по мирна еволутивна транзиција и отварање на патеки за поправичнен социјален ред и пронаоѓање на флексибилни модерни механизми за решавање на традиционалните и новите социјални проблеми.

## 1.1. Насилството во светски рамки

Денес, училишното насилство се зголемува и во развиените и во неразвиените земји, во селските и градските средини.

Насилството меѓу младите во училиштата стана проблем со кој се занимава и Светската здравствена организација, зошто покрај другите негативни последици, насилството во училиштата создава хроничен стрес кај учениците, што може да биде причина за низа психосоматски болести. (Soen, 2002)

САД и Израел се земји во кои училишното насилство е голем проблем. Во САД во текот на 1990 година на минатиот век насилството спрема учениците и наставниците во националните училишта добило размери на епидемија (Osofsky, 1998)

Според податоците од 1994 година во американските средни училишта секој петти ученик редовно носи со себе некое оружје: огнено оружје, нож или сл. Во 12% криминални престапи во училишните згради оние кои го направиле престапот биле

наоружани. Половината од сите криминални напади на тинејџери се случиле во училишните згради, на училишни дворови, или на улица, а бројот на убиства меѓу личностите помлади од 18 години се зголемил за 87% во периодот од 1980 до 1990 година. (Osofsky, 1998)

Извештаите од испитувањата вршени во САД кон крајот на 1990 година покажале дека насилството во училиштата се зголемило и дека физичките напади се најчест облик на насилство. Околу 70-80% ученици изјавиле дека биле сведоци на насилство во училиште. Секој трет ученик доживеал некој да го удри, секој десетти го тепале или го нападнале со оружје. Децата се плашат дека ќе бидат жртви на насилство во училиштето и затоа секој петти ученик носи оружје за да се заштити, а значаен број од нив остануваат дома од страв од насилство дури и кога некои училишта имаат добри планови за безбедност како: луѓе за обезбедување, детектори за метално оружје, посебни телефонски линии за случаи на напад, без оглед дали се работи за градско, приградско или селско училиште. (Flannery & Singer, 1999)

Стручњаците на оваа земја предупредуваат дека САД е во ризик да изгубат генерација на деца во виртуелните воени подрачја, како жртви на насилство и како извршители на насилство. (ibid)

Нападите врз наставниците во американските училишта се, исто така чести, и во таа смисла во литературата се зборува за синдромот „тепан наставник“ кој вклучува стресни реакции како: страв, депресија, пореметување на сонот, главоболки и сл. (исто)

Во Израел училишното насилство е поголем проблем од повеќето западни земји. Коефициентот на насилство во оваа земја е поголем и од тој во Русија или САД. Според - Ден Соен истражувач од Тел Авив, состојбата во училиштата се влошува. Статистичките податоци покажуваат пораст на училишното насилство посебно во годините 1990 и 1995 година.. Според податоците од истражувања од 90-тите околу 80% момчиња и 30% девојчиња вклучени се во физички напади во училиштата, околу 15% од нив носат оружје во училиште заради самоодбрана. При тоа, само 27% ученици случаите на насилство ги пријавуваат на наставниците или директорот.( исто)

Во Јапонија, исто така, училишното насилство е еден од најголемите проблеми на училиштата. (Okabayashy, 1996)

Според податоците на Светската здравствена организација најголема зачестеност на училишно насилство во европските земји кои се опфатени со истражувањето од 1998 година има во: Австрија, Данска, Германија, Литванија, Гренланд, а најмала во Северна Ирска, Грција, Велс, Шведска и Англија. (Soen, 2002)

Во истражуваето кое го извршила Гашиќ- Павишиќ во Србија се покажува дека овој проблем во Србија е значително поповолен. (Гашић-Павишић, 1998)

Релевантноста и разноликоста на проблемот го стави истиот во центарот на интересот на бројни професионалци во образованието, криминологијата, психологијата, социологијата и други хуманистички науки.

Криминалот и тероризмот, неоправданата агресија и насилството, физичкиот, интелектуалниот и психолошкиот притисок, употребата на сила за решавање на социјалните, политичките и економските противречности, без оглед на социо-политички систем и нивото на економски развој, претставуваат една од најважните задачи на социјалната практика.

Развојот и имплементацијата на ефикасен систем за превенција на насилството во општеството бара сеопфатни интердисциплинарни истражувања насочени кон идентификување на механизмите на репродукција на насилството во секојдневниот живот и општествените практики. Во овој поглед, растечка е важноста за изнаоѓање на теоретски модел способен да биде теоретска и методолошка основа на тие истражувања.

Итноста за проучување на насилството предизвикана е не само од страна на егзистирачкиот социјален проблем, но и од присуството на значајни контраверзи во перцепцијата на оваа појава.

Традиционално, на насилството се гледа како на ограничување на слободата (во филозофијата) или деструктивна сила (во психологијата). (ibid)

Според мислењето на некои автори кои се бават со овој проблем на насилството треба да се гледа како на „средство и начин за "уништување" на социјалниот простор со постапки на поединците и општеството.“ (Гребенкин, 2006)

Ваквиот пристап ја поврзува социолошката анализа на насилството со неорганизираноста на општеството како целина и неговите поединечни сектори што ни овозможува да ги изучуваме не само интерперсоналните и групните форми на насилство туку и социјалното насилство кое е вклучено во политичките, економските, социјалните и социо-културните подсистеми на општеството. Противречноста помеѓу потребата од анализа на насилството во неговата целосност како појава на општествената организација и недостатокот на теоретски и методолошки основи на овој проблем станува посебно значајно прашање.

Во литературата на светски план постојат голем број на трудови посветени на анализата на поединечните аспекти на проблемот на насилство. „Проблемот на

општествениот поредок кој се заснива на контрола и принуда, во некои аспекти е сличен на проблемот на легитимното насилство." Таков пристап среќаваме во делата на Хегел, Диркем, Илин, Медовина, Парсонс, Попер, Сен-Симон, Мишел, Фуко, Алберт Швајцер.

Анализа за насилство во контекст на власта вршена е од страна на M.Weber, R. Dal, H. Luhmann, W.Mils, С. Попова, A. Toffler. (Гребенкин, 2006)

Политичкото насилство како инструмент за управување и начин на борба за моќ го разработуваат M.A. Bakunina, A.A. Guseinov, B.A. Kistiakowsky, Кропоткин, Ленин, Макијавели, Маркс, Жан Сорел. (ibid)

## 1.2. Насилството во Република Македонија – оправданост на истражувањето

Во последниве години во Република Македонија значително е зголемен адолесцентниот криминал, алкохолизмот, наркоманијата, зависноста од дрога, анти-социјалното однесување. Адолесцентите се повеќе се подложни на предизвиците на светот околу нив, кој содржи многу суровост, насилство, агресија, непријателство, индивидуализам.

Зголемениот број на адолесценти со девијантно однесување, во голема мера, е резултат на недостатоците на образованието, процесот на социјализација, можностите и местото на училиштето.

Стравот од училиштето, негативните очекувања на училишната заедница, конфликтите со наставниците (не фер и омаловажувачкиот пристап на наставниците и навредливите забелешки за способностите и изгледот на учениците) сите овие и многу други фактори во средните училишта се поттик за формирање на тинејџерско девијантнтно однесување

Во современото училиште адолесцентите се подложни на зголемен притисок, принудени се да останат "добри" и се предмет на бројни и често неразумни барања. Постои паралелела помеѓу емоционална состојба и развојот на девијација.

Девијантното однесување во современото тинејџерско средно училиште бара посебни услови за корекција.

Сепак, се уште малку е истражена суштината на криминалното насилство воопшто и на малолетниците посебно, условите на нејзиното формирање, природата и проценката на влијанието на насилството, карактерните црти на насилните

престапници, основата за ослободување од кривична одговорност на малолетниците кои имале ментална ретардација, ефективноста на кривичното право на криминално насилство против малолетни лица и сл.

Во контекст на темата која е предмет на нашето истражување ја истакнуваме улогата на менаџментот во училиштето во превенцијата, спречувањто и разрешувањето на насилтвото кај адолесцентите во средните училишта во Република Македонија.

Во оваа смисла нашето истражување го насочивме кон откривање на акивностите на директорите во училиштето. Поаѓајќи од сознанието дека во нашите средни училишта, главно се вклучени училишен педагог и училишен психолог во истражувањето, ги вклучивме и нив со цел да имаме унифицирани примероци од различните средни училишта.

Популацијата на средни училишта ја сочинуваат средните училишта од западниот, средниот и источниот регион на Република Македонија.

Целта на нашето истражување е да ги испитаме мислењата и ставовите на директорите на средните училишта, училишните педагози и психолози во овие училишта за тоа колку менаџерите на училиштата во Република Македонија го согледуваат проблемот на насилството во нив, колку допринесуваат за превенцијата, спречувањето и разрешувањето на овој проблем во училиштата.

Поставениот проблем на истражување не е едноставен и лесен ако се појде од неговата севкупност.

Меѓутоа, поаѓајќи од фактот што нашето истражување е од индивидуален карактер ние се обидовме проблемот на насилството во средните училишта кај нас да го согледаме преку ставовите и мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози.

Во нашиот труд сакаме да укажеме на поврзаноста на системот на менаџирање во училиштето и современите барања за превенција, спречување и разрешување на проблемот на насилството во средното училиште во Република Македонија.

Современото време, во многу поизразена форма го исфрла на површина проблемот на насилството во училиштето во сите негови аспекти.

Во тој контекст, пред менаџерот на училиштето се поставуваат нови, поинакви барања и менаџерски активности, каде што директорот на средното училиште добива нова улога како лидер, кој ги креира, ги промовира, ги реализира и ги евалуира промените во училиштето.

Новото време бара директор од нов ков, директор менаџер, вистински лидер во својата средина, директор кој ќе биде способен да ја реализира мисијата на училиштето, кој има визија за работа и развој на училиштето.

Од современиот менаџмент на училиштето, меѓу другото, се бара способност да формира мобилна и безбедна средина во која секој ученик, но и наставник ќе се чуствува сигурно и слободно.

Новите барања по однос на сфаќањето и решавањето на училишното насилство треба да ги инкорпорира традицијата, современите барања и идните очекувања.

Во оваа смисла менаџментот треба да го користи сето она што е позитивно и води кон разрешување на горливиот проблем на агресивност и насилство во училиштето.

Тој мора да поседува високи морални особини и професионални вредности за да може да го изгради сопствениот интегритет како и да влева доверба кај вработените, нивното однесување и ставови и со личен пример да мотивира и придонесува за градење на сигурна атмосфера во училиштето.

Меѓучовечките односи кои што се актуелни во колективот во училиштето, можат да придонесат за создавање или нарушување на безбедна атмосфера и клима во училиштето.

Воспоставувањето на добри меѓучовечки однoст претпоставува директорот на училиштето да поседува знаења за тоа, човечки и карактерни особини и знаења од психологијата на личноста.

Во оваа смисла доста значајно барање е она кое се однесува на менаџменот, неговите особини, неговите способности и се разбира неговото образование.

Сосема е разбирливо дека секој директор не е способен да воспостави и да ја чува безбедната клима во училиштето.

Нагласивме дека целта на ова истражување е насочено кон истражување на мислењата и ставовите на директорите и стручните соработници (вработените во психо-педагошката служба) по однос на прашањето колку и како менаџерот во средното училиште е способен своите активности да ги насочи кон превенција, спречување и разрешување на училишното насилство.

Истражувањето го поставивме така што, најпрво ги испитавме ставовите и мислењата на директорот на училиштето, училишниот педагог и психолог за поставеноста и карактеристиките на училишното насилство во средното училиште во Република Македонија.

# 2. МЕНАЏЕРОТ КАКО ФАКТОР НА ФОРМИРАЊЕ НА БЕЗБЕДНА СРЕДИНА ВО УЧИЛИШТЕТО

Во модерната психолошка и образовна практика евидентно е дека на учениците им е потребана грижа и психолошка поддршка. Ваквата поддршка може да биде од лична ориентација (работата на директорот, училишниот педагог и училишниот психолог), и може да се однесуваат на условите во кои виталните функции (образовните активности), и над се подобрувањето на заедницата и средината се во директната интеракција на субјектите во образованието.

Парадигмата за образовна поддршка на учениците во средните училишта станува се по популарна. Таа се смета како основна компонента на желбата на директорот да им помогне на децата да ја осознаат својата посебност, за да ја остварат својата сопствена индивидуалност и да се изградат на траекторијата на кариерата и образованието. Оваа парадигма ја одразува целта и потребите на образовниот процес во потрагата по механизми за иницирање на синхронизација на значајни "полиња" и системите за обука, нивната вредносна ориентација и светоглед. (Клочко, 1991)

Од посебно значење е проблемот на образовна поддршка по однос на заштитата на детето од деструктивни психолошки влијанија од различни фактори во актуелната практика на процесот на учење. Треба да се моделира и да се направи реалност на образовната средина во која се потврдува дека идентитетот на ученикот функционира слободно, каде сите ученици се чуствуваат заштитени и ќе ги задоволуваат основните потреби, односно, ќе го зачувуваат и развиваат менталното здравје. Ментално здрав човек може да биде само во одредени околности. Важен фактор е психолошката сигурност на образовната средина и нејзината очигледна зависност од методот, стратегијата и лидерскиот стил во секоја поединечна институција од страна на менаџерот. (Kremenenko, 2006)

Постои реална потреба на општеството за менаџери кои можат да ги организираат потребните интеракции помеѓу субјектите на образовниот процес (ученици, наставници, родители) како систем на образовни можности за да се исполнат нивните субјективни потреби, социјални вредности и ставови.

Денес, практичните истражувања се повеќе укажуваат на проблемот на психолошките карактеристики на менаџерите кои имаат големо влијание врз спецификите на образовна средина:

- теоријата на "длабоко дејствување" покажува одредени способности на различни нивоа на комуникација за да може менаџерот да оствари полн контакт со другите луѓе и да организира различни комуникациски компоненти во образовната средина;
- теоријата на безбедносни критериуми во образовната средина, како и соодветноста на размислувањето и односот кон светот и задоволството на лидерот од безбедноста како суштинска компонента на образовна средина; и
- адаптивното функционирање- како компонента на психолошката сигурност на личноста.

Сепак, сè уште не постојат студии кои се идентификуваат како одредена семантичка сфера на влијание на лидерот за специфично безбедносно образование за животната средина во училиштето. (Kremenenko, 2006)

Во контрадикција помеѓу побарувачката за менаџери во јавниот образовен систем, социјалната компетентност во работата на проектирање на безбедносна образовна средина е и недостатокот на теоретски и практични истражувања на оваа тема, недостатокот на методи за обука и преквалификација на лидерите како организатори на безбедна образовна средина.

Новите препораки за обука и преквалификација на менаџерите позитивно влијаат на формирањето на безбедна средина за учење.

Карактеристиките на управувањањето имаат значително влијание на одредена образовна средина и на нивото на психолошка безбедност на образовната средина.

Најважниот фактор во креирањето на безбедна образовна средина се менаџерите. Токму тоа треба да се има во предвид кога се прават професионалните програми, технологиите на работа и дијагностичките техники.

Стимулативните стратегии на менаџерите (стратегија за превенција, изолација и наплата), се неопходни за понатамошниот развој на програмите за подобрување на професионалните вештини.

За педагозите и психолозите во образовниот систем и наставниците кои работат во образованието во поново време, развиени се посебни упатства за употреба на карактеристиките на формирањето на безбедна средина во училиштата.
(Kremenenko, 2006)

Обезбедувањето на безбедна средина за учење на локално ниво бара решавање на традиционалниот судир меѓу барањата на образовна средина и реалните можности и психолошките карактеристики на учениците и наставниците, давајќи им на сите учесници во образовниот процес избор на различни образовни технологии и активности.

Значајно барање е кај учесниците во педагошкиот процес да се развие потребата за меѓусебно разбирање и взаемност.

Најважни безбедносни компоненти на образовна средина се стратегиите за управување кои ги користат директорите на училиштата. Истовремено директорите влијаат со специфичните симптоми за спречување и разрешување на деструктивните форми на психолошко насилство во образовната средина. Тие имаат директно влијание врз создавањето на различни заедници меѓу учениците и наставниците и самите ученици.

Директорите треба да бидат способни да ги утврдуваат одредените адаптивни способности на учениците и наставниците и да имаат општи информации за социјалниот и психолошкиот стрес кои се вклучени во образовниот процес.

Можеме да заклучиме дека менаџерите значително влијаат врз работењето на училиштето во целина и дека образовенот менаџмент ја одредува природата на интер-субјективните односи во образовниот простор.

Меѓутоа, директорите ја утврдуваат и специфичната безбедносносна критична компонента на образовната средина на средните училишта со тоа што тие ги детерминираат психолошките карактеристики на теоретскиот дизајн, а и моделирањето и операционализација (отелотворување во пракса) на психолошката сигурност на образовната средина е во согласност со целите на образованието, приоритетите при изборот на наставната технологија, карактеристиките на децата и наставниот кадар, типот на училиштето , наставените предмети и сл.

Стратегиите на директорите влијаат во спречувањето на деструктивните форми на психолошкото насилство во образовната средина и имаат директно влијание врз создавањето на различни заедници меѓу учениците и наставниците и меѓу самите ученици со нивното вклучување во различни образовни активности, различни видови

на комуникација, истражувања, и други активности неопходни за социјализација на учениците според нивната возраст. (Kremenenko, 2006)

Стратегиите на менаџерите во голема мера го утврдуваат одреденото ниво на адаптивни способности на учениците и наставниците, општите информации, спречувањето на социјалните и психолошките стресови во образовниот процес, односно, во училиштата. Тие го дефинираат специфичниот дизајн на ситуации во кои се случуваат интеракциите меѓу учениците, наставниците и другите субјекти на образовниот процес во образовниот простор.

Радикалните општествени промени може да бидат продуктивни само кога со училиштето ќе управува лице способно за вршење на овие промени врз основа на избор на компетентни решенија кои не ги повредуваат правата и слободите на друго лице, социјалната доверба и толеранција. Семантичката рамка за таквата стратегија се формира во секојдневното донесување одлуки во училиштето на животот, врз основа на психолошката писменост, компетентноста и културата на учесниците во образовната средина. (Kremenenko, 2006)

Проблемот на формирање на безбедна средина во училиштето зависи од личните карактеристики на лидерите.

Противречностите помеѓу барањата на образовна средина и реалните можности и психолошките карактеристики на учениците се решаваат преку воспоставување на безбедна образовна средина во одредена образовна институција.

Традиционалниот однос на субјект-објект модел на учење меѓу наставниците и учениците, со основните правила за дистрибуција на правата и обврските создава одредено ниво на психолошка сигурност, благодарение на стереотипите и унифицираните социјални шеми вклучени во образовниот контекст. Парадигмата на безбедносни ресурси кои доаѓаат од минатото исчезнува и се заменува со ресурс на иднината како потреба за нови форми на комуникација. Така, меѓу учесниците на образовниот процес треба да се создаде потреба за разбирање, меѓусебна размена на мисли и заеднички интереси. (Kremenenko, 2006)

Во безбедна образовна средина на секоја образовна институција стратегиите на менаџерите се најважната компонента на нивната професионална и социјална компетентност како комбинација на основните квалитети на директорите кои се темел за успех во организирањето на разни сегменти на образовната реалност. Стратегиите на директорите значително влијаат на начинот на нивното управување со образовниот

процес и ја утврдува природата на интер-субјективните односи во образовниот простор. (Kremenenko, 2006)

Предизвикувајќи психолошки карактеристики на теоретскиот дизајн, моделирајќи ја и операционализирајќи ја психолошката сигурност на образовната средина, директорите ги исполнуваат бараните цели за учење, приоритетите во изборот на наставните технологии, особено контингентот на учениците и наставниот кадар, типот на институцијата и специфичностите на училишниот простор.

Стратегиите на директорите влијаат врз одредените манифестации на деструктивните форми на психолошко насилство во образовната средина, обезбедувајќи директно влијание врз создавањето на различните заедници меѓу учениците и наставниците и самите учениците врз основа на нивната вклученост во посебните образовни активности, комуникацијата, и други видови на активности.

Нивото на адаптивни способности на учениците и наставниците, општите информации, социјалниот и психолошкиот стрес кои се вклучени во образовниот процес ги определуваат стратегии на директорите. Тие имаат за цел да ги подобрат карактеристиките на самоактуелизацијата, толеранцијата, личната и професионалната ориентација, прифаќањето на позитивните вредности и подобрување на комуникациските карактеристики. (Kremenenko, 2006)

## 3. СОВРЕМЕНОТО УЧИЛИШТЕ И ПРОБЛЕМИТЕ НА ВОСПИТЕН ПЛАН

Во основата на појавата на насилството во училиштето се наоѓа проблемот за тоа колку и како во него се остварува воспитната функција.

За прашањето на остварувањето на воспитната функција на училиштето среќаваме бројна литература, наша и странска. Бројните автори кои пишуваат за овој проблем главно се осврнуваат на факторите кои доведуваат до овој проблем во современото училиште.

Меѓу најзначајните промени кои ја тангираат работата во современото училиште е промената во односите меѓу генерациите кои ги менуваат вкупните односи во општеството, а посебно односите меѓу наставниците и учениците.

Денес информациите не одат само од родителите и наставниците кон децата туку и обратно. (Костова, 2012)

Надминувањето на границите меѓу генрациите се случува во ерата на брз општествен развиток.

Современиот ученик ги надминува границите на субјект врз кој се делува. Тој е активен објект во своето обликување. Тоа не учи само од наставникот кој ги реализира поставените наставни програми. Тој учи од телевизијата и другите медиуми, учи од инернетот и сл.

Мораме да нагласиме дека сите информации и влијанија кои учениците ги добиваат од медиумите, инернетот и сл. не ја следат позитивната ориентација во насока во нивен правилен развиток. Тука одново се јавува училиштето.

Потрошувачкото општество им остава се помалку време на родителите кое можат да им го посветат на децата. Оттука, децата се се повеќе оставени сами на себе. Она што посебно загрижува е севкупноста на негативни влијанија на улицата, врсниците, инернетот и сл.

Глобализацијата како современа тенденција притиска во насока на одрекување од сопствените вредности и модели на однесување. Во тој процес создавањето и прифаќањето на новите вредности е споро и може да се каже дека цели семејства или поединци, посебно младите, живеат во еден своевиден вакум на вредности, со што ситуацијата на морална и вредносна општествена „криза" е поизразена. (Костова, 2012)

Урбанизацијата е причина за се поголема изолација на семејствата и децата во нив. Урбанизацијата со себе носи тешкотии за дружење и заедничка игра на децата,

едноставно од причина што не се води сметка за создавање на физички простор каде тие би играле. Можеме да кажеме дека општа карактеристика на младите денес е нивната „дружба" со компјутерот и интернетот со што се создаваат мали можности за нивна правилна социјализација, посебно во семејствата со едно дете.

Не е мал бројот на семејства во кои родителите многу директно, со односите во нив, ги насочуваат децата кон насилничко однесување и не контролираност.

Изненадува фактот кој го изнесуваат повеќе психолози и социјални работници дека во некои современи семејства преовладува атмосфера на ладни односи меѓу родителите и децата.

Целината на наведените промени на животот и однесувањето на децата и младите со сета своја комплексност притискаат и на организациската поставеност на училиштата, на односите наставник-ученик, на авторитетот на наставниците и сл. Во оваа смисла лебди и прашањето уште колку ќе се задржи традиционалниот модел на организација на училиштата, кој опстојува уште од периодот на Коменски.

Губејќи ја својата моќ над децата и младите во семејството, родителите се повеќе се свртуваат кон училиштето. Тие се се покритични кон училиштето и наставниците. Се чини дека училиштето се обележува со етикетата "единствен кривец" за сето она што го означуваме како отстапување од позитивното однесување на децата.

Потребата од интензивирање на воспитната работа во нашето современо училиште може да се разгледува од повеќе аспекти, а пред се, од аспектот на развојот на личноста на ученикот и од аспектот на потребите на општеството. (Костова, 2012)

Меѓутоа, мораме да нагласиме дека воспитните проблеми кај младите денес имаат своја основа и во ново настанатата општествена клима, во услови на т.н. морална и вредносна криза. Имено, сведоци сме на ситуација кога цел еден систем на вредности кои важеа во претходниот општествен систем го губат своето значење, а дури и после дваесет години градење на новиот општествен систем не е конституиран нов систем на вредности. Меѓутоа, тоа пак не значи дека не постојат такви вредности кои имаат траен карактер (на пр. чесноста, поштеноста, слободата, трудољубивоста и сл.) и кои треба да ја чинат основата на моралноста на еден човек.

Некаде при крајот на нашето разгледување на проблемот на остварувањето на воспитната функција на современото училиште сакаме да истакнеме дека ситуацијата на занемарена воспитна функција на современото училиште има свои корени и во недореченостите во теоријата на педагошката наука.

Во центарот на сите настојувања е воспоставувањето на воспитен систем во училиштето. Таквиот систем по својата суштина значи комплекс на мерки кои едно училиште ги превзема со цел да ги воспита своите ученици, или, поточно, со цел за целосен и автентичен развој со посебна нагласка на развојот на општествено-моралните динензии на личноста на учениците. (Костова, 2012)

# 4. НАСИЛСТВОТО КАКО ФЕНОМЕН НА ОПШТЕСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА

Криминалот и тероризмот, неоправданата агресија и насилството, физичкиот, интелектуалниот и психолошкиот притисок, употребата на сила за решавање на социјалните, политичките и економските противречности се јавуваат во различен степен во сите општества, без оглед на нивниот социо-политички систем и нивото на економски развој. Спречувањето на насилството претставува една од најважните задачи на социјалната пракса.

Развојот и имплементацијата на ефикасен систем за превенција на насилството во општеството бара сеопфатни интер-дисциплинарни истражувања насочени кон идентификување на механизмите за репродукција на насилството во секојдневниот живот и општествените практики. Во овој поглед, се нагласува важноста од изнаоѓање на теоретски модел способен да биде теоретска и методолошка основа на тие истражувања.

Итноста на проучување на насилството предизвикана е не само од страна на егзистирачкиот социјален проблем, но и од присуството на значајни контроверзи во перцепцијата на оваа појава.

Традиционално, насилството се гледа како ограничување на слободата (во филозофијата) или деструктивна сила (во психологијата).

Кај различни автори кои се занимаваат со определувањето на поимот насилство среќаваме различни дефиниции. Меѓутоа, главно, на насилството се гледа како на средство и начин за "уништување" на социјаленот простор со постапки на поединците и општеството. (Tevlyukova, 2005)

Ваквиот пристап ја поврзува социолошката анализа на насилството со не организираноста на општеството како целина и неговите поединечни сектори што ни овозможува да ги изучуваме не само интерперсоналните и групни форми на насилство туку и социјалното насилство кое е вклучено во политичките, економските, социјалните и социо-културните подсистеми на општеството.

Противречноста помеѓу потребата од анализа на насилството во неговата целосност како појава на општествената организација и недостатокот на теоретски и методолошки основи на оваа анализа е посебно значајно прашање.

Во домашната, а посебно во странската литература, постојат голем број на трудови посветени на анализата на поединечните аспекти на проблемот на насилство. Проблемот на општествениот поредок врз основа на контрола и принуда, во некои

аспекти е сличен на проблемот на легитимното насилство. Таков го среќаваме во делата на Хегел, Диркем, Илин, Медовина, Парсонс, Попер, Сен-Симон, Фуко, Швајцер итн. (Tevlyukova, 2005)

Анализа за насилство во контекст на власта вршена е од страна на М. Вебер, Р. Дал, Х. Лухман, В. Милс, С. Попова, А. Тофлер.

Политичкото насилство како инструмент за управување и начин на борба за моќ го разработуваат: Бакунина, Гусеинов, Кистиаковски, Кропоткин, Ленин, Макијавели, Маркс, Жан Сорел и т.н.

Модерната интерпретација на политичко насилство се развива во согласност со социологијата на конфликти (Дарендорф, Галтунг, Косе, Рајт, Смелсер, Хантингтон, Дмитриев, Здравомислов, Скакунов и т.н.)

Насилството како социо-историска категорија генерирано од страна на социјалните (особено економски) услови на општеството, претставена е во делата на: Горинин, Денисов, Киријев, Китаев, Липатов, Перерва, Позоева и т.н.

Третман на насилството како агресивно однесување во природната и општествената средина типичен е за: Yemelyanova, Лоренц и Спенсер.

Социјалните и психолошките аспекти на агресијата и насилството се откриваат во делата на: Барон, Маркузе, Мау, Ричардсон, Фројд и Фром.

Во една студија за механизмот на производство на насилството група автори привлекоа внимание на регулаторниот и културниот контекст на општествената акција и интеракцијата на социјалното поле со реалноста на други области- политичката (Bourdieu) и социо-културолошката (Bashkatov).

Водечката улога на социо-културните фактори во појавата на насилството објаснета е од страна на: Жирар, Парсонс, Ибрагимов, Кугаива и т.н.
(превземено од Tevlyukova, 2005)

Моралните основи на насилство ги истражуваат: Апресианов, Хусеинов, Назаретианов, Шарп и т.н. што доведе до теоријата и практиката на не насилност и борба за граѓански права како алтернатива на насилството и не толеранцијата.

Процесот на репродукција на насилство за време на изградбата на социјалната реалност врз основа на постоечките социјални практики и структури го анализираат Бергер, Лукман и Шутз. (превземено од Tevlyukova, 2005)

Новиот пристап кон анализа на генезата и репродукцијата на насилство, која е базирана на интеграцијата и комуникациската теорија, е претставена во делата на Бекер и Хабермас. (ibid)

Во современата социологија предмет на анализа се следниве форми на насилство:

- воено насилство;
- тероризам;
- семејно насилство; и
- кривични форми на насилство (Tevlyukova, 2005)

Теоретските концепти на насилство се различни и од методолошки аспект. Тие се делат на три групи на студии и прават три основни парадигми на современата социологија:

1. такви кои се однесуваат на систематскиот и методолошкиотот пристап (структурен и динамичен);
2. такви кои припаѓаат на различни парадигми; и
3. такви кои се направени со обединувачки: мета-парадигми.

Првата група вклучува студии кои се однесуваат на феноменот на насилството од аспект на позитивистичкиот објективизам. Овој пристап им овозможува на авторите да се разгледува општеството како тоталитет (општествениот систем) и насилството како дел од неговата структура.

Меѓу претставниците на овој пристап се: Бекер, Галтунг, Дал, Лухман, Маркс, Хантингтон, и т.н. (ibid)

Анализата на насилството од објективистички позиции е карактеристика на руската општествена мисла (Булгаков, Илин, Кропоткин, Новгородтсев, Плеханов, и т.н.) и Советските општествените науки (Денисов, Киреев, Кина, Перерва и т.н.)

20. Да се испита дали постојат разлики во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози по прашањето дали постои доволна стручна литература, емисии на ТВ, информации на интернет кои им помагаат во решавањето на насилството во училиштето.

21. Да се испита дали директорите на училиштата имаат изготвено посебна програма за превенција, спречување и разрешување на насилството во училиштето.

22. Да се испитаат мислењата на училишните педагози и училишните психолози дали во училиштето постои поебна програма за решавање на проблемите на насилството.

23. Да се испита дали директорите, училишните педагози и училишните психолози имаат посебна документација во која ги евидентираат проблемите на насилството во училиштето, или проблемите на насилството ги евидентираат во некоја друга општа документација.

24. Да се испита дали постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози за постоење на посебна документација за водење на проблемите на насилство во училиштето.

25. Да се испита дали директорите на средните училишта соработуваат со семејствата кои покажуваат насилничко однесување во училиштето.

26. Да се испита дали постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози дали училиштето соработува со семејствата на децата кои покажуваат насилничко однесување во училиштето.

27. Да се испита дали директорите на училиштата соработуваат со посебни институции чија дејност е превенцијта, спречувањето и разрешувањето на насилничкото однесување на учениците.

28. Да се испита дали училишните педагози и училишните психолози соработуваат со посебните инститиции чија дејност е решавањето на насилничкото однесување на учениците.

29. Да се испита дали постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози за соработката со посебните институции чија дејност е решавањето на насилничкото однесување на децата и младите.

30. Да се испита дали директорите на средните училишта ги познаваат факторите кои предизвикуваат насилничко однесување на учениците.

31. Да се испита дали училишните педагози и училишните психолози од средните училишта ги познаваат факторите кои условуваат насилничко однесување кај учениците.

32. Да се испита дали постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози по однос на познавањето на факторите кои условуваат насилничко однесување кај учениците.

33. Да се испитаат сознанијта на директорите на средните училишта за тоа кои облици на насилство се присутни во училиштето.

34. Да се испитаат сознанијата на училишните педагози и училишните психолози за тоа кои облици на насилство се присутни во нивното училиште.

35. Да се испита дали постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози по однос на облиците на насилство кои се присутни во нивното училиште.

36. Да се испитаат сознанијата на директорите на средните училишта за тоа каде најчесто учениците се однесуваат насилнички.

37. Да се испита дали постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози од средните училишта за местата каде најчесто учениците насилнички се однесуваат.

38. Да се испита дали директорите на средните училишта им помагат на училишните педагози и психолози во решавањето на проблемите на насилство во училиштата.

39. Да се испита дали постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози по прашањето дали директорите им помагаат на стручните служби во решавањето на проблемите на насилство во училиштето.

40. Да се испитаат мислењата на училишните педагози и училишните психолози по прашањето дали директорите се доволно оспособени за решавање на проблемите на насилство во училиштето.

41. Да се испита дали постои разлика во мслењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози по прашањето дали директорите се оспособени за решавање на проблемите на насилство во училиштето.

42. Да се испита дали и колку училишните педагози и психолози им помагаат на директорите во решавањето на проблемите на насилничко однесување на учениците.

43. Да се испита дали посои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози по прашањето дали педагозите и психолозите на училиштата им помагаат на директорите во превенцијата, спречувањето и разрешувањето на проблемите на насилство во училиштето.

44. Да се испитаат мислењата на директорите за тоа дали училишните педагози и училишните психолози се оспособени за решавање на насилничкото однесување на учениците.

45. Да се испитаат мислењата на директорите за тоа дали училишните педагози и психолози покажуваат интерес за решавање на проблемите на насилничкото однесување на учениците.

46. Да се испита дали постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и психолози дали педагозите и психолозите покажуваат интерес за решавање на насилничкото однесување на учениците.

# 4. ХИПОТЕЗИ

## 4.1. Главна хипотеза

Менаџерите на средните училишта успешно се справуваат со превенцијата, спречувањето и разрешувањето на насилството во училиштето.

## 4.2.Помошни хипотези

1. За директорите од средните училишта значајно е познавањето на присутноста на насилството во нивното училиште.
2. Постојат разлики во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози од средните училишта за значајноста на познавањето на присуството на насилство во нивното училиште.
3. Вниманието кое директорите на средните училишта го посветуваат на насилничкото однесување на учениците задоволува.
4. Постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози за вниманието кое во училиштето му се посветува на проблемот на насилството.

5. Директорите на средните училишта сметаат дека условите за работа во нивното училиште се добри.

6. Постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози за условите за работа во нивното училиште.

7. Директорите на средните училишта сметаат дека кадровската опременост на нивното училиште е добра.

8. Постојат разлики во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози за кадровската опременост на нивното училиште.

9. Директорите од средните училишта сметаат дека наставниците и другите субјекти во училиштето им придаваат значење на проблемите на насилство во училиштето.

10. Постојат разлики во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози од средните училишта по прашањето дали наставниците и другите субјекти во училиштето им придаваат значење на проблемите на насилство во училиштето.

11. Директорите на средните училишта смтаат дека наставниците одговорно им приоѓаат на проблемите на насилство во училиштето.

12. Постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози од средните училишта за тоа дали наставниците одговорно им приоѓаат на проблемите на насилство во училиштето.

13. Учениците покажуваат доволна мотивација за решавање на проблемот на насилство во училиштето.

14. Постојат разлики во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози по прашањето дали учениците се мотивирани за решавање на насилството во училиштето.

15. Директорите на средните училишта се оспособени за превенција, спречување и разрешување на насилството во училиштето.

16. Постојат разлики во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози дека директорите се оспособени за превенција, спречување и разрешување на насилството во училиштето.

17. Сознанијата и компетенциите кои ги добиле директорите во своето школување на факултетите кои ги студирале се во функција на нивните настојувања во решавањето на проблемите на насилство во училиштето.

18. Постојат разлики во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози по тоа дека сознанијата кои ги добиле на факултетите на кои студирале им помагаат во решавањето на насилството во училиштето.

19. Постои довола стручна литература, емисии на ТВ, информации на интернет и сл. кои им помагаат на директор, училишните педагози и училишните психолози на средните училишта за решавање на проблемите на насилството во училиштето.

20. Постојат разлики во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози по прашањето дали постои доволно стручна литература, емисии на ТВ, информации на интернет кои им помагаат во решавањето на насилството во училиштето.

21. Посебните програми кои директорите на средните училишта ги изготвуваат се во функција на превенцијата, спречувањето и разрешувањето на насилството во училиштето.

22. Училишните педагози и училишните психолози тврдат дека во училиштето постои посебна програма за решавање на проблемите на насилството.

23. Документација во која директорите, училишните педагози и училишните психолози ги евидентираат проблемите на насилството во училиштето имаат посебно значење за успешна превенција, спречување и разешување на насилството во училиштето.

24. Евидентирато на насилвото од страна на директорите, училишните педагози и училишните психолози во друга општа документација ја отежнува работата на решаваето на насилството во училиштето.

25. Постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози за постоењето на посебна документација за водење на проблемите на насилство во училиштето.

26. Соработката на директорите на средните училишта со семејствата на децата кои покажуваат насилничко однесување во училиштето е во фукција на поефикаснато решавање на насилството во училиштето.

27. Постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози по прашањето дали училиштето соработува со семејствата на децата кои покажуваат насилничко однесување во училиштето.

28. Соработката на директорите на училиштта со посебни институции чија дејност е превенцијата, спречувањето и разрешувањето на насилничкото однесување на учениците е значајна претпоставка за успешно ешавање на насилствоо во училиштето.

29. Училишните педагози и училишните психолози соработуваат со посебните институции чија дејност е решавањето на насилничкото однесување на учениците.

30. Постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози за нивната соработка со посебните институции чија дејност е решавањето на насилничкото однесување на децата и младите.

31. За успешно решавање на насилството во училиштето директорите, училишните педагози и училишните психолози на средните училишта треба да ги познаваат факторите кои предизвикуваат насилничко однесување на учениците.

32. Постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози по однос на познавањето на факторите кои условуваат насилничко однесување кај учениците.

33. Директорите на средните училишта имаат сознанија за облиците на насилство кои се присутни во училиштето.

34. Училишните педагози и училишните психолози треба да ги познаваат облиците на насилство кои се присутни во нивното училиште за успешно решавање на насилството во него.

35. Постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози по однос на облиците на насилство кои се присутни во нивното училиште.

36. Постои потреба директорите на средните училишта да ги познават местата каде најчесто учениците насилнички се однесуваат.

37. Постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози од средните училишта за местата каде најчесто учениците насилнички се однесуваат.

38. Директорите на средните училишта и училишните педагози и пихолози соработуваат во функција на решавањето на проблемите на насилство во училиштата.

39. Постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози по прашањето дали директорите им помагаат на стручните служби во решавањето на проблемите на насилство во училиштето.

40. Училишните педагози и училишните психолози сметаат дека директорите се доволно оспособени за решавање на проблемите на насилство во училиштето.

41. Постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози по прашањето дали директорите се оспособени за решавање на проблемите на насилство во училиштето.

42. Постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози по прашањето дали педагозите и психолозите им помагаат на директорите во превенцијата, спречувањето и разрешувањето на проблемите на насилство во училиштето.

43. Директорите сметаат дека училишните педагози и психолози покажуваат интерес за решавање на проблемите на насилничкото однесување на учениците.

44. Постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и психолози дали педагозите и психолозите покажуваат интерес за решавање на насилничкото однесување на учениците.

## 5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Независни варијабли во ова истражување се:

- оспособеноста на директорите за превенција, спречување и разрешување на насилството во училиштето;
- оспособеноста на педагозите за превенција, спречување и разрешување на насилството во училиштето;
- оспособеноста на психолозите за превенција, спречување и разрешување на насилството во училиштето;
- условите за работа во средните училишта;
- програмските барања за превенција, спречување и разрешување на насилството во училиштето;

Зависни варијабли:

- ставовите и мислењата на директорите од средните училишта за начините на решавање на проблемите на насилството во училиштето;
- ставовите и мислењата на педагозите од средните училишта за начините на решавање на проблемите на насилството во училиштето;
- ставовите и мислењата на психолозите од средните училишта за начините на решавање на проблемите на насилството во училиштето ;

Во некои случаи независните варијали се јавуваат како зависни варијабли.

## 6. КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Проблемот кој е предмет на нашето истрашвање е доста актуелен, но малку истражуван во нашата педагошка теорија.

Така како што е поставен, предметот на истражувањето е единствен и комплексен. Неговото значење и оправданост произлегуваат од сознанијата на бројни странски истражувања дека менаџерот на училиштето има значајна улога во обезбедувањето на безбедна училишна средина и решавањето на проблемот на насилството во училиштето.

Во оваа смисла нашето истражување во фокусот ги има прашањата дали и колку директорот на училиштето работи на проблемите на превенција, спречување и разрешување на насилничкото однесување на учениците.

Истражувањето го вршевме на популација на средните училишта во Република Македонија. При тоа, во примерокот на истражувањето вклучивме средни училишта, по случаен избор, од западниот, централниот и источниот регион на Републиката. На тој начин избравме 40 средни училишта од нашата земја.

Примерокот на истражување, според предметот и целта која ја поставивме го сочинуваат директорите од избраните училишта.

Меѓутоа, со намера поблиску и поточно да ги објасниме прашањата кои станаа предмет на нашето истражување во него ги вклучивме и училишните педагози и училишните психолози од избраните училишта.

На овој начин добивме можност за споредба на одговорите кои ги добивме од директорите на средните училишта со одговорите кои ги добивме од училишните педагози и училишните психолози.

Истражувањето го поставивме како квантитативно-квалитативно истражување.

За таа цел направивме и врзано интервју со наставници од две училишта, со тоа што ги интервјиравме класните раководители од првите, вторите, третите и четвртите класови од избраните училишта за овој примерок.

Со интервјуто поблиску ги разјаснивме прашањата кои ги поставивме во анкетирањето, но додадовме и нови прашања кои не се директно испитани во анкетирањето.

# 7. ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Примерокот на истражувањето го избравме фазно.

Најпрво од популацијата средни училишта во Република Македонија, по случаен избор, избравме 40 средни училишта. При тоа водевме сметка во примерокот да бидат застапени училишта од западниот, централниот и источниот регион на Република Македонија.

Во втората фаза го избравме примерокот на директори и училишни педагози и психолози. Поаѓајќи од застапеноста на овие кадри во училиштата во примерокот ги вклучивме сите директори и училишни педагози и психолози од избраните училишта.

**Табела 1. Основна структура на примерокот на средни училишта и директори, педагози и психолози кои работат во средните училишта**

| Средни училишта | | | Број на анкетирани испитаници | | |
|---|---|---|---|---|---|
| бр. | Име на средното училиште | Град | Директори | Педагози | Психолози |
| 1 | ДМУ „Тоше Проески“ | Битола | 1 | 1 | 1 |
| 2 | СОУГ „Јосип Броз- Тито“ | Битола | 1 | 1 | 1 |
| 3 | СОЗУ „Кузман Шапкарев“ | Битола | 1 | 1 | 1 |
| 4 | ОСУ „Јовче Тесличков“ | Велес | 1 | 1 | 1 |
| 5 | УСО „Коле Неделковски“ | Велес | 1 | 1 | 1 |
| 6 | ОСТУ – Гостивар | Гостивар | 1 | 1 | 1 |
| 7 | СЕОУ –Гостивар | Гостивар | 1 | 1 | 1 |
| 8 | СЕОУ –Гостивар | Гостивар | 1 | 1 | 1 |
| 9 | ОСУ „Мирко Милески“ | Кичево | 1 | 1 | 1 |
| 10 | ОСУ „Дрита“ | Кичево | 1 | 1 | 1 |
| 11 | СОУ „Ѓорче Петров“ | Крива Паланка | 1 | 1 | 1 |
| 12 | СОУ „Наум Наумовски- Борче“ | Крушево | 1 | 1 | 1 |
| 13 | СОУ „Сами Фрашери“ | Куманово | 1 | 1 | 1 |
| 14 | ОСТУ „Наце Буѓони“ | Куманово | 1 | 1 | 1 |
| 15 | СОУ “Перо Наков“ | Куманово | 1 | 1 | 1 |
| 16 | СОУ „Исмет Јашари“ | Липково | 1 | 1 | 1 |
| 17 | СОУ „Ванчо Питошевски“ | Охрид | 1 | 1 | 1 |
| 18 | СОУ „Св. Климент Охридски“ | Охрид | 1 | 1 | 1 |
| 19 | СОЕПТУ „Кузман Јосифоски- Питу“ | Прилеп | 1 | 1 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 20 | СОУ „Орде Чопела“ | Прилеп | 1 | 1 | 1 |
| 21 | СОУ „Ѓорче Петров“ | Прилеп | 1 | 1 | 1 |
| 22 | СОУ „Цар Самоил“ | Ресен | 1 | 1 | 1 |
| 23 | СОУ „Здравко Цветковски“ | Скопје | 1 | 1 | 1 |
| 24 | СУГС „Панче Арсовски“ | Скопје | 1 | 1 | 1 |
| 25 | СУГС „Арсени Јовков“ | Скопје | 1 | 1 | 1 |
| 26 | СУГС „Димитар Влахов“ | Скопје | 1 | 1 | 1 |
| 27 | СУГС „8 Септември“ | Скопје | 1 | 1 | 1 |
| 28 | СУГС „Никола Карев“ | Скопје | 1 | 1 | 1 |
| 29 | СУГС „Кочо Рацин“ | Скопје | 1 | 1 | 1 |
| 30 | СУГС „Зефљуш Марку“ | Скопје | 1 | 1 | 1 |
| 31 | СОУ „Јосип Броз Тито“ | Скопје | 1 | 1 | 1 |
| 32 | СОУ „Илија Николовски Луј“ | Скопје | 1 | 1 | 1 |
| 33 | СУГС „Георги Димитров“ | Скопје | 1 | 1 | 1 |
| 34 | СОУ „Никола Карев“ | Струмица | 1 | 1 | 1 |
| 35 | СОУ „Јане Сандански“ | Струмица | 1 | 1 | 1 |
| 36 | СОУ „Кирил Пејчиновиќ“ | Тетово | 1 | 1 | 1 |
| 37 | СОУ „Моша Пијаде“ | Тетово | 1 | 1 | 1 |
| 38 | СОУ „Гоце Стојчевски“ | Тетово | 1 | 1 | 1 |
| 39 | СОУ „Јане Сандански“ | Штип | 1 | 1 | 1 |
| 40 | СОУ „Коле Нехтенин“ | Штип | 1 | 1 | 1 |
| | | **Вкупно** | **40** | **40** | **40** |

Посебно го избравме примерокот за слободното интервју. Поради карактерот на истражувањето во интервјуто вклучивме испитаници од две средни училишта (класни раководители).

Примерокот на класните раководители кои ги интервјуиравме ги избравме така што вклучивме по еден класен раководител од првите, вторите, третите и четвртите класови на избраните училишта (СЕОУ –Гостивар и ОСТУ – Гостивар).

## 8. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предметот на истражувањето: улогата на директорите во превенцијата, спречувањето и разрешувањето на насилството во средните училишта во Република Македонија има карактер на емпириско истражување од аналитичко- дескриптивен карактер. Во истражувањето се применети техниките: анкетирање, скалирање и анализа на содржина.

Директорите, педагозите и психолозите кои работат во овие средни училишта кои ги вклучивме во примерокот на истражувањето ги анкетиравме со соодветно дизајниран анкетен лист- скалер.

Прашањата во анкетниот лист ги поделивме во три групи.

Со првата група на прашања сакавме да добиеме општи податоци за името на училиштето, градот во кој работи, образовното ниво на испитаниците, стажот поминат на работа во училиштето и нивниот образовен профил.

Втората група на прашања ја насочивме кон добивање на условите во кои работат избраните училишта. Посебен акцент ставивме на оние услови кои играат значајна улога во превенцијата, спречувањето и разрешувањето на насилството во средните училишта.

Третата група на прашања имаше за цел да ни открие како директорот со своите активности помага во превенцијата, спречувањето и разрешувањето на насилството во средните училишта.

Наведените групи на прашања не се избрани случајно, туку тие директно одговараат на предметот, целта и задачите на нашето истражување и беа насочени кон добивање на одговори кои помогнаа во докажувањето или отфрлањето на претходно поставените хипотези.

## 9. СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

Статистичката обработка на податоците е квантитативна и квалитативна, имаме табеларно и графичко претставување на податоците, пресметување на фреквенција, процент и мод, а исто така направивме и квалитативна анализа на податоците од врзаното интервју.

Во функција на дескрипција на поедините варијабли пресметавме аритметичка вредност и одредивме ранг. За утврдување на степенот на поврзаност меѓу варијаблите го користевме коефициентот на контингенција.

Заради тестирање на хипотезите по однос на степенот на значајноста на разликите пресметувавме хи-квадрат тест.

# ТРЕТ ДЕЛ

# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 1. МИСЛЕЊА И СТАВОВИ НА ДИРЕКТОРИТЕ ЗА ЗНАЧЕЊЕТО И ВНИМАНИЕТО КОЕ МУ СЕ ПРИДАВА НА ПРОБЛЕМОТ НА НАСИЛСТВО, УЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО УЧИЛИШТЕТО И МОТИВИРАНОСТА НА НАСТАВНИЦИТЕ И УЧЕНИЦИТЕ ЗА РЕШАВАЊЕ НА ОВОЈ ПРОБЛЕМ

Истражувањето со кое сакавме да утврдиме колку и како директорите на средните училишта во Република Македонија своите активности ги насочуваат кон превенцијата, спречувањето и разрешувањето на проблемот на насилство во училиштата го поставивме така што за секоја хипотеза поставивме по неколку прашања кои се однесуваат на еден дел од проблемот на насилство.

Во тој контекст и анализата ќе ја вршиме според групата на прашања кои одговараат на една соодветна хипотеза.

Во првата група прашањата не се поврзани и затоа секое прашање ќе го анализираме посебно и за секое ќе тестираме хипотеза која за него ја поставивме.

## 1.1. Значењето кое директорите на средните училишта му го придаваат на познавањето на проблемите на ученичкото насилство

Најпрво ги прашавме директорите на училиштата и училишните педагози и психолози да дадат свое мислење за тоа дали познавањто на проблемот на насилството во училиштето го сметат за проблем кој има посебно значење.

**Табела 2. Познавањето на проблемот на насилството во училиштето е значајно за Вашата работа**

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 38 | 95,00 | 37 | 92,50 | 37 | 92,50 | 112 | 93,33 |
| делумно се согласувам | 1 | 2,50 | 2 | 5,00 | 1 | 2,50 | 4 | 3,33 |
| воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 | 1 | 2,50 | 2 | 5,00 | 4 | 3,33 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi2=1,02$ | df=4 | P>0,05 |

Одговорите дадени во Табела 2 покажуваат дека 95 проценти од директорите во испитуваните средни училишта сметаат дека познавањето на насилството во

училиштето од аспект на неговата обемност, зачестеност и интензитет се од големо значење за нив.

Слични се и одговорите кои ги дадоа училишните педагози со одговори од 92% во категоријата потполно се согласувам и тврдењата на училишните психолози со ист процен потполно се согласувам (92%).

Самиот увид на добиените резултати и пресметаниот хи- квадрат тест со вредност од 1,02 за df=4 на ниво од 0,05 не уверуваат дека не постои статистички значајна разлика во одговорите на трите категории испитаници.

*****

Добиените резултати ја потврдуваат хипотезата дека директорите на средните училишта му придаваат доволно значење на познавањето на проблемот на насилство во училиштето.

Добиената вредност на хи- квадрат тестот ја отфрла хипотезата дека: постои разлика во мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози по прашањето за значајноста на познавањето на насилството во училиштето.

## 1.2. Вниманието кое директорите на средните училишта им го посветуваат на проблемите на насилство во училиштето

Со прашањето кое е анализирано во Табела 3 се обидовме преку понуденото тврдење „Во Вашето училиште се поветува внимание на проблемот на насилството" да откриеме колку директорите, училишните педагози и училишните психолози се согласуваат со него.

**Табела 3. Во Вашето училиште се посветува внимание на насилничкото однесување на учениците**

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 36 | 90,00 | 34 | 85,00 | 34 | 85,00 | 104 | 86,67 |
| делумно се согласувам | 3 | 7,50 | 5 | 12,50 | 5 | 12,50 | 13 | 10,83 |
| воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 | 1 | 2,50 | 1 | 2,50 | 3 | 2,50 |
| **ВКУПНО** | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi 2=0,69$ | df=4 | P>0,05 |

Добиените резултати покажуваат висок степен на согласност со поставеното тврдење. Така 90% директори ја одбраа категоријата потполно се согласува. Истата категорија ја избраа и 85% училишни педагози и 85% училишни психолози.

. . .

Резултатите ја потврдуваат поставената хипотеза дека во учииштето се посветува доволно внимание на проблемот на насилството.

Пресметаниот хи-квадрат тест со вредност од 0,69 за df=4 ја отфрла поставената хипотеза дека постои разлика во мислењата на директорите на училиштата, училишните педагози и учиишните психолози по прашањето за вниманието кое во училиштето му се посветува на проблемот на насилство во него.

### 1.3. Услови за работа во училиштето

Со наредните прашања сакавме да го испитаме мислењето на директорите за условите за работа во нивното училиште.

**Табела 4. Условите за работа на училиштето се добри**

| Одговори на испитаниците | Директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 20 | 50,00 | 26 | 65,00 | 27 | 67,50 | 73 | 60,83 |
| делумно се согласувам | 19 | 47,50 | 12 | 30,00 | 12 | 30,00 | 43 | 35,83 |
| воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 | 2 | 5,00 | 1 | 2,50 | 4 | 3,33 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi2=3,96$ | df=4 | P>0,05 |

Директорите на средните училишта изненадија со прифаќањето на категоријата потполно се согласувам (50%) и делумно се согласувам 47,5 проценти.

Значи ова тврдење е прифатено со половина проценти потполно се согласувам и блиску до половина делумно се согласувам, а само 2,5 проценти воопшто не се согласија со тоа дека условите за работа во училиштата се добри.

Приближни се и резултатите кои ги добивме од училишните педагози и психолози кои со понуденото тврдење се согласија во 65% и 67%, а со 30 проценти ја избраа категоријата делумно се согласувам. Само 5% од училишните педагози и 2,5% од училишните психолози потполно не се согласуваат со тоа дека условите за работа во нивното училиште се добри.

Пресметаниот хи-квадрат тест е 3,96 за df=4, што значи дека не постои статистички значајна разлика меѓу мислењата на директорите и педагозите и психолозите на училиштата.

*****

Добиените резултати покажаа дека се потврдува хипотезата според која директорите на училиштата сметаат дека условите за работа во училиштето се добри.

На прашањето, како и во сите други прашања, одговор дадоа и педагозите и психолозите на училиштата.

Хи-квадрат тестот со добиениот резултат ја отфрли хипотезата дека постои разлика меѓу мислењата на директорите, педагозите и психолозите на средните училишта во мислењето дека условите за работа во училиштето се добри.

## 1.4. Просторни услови на училиштето

Во склопот на мислења кои сакавме да ги добиеме од трите категории на испитаници е и она кое се однесува на просторните услови во училиштето.

**Табела 5. Просторните услови задоволуваат**

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | Психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 19 | 47,50 | 21 | 52,50 | 22 | 55,00 | 62 | 51,67 |
| делумно се согласувам | 20 | 50,00 | 16 | 40,00 | 16 | 40,00 | 52 | 43,33 |
| воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 | 3 | 7,50 | 2 | 5,00 | 6 | 5,00 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi2=1,84$ | df=4 | $P>0,05$ |

Го поставивме тврдењето дека просторните услови во училиштето задоволуваат. Скоро половината (47,5%) директори ја избраа категоријата потполно се согласувам, а 50% ја избраа категоријата делумно се согласувам.

Училишните педагози и психолози го потврдија мислењето на директорите. Така 52,5 проценти педагози потполно се согласија со тврдењето, а 40% од нив делумно се согласија. Училишните психолози со процент од 55% потполно се согласија, 40% делумно се согласија со поставеното тврдење.

Најмал е процентот (2,5%) на директори кои воопшто не се согласија со поставеното тврдење, 7,5% педагози и 5% психолози го избраа истото тврдење.

Вредноста на пресметаниот хи-квадрат тест е 1,84 за df=4 и покажува дека не постои статистички значајна разлика во мислењата на директорите, педагозите и психолозите за тоа дали просторните услови на училиштето задоволуваат.

*****

Оттука, иако со мала претпазливост ја потврдуваме поставената хипотеза според која просторните услови на средните училишта во Републикава во доволна мера ги задоволуваат бараните стандарди.

Добиените резултати ја отврлија хипотезата според која тврдевме дека постои разлика во одговорите на директорите, педагозите и психолозите на средните училишта дека просторните услови на училиштето задоволуваат бараните стандарди.

### 1.5. Кадровска опременост на училиштето

Во првата група на тврдења претпоставивме дека кадровската опременост на училиштата задоволува. И по ова прашање повеќе од половината од сите категории испитаници потполно се согласија со тврдењето (60% директори, 67% училишни педагози и 70% училишни психолози).

Табела 6. Кадровската опременост на училиштето е добра

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 24 | 60,00 | 27 | 67,50 | 28 | 70,00 | 79 | 65,83 |
| делумно се согласувам | 15 | 37,50 | 11 | 27,50 | 11 | 27,50 | 37 | 30,83 |
| воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 | 2 | 5,00 | 1 | 2,50 | 4 | 3,33 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi2=1,67$ | df=4 | P>0,05 |

Делумно се согласија 37,5% директори, 27,5% педагози и 27,5% психолози. И по ова тврдење мал е бројот на испитаници кои потполно не се согласија со него (2,5% директори, 5% педагози и 2,5% психолози).

*****

Уште еднаш ни се повторува ситуацијата да се потврди хипотезата дека кадровските услови на училиштата ги задоволуваат барањата и се отфрла хипотезата дека постои разлика во мислењата на трите категории испитаници со која претпоставивме дека кадровските услови на средните училишта задоволуваат барањата.

## 1.6. Вниманието кое наставниците му го придаваат на ученичкото насилство

Понатаму ги испитавме директорите за нивните мислења по однос на тоа дали наставниците на средните училшта одговорно му приоѓат на проблемот на насилството во училиштето.

Табела 7. Наставниците одговорно му приоѓаат на проблемот на насилството во училиштето

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 26 | 65,00 | 23 | 57,50 | 27 | 67,50 | 76 | 63,33 |
| делумно се согласувам | 13 | 32,50 | 14 | 35,00 | 12 | 30,00 | 39 | 32,50 |
| воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 | 3 | 7,50 | 1 | 2,50 | 5 | 4,17 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |

| | | |
|---|---|---|
| $\chi2=2,01$ | df=4 | P>0,05 |

На поставеното тврдење дека наставниците одговорно му приоѓаат на проблемот на насилство во училиштето 65% директори одоворија со потполно се согласувам, 32,5% со делумно се согласувам. Бројот на директорите кои воопшто не го прифатија поставеното тврдење е само 2,5%.

*****

Оттука заклучуваме дека најголемиот број на директори им веруваат на наставниците и сметаат дека тие одговорно се однесуваат кон проблемот на насилство во училиштето.

Резултатите добиени од директорите ги проверивме со мислењата на педагозите и психолозите на училиштата. И нивните мислења со над половина проценти се дека потполно се согласуваат со поставеното тврдење. (57,5% педагози и 67,5% психолози).

Скоро идентични се одговорите дадени како „делумно се согласувам" на директорите, педагозите и психолозите (35,5% директори, 35% педагози и 30% психолози).

Од 2,5% на директорите и психолозите на училиштата, поголем е процентот на педагозите на средните училишта со 7,5% испитаници кои воопшто не се согласија со понуденото тврдење.

*****

Наведените резултати покажуваат дека педагозите на средните училишта имаат помала доверба во наставниците.

Високиот процент на испитаници со одговори од првата категорија не наведуваат на заклучокот да ја потврдиме хипотезата според која наставниците одговорно му приоѓаат на проблемот на насилството во училиштето.

## 1.7. Значењето кое им се придава на задачите и активностите кои се однесуваат на насилството во училиштето

Ги испитавме и мислењата на директорите за значењето кое му го придаваат на проблемот на насилството во училиштето.

Табела 8. Вие им придавате значење на задачите кои се однесуваат на прашањето на насилство во училиштето

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 35 | 87,50 | 37 | 92,50 | 37 | 92,50 | 109 | 90,83 |
| делумно се согласувам | 4 | 10,00 | 2 | 5,00 | 2 | 5,00 | 8 | 6,67 |
| воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 | 1 | 2,50 | 1 | 2,50 | 3 | 2,50 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi 2=1,08$ | df=4 | P>0,05 |

Доста висок процент директори ја одбраа категоријата потполно се согласувам (87,50%), 10% одговорија со делумно се согласувам, а само 2,5 проценти од директорите воопшто не се согласуваат со понуденото тврдење.

Слични се и мислењта на педагозите и психолозите со одговори од 92,5% потполно се согласувам, само 5% делумно се согласувам и 2,5% со воопшто не се согласувам.

*****

Оттука, со голема веројатност ја потврдуваме поставената хипотеза дека директорите на средните училишта им придаваат доволно значење на задачите кои се однесуваат на прашањето на насилството во училиштата.

Пресметаниот хи-квадрат тест со вредност од 1,08 за df=4 ја побива хипотезата според која постои разлика во мислењата на директорите, педагозите и психолозите во училиштето за значењето кое директорите на средните училишта им го придаваат на задачите за решавање на проблемите на насилство во училиштето.

## 1.8. Значењето кое наставниците и другите субјекти во училиштето му го придаваат на решавањето на проблемот на насилство во училиштето

Дека наставниците и другите субјекти во училиштето му придаваат големо значење на проблемот на насилството потврдија директорите со изборот на категоријата потполно се согласувам со 65% и 32,5% со делумно се согласувам, а само 2,5% воопшто не се согласуваат.

**Табела 9. Наставниците и другите субјекти во училиштето му придаваат големо значење на проблемот на насилството**

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | F | % | f | % |
| Потполно се согласувам | 26 | 65,00 | 19 | 47,50 | 18 | 45,00 | 63 | 52,50 |
| делумно се согласувам | 13 | 32,50 | 19 | 47,50 | 21 | 52,50 | 53 | 44,17 |
| воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 | 2 | 5,00 | 1 | 2,50 | 4 | 3,33 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi2=4{,}27$ | df=4 | P>0,05 |

Потполно се согласуваат со тоа дека наставниците и другите субјекти во училиштето му придаваат големо значење на проблемот на насилството 47,5% педагози и 45% психолози. Меѓутоа половината од овие испитаници делумно се согласија со поставеното тврдење (47,5% педагози и 52,5% психолози и само 5% педагози и 2,5% психолози воопшто не се согласија со ова тврдење).

*****

Со мала колебливост ја потврдуваме хипотзата дека наставниците и другите субјекти во училиштето му придаваат доволно значење на проблемот на насилството.

Меѓутоа, резултатите не упатија на тоа да ја отфрлиме хипотезата дека постои разлика во одговорите на директорите, педагозите и психолозите по прашањето за значајноста која наставниците му ја придаваат на проблемот на насилството.

## 1.9. Мотивираноста на учениците за решавање на насилничкото однесување во училиштето

Последно прашање од првата група на општи прашања беше тврдењето дека учениците се доволно мотиврранин за решавање на проблемот на насилничкото однесување на учениците.

**Табела 10. Учениците се мотивирани за решавање на проблемите на насилничко однесување**

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | F | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 22 | 55,00 | 12 | 30,00 | 15 | 37,50 | 49 | 40,83 |
| делумно се согласувам | 17 | 42,50 | 19 | 47,50 | 21 | 52,50 | 57 | 47,50 |
| воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 | 9 | 22,50 | 4 | 10,00 | 14 | 11,67 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | $\chi 2=10,65$ | df=4 | P<0,05 | C=0,29 |

Најголем е процентот на директорите кои потполно се сложија со поставеното прашање (55%), а педагозите и психолозите ова тврдење го избраа со 30% и 37%. Педагозите се оние кои во најголем процент (22,5%) воопшто не се согласуваат со тврдењето дека учениците се мотивирани за решавање на проблемите на насилничко однесување, а не е занемарлив и процентот на психолозите (10%) кои исто така воопшто не се согласија со тврдењето.

*****

Сепак резултатите со одговори потполно се согласувам и делумно се согласувам упатуваат на заклучокот дека поставената хипотеза дека учениците доволно се мотивирани за решавање на насилничкото однесување во училиштето се потврдува.

Хи-квадрат тестот со вредност 10,65 за степен на слобода 4 покажува статистички значајна разлика во одговорите на ниво на значајност од 0,05, а пресметаниот коефициент на контингенција (C=0,29) укажува на слаба поврзаност меѓу варијаблите, иако е статистички значаен, исто така на ниво од 0,05.

Ваквата вредност на хи-квадрат тестот оди во прилог на потврдување на хипотезата дека постојат разлики во мислењата на директорите, педагозите и

психолозите на средните училиштата за тоа дека учениците се доволно мотивирани за решавање на проблемите на насилничко однесување.

*****

Мислењата од првата група на тврдења кои им ги поставивме на директорите и ги проверивме со мислењата на училишните педагози и психолози се однесуваа на условите за работа на училиштата.

Задоволува фактот кој се потврди со истражувањето дека условите за работа во средните училишта во Република Македонија разгледувани од повеќе аспекти (просторните услови, кадровската опременост, опременоста со наставни средства, условите за работа ) во доволна мера задоволуваат.

Исто така, задоволува и значајноста на вниманието кое му се придава на проблемот на насилството во средните училишта според мислењата на трите категории на испитаници кои понудените тврдења ги потврдија со: потполно се согласувам и делумно се согласувам.

Оваа група на прашања имаа за цел, најпрво да се оцени во какви услови работат училиштата, што е значајно за тоа дали ќе се појави насилство во училиштето, во кои облици, и каков е ставот на директорите како менаџери на училиштата спрема овој горлив проблем и каков е односот на наставниците и учениците кон овој проблем.

# 2. ОСПОСОБЕНОСТА НА ДИРЕКТОРИТЕ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА НАСИЛСТВОТО

## 2.1. Сознанијата и компетенциите кои директорите ги добиле на факултетите на кои студирале се во функција на превенција на насилството во училиштето

Втората група на прашања имаше за цел да открие дали и колку директорите на средните училишта се оспособени за превенција на насилството во училиштето.

Најпрво, им го понудивме тврдењето дека на факултетите на кои студирале се здобиле со способности и компетенции кои се доволни за акција во функција на превенција од насилство во училиштето.

**Табела 11. Сознанијата и способностите кои ги добивме на факултетот се задоволителни за наша акција во функција на превенција на насилството во училиштето**

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 9 | 22,50 | 10 | 25,00 | 19 | 47,50 | 38 | 31,67 |
| делумно се согласувам | 20 | 50,00 | 20 | 50,00 | 19 | 47,50 | 59 | 49,17 |
| воопшто не се согласувам | 11 | 27,50 | 10 | 25,00 | 2 | 5,00 | 23 | 19,17 |
| **ВКУПНО** | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | $\chi2=11,17$ | df=4 | P<0,05 | C=0,29 |

Директорите со 50% делумно се задоволни од сознанијата и способностите кои ги добиле на факултетите, 22,5% сосема се согласуваат со тврдењето, а дури 27,5% воопшто не се задоволни со она што го добиле на факултетите во функција на првенција од насилство во училиштето.

Забележително е тоа што и педагозите во мал процент (26%) се сосема задоволни од сознанијата и компетенциите за превенција од насилство во училиштата, половината од нив (50%) се делумно задоволни, а 25% вопшто не се задоволни. Поголемо задоволство од она што го добиле на факултетите покажуваат психолозите со 47,5% тврдења дека сосема се задоволни и исти толкав процент на делумно задоволни, а само 5% воопшто не се задоволни.

Пресметаниот хи-квадрат тест е 11,17 за степен на слобода 4 и покажува дека постојат статистички значајни разлики на ниво на значајност од 0,05 во одговорите на

испитаниците по однос на ова прашање. Коефициентот на контигенција (C=0.29) укажува на слаба поврзаност помеѓу варијаблите.

## 2.2. Стручната литература, емисиите на ТВ, информациите на интернет, дневниот печат и др.во функција на превенција од насилство

**Табела 12. Постои доволно стручна литература, емисии на ТВ., сознанија на интернет, дневниот печат и сл. кои ни помагаат во превенцијата на насилството во училиштето**

| Одговори на испитаниците | Директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 10 | 25,00 | 13 | 32,50 | 16 | 40,00 | 39 | 32,50 |
| делумно се согласувам | 28 | 70,00 | 20 | 50,00 | 21 | 52,50 | 69 | 57,50 |
| воопшто не се согласувам | 2 | 5,00 | 7 | 17,50 | 3 | 7,50 | 12 | 10,00 |
| **ВКУПНО** | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi2=6,54$ | df=4 | P>0,05 |

На тврдењето дека постои доволно стручна литература, ТВ емисии, сознанија на интернет и дневниот печат 25% директори потполно се согласуваат, 70% делумно се согласуваат, 5% воопшто не се согласуваат.

Од анкетираните педагози 32,5% потполно се согласуваат, 50% делумно се согласуваат, а 17,5% воопшто не се согласуваат со горе поставеото тврдење.

Психолозите повторно изразија поголемо согласување со тврењето кое го тестирамвме, односно, 40% потполно се согласуваат, 52,5% делумно се согласуваат и 7,5% воопшто не се согласуваат.

## 2.3. Обуки, семинари и сл. во функција на оспособување на директорите за превенција на насилството во училиштата

**Табела 13. Неопходно ни е поголемо учество на обуки, семинари и сл. за реализација на задачите за превенција на насилство**

| Одговори на испитаниците | Директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 32 | 80,00 | 28 | 70,00 | 26 | 65,00 | 86 | 71,67 |
| делумно се согласувам | 7 | 17,50 | 11 | 27,50 | 13 | 32,50 | 31 | 25,83 |
| воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 | 1 | 2,50 | 1 | 2,50 | 3 | 2,50 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |

$\chi2=2{,}46$ df=4 P>0,05

На понуденото трдење дека е потребна обука, семинари и слично, кои ќе бидат во функција на нивното оспособување за превенција од насилство голем процент од директорите, педагозите и психолозите сосема се согласуваат со понуденото тврдење.

Дури 80% од директорите потполно се согласуваат со горе наведеното тврдење, а голем е процентот на педагозите (70%) и психолозите (65%) кои го застапуваат истото тврдење.

*****

На прашањата со кои сакавме да утврдивме дали директорите, педагозите и психолозите се оспособени за превенција на проблемот на насилство во училиштата, добивме одговори од кои се гледа дека и трите групи на испитаници по однос на трите прашања во групата не покажуваат големо задоволство од нивната оспособеност за превенција на проблемите на насилство во училиштата.

Директороте и педагозите главно, делумно се задоволни од сознанијата и компетенциите кои ги добиле на факултетите на кои студирале, а малку по задоволни по ова прашање се психолозите.

По прашањата за постоење на обуки, семинари и сл. за оспособување за превенција од проблемите на насилство и прашањето за постоење на стручна литература, емисии на ТВ, информации на интернет и сл. трите групи на испитаници не покажаа некое поголемо задоволство.

Во оваа смисла сметаме дека можеме, иако со претпазливост, да заклучиме дека не се потврдува хипотезата според која директорите во доволна мера се оспособени за превенција на проблемите на насилство во училиштето.

По однос на постоењето на разлики во мислењата на директорите, педагозите, и психолозите, хи-квадрат тестот во трите случаи укажува на тоа дека се потрдува хипотезата дека постои разлика во мислењата на трите групи на испитаници по прашањето за оспособеноста за превенција од насилство.

# 3. ОСПОСБЕНОСТА НА ДИРЕКТОРИТЕ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО

## 3.1. Дали и колку директорите на средните училишта се оспособени за спречување на насилството во училиштето

Во контекстот на проверување и на ова прашање на испитаниците, на директорите во директното испитување и на педагозите и психолозите во функција на проверка, им поставивме три тврдења кои одговараат на три прашања.

Табела 14. Сознанијата и компетенциите кои ги добивме на факултетот се задоволителни за наша акција во функција на спречување на насилството во училиштето

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 9 | 22,50 | 8 | 20,00 | 19 | 47,50 | 36 | 30,00 |
| делумно се согласувам | 25 | 62,50 | 24 | 60,00 | 20 | 50,00 | 69 | 57,50 |
| воопшто не се согласувам | 6 | 15,00 | 8 | 20,00 | 1 | 2,50 | 15 | 12,50 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | $\chi2=11,97$ | df=4 | P<0,05 | C=0,30 |

Најпрво го поставивме прашањето дали сознанијата и компетенциите кои ги добиле на факултетите задоволуваат за нивна акција во спречување на насилството во училиштето.

На ова тврдење само 22,5% директори потполно се сложуваат со поставеното потврдно тврење, 62,5% делумно се сложуваат, а 15% воопшто не се согласуваат.

Психолозите на училиштата во 20 проценти сосема се согласуваат со поставеното тврдење, 60% делумно се согласуват, а 20% воопшто не се согласуваат.

Пресметаниот хи-квадреат тест за df 4 изнесува 11,94 на ниво на значајност од 0,05, а С коефициентот од 0,30 укажува на поврзаност со слаб интензитет помеѓу варијаблите.

### 3.2. Стручната литератута, емисиите на ТВ, информациите на интернет, дневниот печат и др. во функција на спречување на насилството во училиштето

На прашањето за постоење на информации во стручната литература, ТВ емисиите, интернетот, дневниот печат и сл. во насока на оспособување за спречување на проблемот на насилство директорите само со 25 проценти го потврдија потврдното тврдење дека постојат доволни информации по ова прашање, 72% од нив делумно се согласуваат со тоа, а 2,5% воопшто не се согласуваат со ова тврдење.

**Табела 15. Постои доволно стручна литература, емисии на ТВ., сознанија на интернет, дневниот печат и сл. кои Ви помагаат во спречувањето на насилството во училиштето**

| Одговори на испитаниците | Директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 10 | 25,00 | 15 | 37,50 | 10 | 25,00 | 35 | 29,17 |
| делумно се согласувам | 29 | 72,50 | 23 | 57,50 | 25 | 62,50 | 77 | 64,17 |
| воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 | 2 | 5,00 | 5 | 12,50 | 8 | 6,67 |
| **ВКУПНО** | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi2=5,41$ | df=4 | P>0,05 |

Како и за предходние прашања и овде прашањето за информациите го проверивме со мислењата на училишните педагози и психолози. Педагозите со 37,5% проценти го избраа тврдењето потполно се согласувам, психолозите со 25 проценти. И педагозите и психолозите на училиштата дадоа најголем процент на мислења со тврдење делумно се согласувам (57,5% педагози, 62,5% психолози), а 5% педагози и 12,5% психолози воопшто не се согласуваат со поставеното тврдење.

### 3.3. Обуки, семинари, научни собири и сл. во функција на оспособување на директорите за спречување на насилството во училиштето

Директорите ги прашавме и за мислење дали се согласуваат со тоа дека им е потребно поголемо учество на обуки, семинари и сл. во функција на нивното оспособување за спречување на насилството во училиштето.

Табела 16. Неопходно ни е поголемо учество на обуки, семинари и сл. за спречување на насилството во училиштето

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 27 | 67,50 | 30 | 75,00 | 23 | 57,50 | 80 | 66,67 |
| делумно се согласувам | 12 | 30,00 | 5 | 12,50 | 14 | 35,00 | 31 | 25,83 |
| воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 | 5 | 12,50 | 3 | 7,50 | 9 | 7,50 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi 2=7,91$ | df=4 | P>0,05 |

Одговорите беа слични со претходните ако се има во предвид фактот дека постои мала нишка на разлика меѓу превенцијата и спречувањето на насилството во училиштето. Така, 67,5% директори сосема се согласија, 30% делумно се согласија, 2,5% воопшто не се согласија со поставеното тврдење.

Најголем е процентот на педагози кои сосема се согласија со поставеното тврдење (75%), 12% делумно се согласија, а, 12,5% воопшто не се согласија.

Психолозите дадоа слични одговори со повеќе од половина проценти (57,5%) сосема се согласувам, 35% делумно се согласуваат и 7,5% воопшто не се согласуваат.

*****

Увидот на одговорите на трите поставени тврдења во врска со оспособеноста на директорите и на педагозите и психолозите во средните училишта ја покажува нивната слаба оспособеност за спречување на насилството во училиштето.

Овде треба да истакнеме дека во литературата од областа на училишното насилство, бројни автори не прават разлика помеѓу превенцијата и спречувањето на насилството.

Ние, меѓутоа, посебно ги испитувавме овие категории сметајќи дека може да се прави разлика помеѓу превенцијата, која подразбира обезбедување на такви услови за работа во училиштето во кои не е можна појава на насилство во него и спречување од насилство, каде постојат услови за појава на насилство, но и можности да се спречи неговото појавување.

Одговорите на директорите на средните училишта директно не упатија на сознанието дека треба да се отфрли поставената хипотеза со која претпоставивме дека

директорите во доволна мера се оспособени за спречување на насилството во училиштето.

Одговорите кои ги добивме од педгозите и психолозите во училиштата и пресметаните хи-квадрат тестови за трите поставени тврдења со кои го баравме нивното мислење не наведоа на заклучокот дека се прифаќа хипотезата со која претпоставивме дека постојат разлики во мислењата на директорите, педагозите и психолозите во училиштата по прашањето за нивната оспособеност за спречување на насилството во училиштето.

# 4. ОСПОСБЕНОСТА НА ДИРЕКТОРИТЕ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО

## 4.1. Дали и колку директорите на средните училишта во Република Македонија се оспособени за разрешување на насилството во училиштето

По истиот редослед како за оспособеноста на директорите за превенција и спречување на насилството ги испитавме и мислењата за нивната оспособеност за разрешување на насилството во училиштето.

**Табела 17. Сознанијата и компетенциите кои ги добивме на факултетот се задоволителни за наша акција во функција на разрешување на насилството во училиштето**

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 7 | 17,50 | 7 | 17,50 | 13 | 32,50 | 27 | 22,50 |
| делумно се согласувам | 26 | 65,00 | 25 | 62,50 | 23 | 57,50 | 74 | 61,67 |
| воопшто не се согласувам | 7 | 17,50 | 8 | 20,00 | 4 | 10,00 | 19 | 15,83 |
| **ВКУПНО** | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi 2=4,22$ | df=4 | P>0,05 |

Така, најпрво прашавме за мислењето за задоволство од сознанијата и компетенциите кои ги добиле на факултетите на кои студирале.

Тука категоријата потполно се согласувам е најмалку избрана од директорите и тоа 17,5%. Најголем процент (65%) добивме во категоријата делумно се согласувам, а не мал процент од 17,5% директори воопшто не се согласија со поставеното тврдење.

Мислењата на педагозите се блиски со мислењата на директорите со 17,5% потполно се согласувам, 62,5% делумно се согласувам и 20% воопшто не се согласувам.

Повеќе потврдни одговори добивме од психолозите со 32,5% - потполно се согласувам, 57,5% - делумно и 10% - воопшто не се согласувам.

Пресметаниот хи-квадрат тест е 4,22 за степен на слобода 4 и покажува дека нема статистички значајни разлики во одговорите на испитаниците.

## 4.2. Стручна литература, емисии на ТВ, информации на интернет, дневниот печат и сл. во функција на оспособување на директорите од средните училишта за разрешување на насилството во училиштата

Прашањето за постоење на стручна литература, емисии на ТВ, сознанија на интернет и сл. според усвоената методологија им го поставивме на директорите во форма на потврдно тврдење.

**Табела 18. Постои доволно стручна литература, емисии на ТВ., сознанија на интернет, дневниот печат и сл. кои ни помагаат за разрешување на насилството во училиштето**

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 9 | 22,50 | 7 | 17,50 | 10 | 25,00 | 26 | 21,67 |
| делумно се согласувам | 30 | 75,00 | 32 | 80,00 | 27 | 67,50 | 89 | 74,17 |
| воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 | 1 | 2,50 | 3 | 7,50 | 5 | 4,17 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi2=2,56$ | df=4 | P>0,05 |

Најголем процент од директорите на средните училишта (75%) го прифатија тврдењето: делумно се согласувам, мал процент (22,5%): потполно се согласувам и сосема мал процент: делумно се согласувам.

И во оваа група на прашања ставовите на директорите ги споредивме со оние на училишните педагози и психолози. Во групата на педагози, исто така, најголем е процентот на оние кои делумно се согласија со поставеното барање (80%), 17,5% сосема се согласија, а 2,5% воопшто не се согласија.

Нешто поголем процент психолози покажаа задоволство од информациите кои на различни начини можат да ги добијат во функција на разрешувањето на насилството во училиштето. Така 25 проценти од испитаните психолози ја избраа категоријата сосема се согласувам, 67,5% делумно се согласувам и 7,5% воопшто не се согласија.

Пресметаниот хи-квадрат тест е 2,56 за степен на слобода 4 и покажува дека нема статистички значајни разлики во одговорите на испитаниците.

## 4.3. Обуки, семинари, научни собири и сл. во функција на оспособување на директорите од средните училишта за разрешување на насилството во учииштето

Во согласност со прифатената методологија на работа, директорите ги прашавме и за мислење дали се согласуваат со тоа дека им е потребно поголемо учество на обуки, семинари и сл. во функција на нивното оспособување за разрешување на насилството во училиштето.

**Табела 19. Неопходно ни е поголемо учество на обуки, семинари и сл. кои ќе ни помогнат за поуспешно разрешување на насилството во училиштето**

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 35 | 87,50 | 31 | 77,50 | 32 | 80,00 | 98 | 81,67 |
| делумно се согласувам | 4 | 10,00 | 8 | 20,00 | 7 | 17,50 | 19 | 15,83 |
| воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 | 1 | 2,50 | 1 | 2,50 | 3 | 2,50 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi2=1,63$ | df=4 | P>0,05 |

Од Табела 19 може да се види дека најголем процент од директорите (87,5%) одговорија дека потполно се согласуваат со тврдењето дека им е неопходно поголемо учество на обуки, семинари и сл. кои ќе бидат во функција за поуспешно разрешување на насилството во училиштето.

Исто така и педагозите (77,5%) и психолозите (80%) дадоа слично тврдење, односно потполно се согласуваат со истото.

Хи-квадрат тестот со вредност 1,63 за степен на слобода 4, сосема јасно покажува дека нема статистички значајни разлики во одговорите на директорите, педагозите и психолозите по однос на ова прашање.

*****

Мислењата на трите прашања со кои ја испитавме оспособеноста на директорите за разрешување на проблемите на насилство во средното училиште, иако со најголем број на делумно прифаќање на тврдењето, ја потврдуваат хипотезата дека директорите во доволна мера се оспособени за разрешување на проблемот на насилство во средните училишта во Република Македонија.

Пресметаните хи-квадрат тестови, пак не упатуваат на отфрлање на хипотезата дека постои разлика во мислењата на директорите, педагозите и психолозите за нивната оспособеност за разрешување на насилството во училишето.

*****

Трите групи на прашања кои се однесуваа на оспособеноста на директорите за превенцијата, спречувањето и разрешувањето на насилството во училиштето со добиените мислења не упатуваат на заклучокот на тоа дека делумно можеме да бидеме задоволни од таквата оспособеност.

Забележително е тоа што директорите и педагозите се помалку задоволни од сознанијата и компетенциите кои го добиле на факултетите на кои студирале, додека психолозите покажуваат нешто поголемо задоволство. Претпоставуваме дека тоа е резултат на програмите на оваа студиска група каде насилството е подобро разработувано.

По однос на другите прашања од групите кои ја мереа оспособеноста на трите групи на испитаници, не се покажаа забележителни разлики во нивните мислења, освен во првата група на прашања каде постојат разлики во мислењата на директорите, педагозите и психолозите на средните училишта по однос на задоволството од сознанијата и компетенциите кои тие ги добиле на факултетите на кои се обучувале за превенција на проблемот на насилство во училиштата.

# 5. МИСЛЕЊА НА ДИРЕКТОРИТЕ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ЗА ОСПОСОБЕНОСТА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ НА НАСИЛСТВОТО

## 5.1. Дали наставниците им помагаат на директорите на средните училишта за решавање на проблемите на насилство во училиштето

Интересно ни се чинеше мислењето на директорите дали и колку наставниците им помагаат во решавањето на проблемите на насилство во училиштето.

Табела 20. Наставниците ни помагаат во решавањето на насилството во училиштето

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 30 | 75,00 | 15 | 37,50 | 13 | 32,50 | 58 | 48,33 |
| делумно се согласувам | 9 | 22,50 | 20 | 50,00 | 18 | 45,00 | 47 | 39,17 |
| воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 | 5 | 12,50 | 9 | 22,50 | 15 | 12,50 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | $\chi2=19,71$ | df=4 | P<0,01 | C=0,38 |

Табела 20 покажува дека директорите покажаа задоволство од помошта што им ја даваат наставниците во нивната работа во решавањето на наведениот проблем. Така 75% од директорите потполно се согласија со поставеното тврдење дека наставниците им помагаат во оваа работа, 22,5% делумно се согласија, а 2,5% воопшто не се согласија со наведеното тврдење.

Проверката на овој став со тврдењата на педагозите покажа дека тие се помалку задоволни од помошта која ја добиваат од наставниците. Само 37,5% училишни педагози потполно се согласија со тврдењето кое им го понудивме, 50% делумно се согласија, а 12,6% воопшто не се согласија со тврдењето дека наставниците им помагаат во решавањето на проблемите на насилство во училиштата.

Мислењата на психолозите се поблиски до оние на педагозите на училиштата. Така, 32,6% од психолозите потполно се согласија со тоа дека наставниците им помагаат во решавањето на проблемот кој го испитувавме, 45% делумно се согласија, а дури 22,5% воопшто не се согласија.

Пресметаниот хи-квадрат тест со вредност 19,71 за стпен на слобода 4, покажува статистички значајна разлика во одговорите на ниво на значајност од 0,01. Пресметаниот коефициент на контингенција (C=0,38) укажува на средна поврзаност меѓу варијаблите, и е статистички значаен, исто така на ниво од 0,01.

Задоволството на директорите по ова прашање ја потврдува хипотезата дека наставнците во доволна мера им помагаат на директорите на средните училишта во решавањето на проблемте на насилство во училиштето.

Вредностите пак на хи-квадрат тестот не упатува на тоа да ја прифатиме хипотезата дека постои разлика во мислењата на директорите, педагозите и психолозите во средните училишта за тоа дали и колку наставниците им помагаат во решавањето на проблемите на насилство во училиштето.

Очигледно педагозите и особено психолозите не се во доволна мера задоволни од соработката која ја имаат со наставниците во поглед на заедничко решавање на проблемите на насилство во училиштето.

## 5.2. Оспособеноста на наставниците од средните училишта за решавање на проблемите на насилство во училиштето

Директорите на средните училишта по прашањето дали наставниците се доволно оспособени за решавање на проблемот на насилство во нашето средно училиште, потврдно го прифатија тврдењето само со 20%, 55% делумно се согласија и дури 25% воопшто не се согласија.

**Табела 21. Наставниците не се доволно оспособени за разрешување на насилството во училиштето**

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | F | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 8 | 20,00 | 9 | 22,50 | 11 | 27,50 | 28 | 23,33 |
| делумно се согласувам | 22 | 55,00 | 21 | 52,50 | 21 | 52,50 | 64 | 53,33 |
| воопшто не се согласувам | 10 | 25,00 | 10 | 25,00 | 8 | 20,00 | 28 | 23,33 |
| **ВКУПНО** | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi2=0,82$ | df=4 | P>0,05 |

Слични се и мислењата на педагозите и психолозите во училиштата. Така, 22,5% педагози сосема се согласуваат, 52,5% делумно се согласуваат и 25% воопшто не се согласуваат.

Од анкетираните психолози на училиштата 27,5% сосема се согласуваат, 52,5% делумно се согласуваат и 20% воопшто не се согласуваат со тврдењето кое ние го поставивме.

*****

Добиените резултати упатуваат на тоа да ја потврдиме хипотезата дека наставниците на средните училишта не се доволно оспособени за решавање на проблемот на насилство во училиштето.

Пресметаната вредност на хи-квдарат тестот упатува на тоа да се отфрли хипотезата дека постои разлика во мислењата на директорите, педагозите и психолозите на средните училишта за тоа дека наставниците не се доволно оспособени за решавање на проблемот на насилство во училиштето.

*****

На прашањето за тоа дали и колку наставниците им помагаат на директотите, педагозите и психолозите од средните училишта во решавањето на проблемот на насилство во училиштето добивме некаков вид на противречни мислења. Од една страна директорите, педагозите и психолозите на училиштата го застапуваат мислењето дека наставниците не се доволно оспособени за решавање на проблемот на насилство, од друга страна директорите со голема веројатност го застапуваат мислењето дека наставниците им помагаат во решавањето на насилството во училиштето. Овие резултати можеме да ги оправдаме со мотивираноста на наставниците да им помагаат на директорите да се решат овие горливи проблеми на современото средно училиште.

# 6. МИСЛЕЊА НА ДИРЕКТОРИТЕ ОД СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ЗА ФАКТОРИТЕ КОИ УСЛОВУВААТ ПОЈАВА НА НАСИЛСТВО

## 6.1. Кои се факторите кои допринесуваат за појава на насилство во училишта

Во контекст на прибирање податоци за мислењата за тоа кои се факторите кои допринесуваат појава на насилство во училиштето, најпрво го поставивме тврдењето дека: збиднувањата во општеството се основен фактор за појава на насилничко однесување во училиштето.

**Табела 22. Збиднувањата во општеството се основен фактор за појава на насилничко однесување во училиштето**

| Одговори на испитаниците | Директори | | педагози | | Психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | F | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 17 | 42,50 | 22 | 55,00 | 21 | 52,50 | 60 | 50,00 |
| делумно се согласувам | 22 | 55,00 | 17 | 42,50 | 18 | 45,00 | 57 | 47,50 |
| воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 | 1 | 2,50 | 1 | 2,50 | 3 | 2,50 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi2=1,44$ | df=4 | P>0,05 |

Директорите на средните училишта со процент од 42,5% потполно се согласија со тврдењето, 55% од нив делумно се согласија, а само 2,5% воопшто не се согласија.

Педагозите и психолозите на училиштата дадоа слични одговори. Така, 55% педагози потполно се солaсија со тврдењето, 55% делумно се согласија, а само 2,5% воопшто не се согласија со тоа дека збиднувањето во општеството се основен фактор за појава на насилничко однесување на учениците во училиштето.

Мислењата на психолозите се сични. Така, 42,5% од нив сосема се согласија со понуденото тврдење, 45% делумно се согласија, а само 2,5% воопшто не се согласија.

Пресметаниот хи-квадрат тест со вредност 1,44 за степен на слобода 4, покажува дека нема статистички значајни разлики во одговорите на испитниците.

## 6.2. Занемарената воспитна функција на училиштето како фактор за појава на насилничко однесување на учениците

Во оваа група на поставени тврдења нагласивме дека занемарената воспитна функција на училиштето е основен фактор за појава на насилничко однесување во него.

**Табела 23. Занемарената воспитна функција на училиштето е основен фактор за појава на насилничко однесување**

| Одговори на испитаниците | Директори | | педагози | | Психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | F | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 12 | 30,00 | 12 | 30,00 | 17 | 42,50 | 41 | 34,17 |
| делумно се согласувам | 21 | 52,50 | 18 | 45,00 | 19 | 47,50 | 58 | 48,33 |
| воопшто не се согласувам | 7 | 17,50 | 10 | 25,00 | 4 | 10,00 | 21 | 17,50 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi2=4,03$ | df=4 | P>0,05 |

Директорите со 30 проценти потполно се согласија со тврдењето, 52,5% делумно се согласија и 17,5% воопшто не се согласија.

Педагозите на училиштата со 30% сосема се согласија со тврдењето дека занемарената воспитна функција на училиштето е основен фактор за појава на насилничко однесување на учениците, 45% од нив делумно се согласија и 25% воопшто не се согласија.

Психолозите на училиштата со 42,5% сосема се согласија со понуденото тврдење, 47,5% делумно се согласија и 10% воопшто не се согласија.

Пресметаниот хи-квадрат тест е 4,03 за степен на слобода 4, што покажува дека не постои статистички значајна разлика во одговорите кои ги дадоа директорите на училиштата и училишните педагози и психолози по однос на ова прашање.

## 6.3. Намалената воспитна функција на семејството како фактор за појава на насилничко однесување на учениците

Околу половината од директорите, (40%), од педагозите (62%) и психолозите 65% сосема се согласија со тврдењето дека намалената воспитна функција на семејството е фактор за појава на насилничко однесување на учениците. Ова тврдење со 57,5% делумно го прифатија директорите, со 27,5% педагозите и 32,5% психолозите. Мал процент од директорите (2,5%) воопшто не го прифатија ова понудено тврдење, 10 проценти од педагозите и 2,5% од психолозите на училиштата.

**Табела 24. Намалената воспитна функција на семејството е основен фактор за појава на насилничко однесување на учениците во училиштето**

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | Психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | F | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 16 | 40,00 | 25 | 62,50 | 26 | 65,00 | 67 | 55,83 |
| делумно се согласувам | 23 | 57,50 | 11 | 27,50 | 13 | 32,50 | 47 | 39,17 |
| воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 | 4 | 10,00 | 1 | 2,50 | 6 | 5,00 |
| **ВКУПНО** | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | $\chi2=10,99$ | df=4 | P<0,05 | C=0,29 |

Пресметаниот хи-квадрат тест покажува статистички значајна разлика во одговорите на ниво на значајност од 0,05. Пресметаниот коефициент на контингенција (C=0,29) укажува на слаба поврзаност меѓу варијаблите, иако е статистички значаен, исто така на ниво од 0,05.

*****

Резултатите кои ги добивме во анализираната група на прашања кои се однесуваа на факторите кои го условуваат училишното насилство, јасно покажаа дека може да се потврди хипотезата дека факторите за појава на насилството се во училиштето и надвор од него.

Пресметаните хи-квадрат тестови покажаа дека постои разлика во мислењата на директорите, педагозите и психолозите по однос на ова прашање со што се потврди соодветната хипотеза.

Покажаните резултати соодветствуваат со теоретските основи според кои збиднувањата во општеството, противречностите во него, падот на вредностите и сл. и промените во семејните услови за живот и промените во односите во него, во голема мера, допринесуваат за „криза“ во училиштето, намалена воспитна функција на училиштето и појава на насилство во него.

# 7. МИСЛЕЊА НА ДИРЕКТОРИТЕ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ЗА НАЈЧЕСТИТЕ ОБЛИЦИ НА УЧИЛИШНО НАСИЛСТВО И МЕСТОТО КАДЕ НАЈЧЕСТО УЧЕНИЦИТЕ НАСИЛНО СЕ ОДНЕСУВААТ

## 7.1. Најчести облици на училишно насилство

На групата на тврдења со кои сакавме да испитаме кои се најчести облици на насилство во училиштето сите три групи на испитаници го прифатија ставот дека на прво место е физичкото насилство, на второ место емоционалното насилство, и на трето место сексуалното насилство.

**Табела 25. Кои се најчести облици на насилничко однесување во Вашето училиште**

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| физичко (тепачки, удирање и сл.) | 18 | 45,00 | 11 | 27,50 | 14 | 35,00 | 43 | 35,83 |
| емоционално (навредување) | 12 | 30,00 | 16 | 40,00 | 13 | 32,50 | 41 | 34,17 |
| сексуално (коментари, контакти) | 4 | 10,00 | 6 | 15,00 | 7 | 17,50 | 17 | 14,17 |
| социјално (исклучување) | 2 | 5,00 | 3 | 7,50 | 3 | 7,50 | 8 | 6,67 |
| економско (изнудување пари) | 3 | 7,50 | 2 | 5,00 | 1 | 2,50 | 6 | 5,00 |
| др. облици (смс пораки, фејсбук) | 1 | 2,50 | 2 | 5,00 | 2 | 5,00 | 5 | 4,17 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |

$\chi^2=6,03$ df=10 P>0,05

Така, директорите со 45 проценти на прво место го ставија физичкото, а со 30 проценти емоционалното насилство. Психолозите прво го ставија физичкото со 35%, а на второ место емоционалното со 32,50%.

Мислењата на педагозите се различни по тоа што со 40 проценти на прво место го ставија емоционалното, а со 27,5% физичкото насилство. Кај сите три групи на испитаници третото место го има сексуалното насилство (30% директори, 40% педагози и 17,5% психолзи).

*****

Резултатите ја покажуват присутноста на сите видови на насилство во училиштата.

Испитувањата вршени на планот на тоа кој вид на насилство остава најдлабоки траги кај оние кои го доживеале покажуваат дека најопасни се последиците од физичкото и емоционалното малтретирање на личноста во младото доба и од сексуалното злоставување.

Загрижува фактот што овие облици се најприсутни во нашите средни училишта. Оттука заштитата од насилство треба да биде насочена токму кон овие најчести појавни облици во нашето училиште.

## 7.2. Каде најчесто насилно се однесуваат учениците

Одговорите на поставеното прашање покажуваат дека насилничкото однесување е најприсутно во училишниот двор и во ходникот на училиштето. Такви се одговорите и на директорите (52,5% во дворот, 27,5% во ходникот) и на педагозите (35% во училишниот двор и 35% во ходникот на училиштето) и на психолозите ( 32,5% во дворот, 37,5% во ходникот.)

Табела 26. Каде најчесто се однесуваат насилно учениците во Вашето училиште

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | F | % | f | % | f | % |
| во училишниот двор | 21 | 52,50 | 14 | 35,00 | 13 | 32,50 | 48 | 40,00 |
| во ходник | 11 | 27,50 | 14 | 35,00 | 15 | 37,50 | 40 | 33,33 |
| во училница | 8 | 20,00 | 12 | 30,00 | 12 | 30,00 | 32 | 26,67 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi^2$=4,02 | df=4 | P>0,05 |

Загрижува сознанието дека не е мал бројот на насилства и во училницата (20% директори, 30% педагози и 32% психолози).

*****

Резултатите од Табела 26 не наведуваат на констатацијата дека настојувањата во смисла на превенција и спречување на училишното насилство треба да бидат обезбедување на правилни услови (светли ходници, средени дворови и сл) и поставување на луѓе кои ќе ги обезбедуваат училиштата, во дворовите, ходниците и училниците.

Нагласуваме дека функцијата на превенција и спречување на насилството, не смее да се заснива само на безбедносни служби, напротив, самите наставници, стручните служби и директорите треба да бидат будни и активни секаде и во секое време да можат да ја спречат појавата на насилство во училиштето.

# 8. ПРОГРАМСКИ БАРАЊА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА, СПРЕЧУВАЊЕ И РАЗРЕШУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО ВО УЧИЛИШТЕТО

## 8.1. Дали во училиштето постојат комплетни програми за превенција, спречување и разрешување на насилството

Директорите на училиштата ги прашавме дали во училиштето постојат комплетни програми за решавање на насилството во училиштето.

Табела 27. Дали во Вашето училиште постојат комплетни програми против насилничко однесување

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| постојат комплетни пр. | 12 | 30,00 | 7 | 17,50 | 17 | 42,50 | 36 | 30,00 |
| постојат не комплетни пр. | 18 | 45,00 | 15 | 37,50 | 17 | 42,50 | 50 | 41,67 |
| воопшто не постојат пр. | 10 | 25,00 | 18 | 45,00 | 6 | 15,00 | 34 | 28,33 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | $\chi2=11,03$ | df=4 | P<0,05 | C=0,29 |

Триесет проценти од анкетираните директори одговорија дека во училиштето постојат комплетни програми кои го третираат насилството, 45% изјавија дека постојат не комплетни програми, а 25% дека во училиштето не постојат програми против насилството.

Истото прашање им го поставивме и на педагозите и психолозите на средните училишта. 17,6% од педагозите одговорија дека во училиштата постојат комплетни програми против насилството, 37,5% педагози одговорија дека постојните програми не се комплетни, и дури 45% одговорија дека не постојат програми за решавање на проблемите на насилството.

Пресметаниот хи-квадрат тест покажува статистички значајна разлика во одговорите на ниво на значајност од 0,05. Пресметаниот коефициент на контингенција (C=0,29) укажува на слаба поврзаност меѓу варијаблите, иако е статистички значаен, исто така на ниво од 0,05.

Добиените резултати укажуваат на не сериозноста во пристапот кон ова прашање во нашите средни училишта. Во најголем број случаи програмите се формални и не се комплетни, а голем процент испитаници одговорија дека во нивните училишта не постојат програми против училишното насилство.

Ако се земат во предвид теориските поставки каде со голема сериозност се бара во училиштата да постојат програми за решавање на насилството овие резултати ја исфрлаат на површина не зрелоста во решавањето на насилството во нашите училишта. Причина за тоа, можеби е фактот што за училишното насилство во Република Македонија почна да се зборува во последните децении во периодот на противречностите и моралните „кризи“ во образованието.

Последниве години со зголемувањето на бројот на насилнички однесувања на учениците во училиштата, почна да се зборува за училишно насилство и да се превземаат мерки за превенција, спречување и разрешување на истото.

## 8.2. Дали во училиштето постои посебна документација каде се евидентира училишното насилство

Како посебно пршаање на директорите и на педагозите и психолозите во училиштето им го поставивме и она дали во нивното училиште постои документација каде се евидентира насилството.

**Табела 28. Дали имате документација во која го евидентирате насилството во училиштето (број, време, облик, чинители, мерки)**

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | F | % | f | % | f | % | f | % |
| поседувам компл. докум. | 23 | 57,50 | 22 | 55,00 | 23 | 57,50 | 68 | 56,67 |
| поседувам не компл. докум. | 14 | 35,00 | 14 | 35,00 | 16 | 40,00 | 44 | 36,67 |
| воопшто не поседувам док. | 3 | 7,50 | 4 | 10,00 | 1 | 2,50 | 8 | 6,67 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi 2=1,96$ | df=4 | P>0,05 |

Повеќе од половина од директорите (57,5%) одговорија дека имаат комплетна документација за случувањата и формите на насилство и нивните чинители, 35%

директори одговорија дека документацијата не е комплетна, а 7,5% дека немаат таква документација.

На истите прашања педагозите одговорија со 55 проценти дека имаат комплетна документација за случувањата на насилство во училиштето, 35% дека имаат документациија, но не е комплетна, а 10 % дека не поседуваат посебна документација каде го евидентираат насилството во училиштето.

Слични се и одговорите на психолозите кои одговорија со 57,5% дека имаат комплетна документација за насилството кое се случилло во учииштто, 40% одговорија дека документацијата која ја поседуваат не е комплетна, а 2,5% дека не поседуваат документација за насилството во училиштето.

Хи-квадрат тестот е со вредност од 1,96 за df=4 што покажува дека не постои статистички значајна разлика во оценките кои ги дадоа трите групи на испитаници.

## 8.3. Дали случаите на насилничко однесување на учениците и мерките кои се превземаат се евидентираат во некои општи програми на училиштето

Сакајќи подобро да навлеземе во овој проблем во средните училишта во Република Македонија го поставивме тврдењето дека насилното однесување во средните училишта се евидентира во некоја друга општа документација во училиштето.

**Табела 29. Учениците кои покажуваат насилничко однесување се евидентираат во други заеднички места**

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | F | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 10 | 25,00 | 9 | 22,50 | 10 | 25,00 | 29 | 24,17 |
| делумно се согласувам | 15 | 37,50 | 12 | 30,00 | 15 | 37,50 | 42 | 35,00 |
| воопшто не се согласувам | 15 | 37,50 | 19 | 47,50 | 15 | 37,50 | 49 | 40,83 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi2=1,15$ | df=4 | P>0,05 |

Ова тврдење сосема го прифатија 25% директори, од нив 37% делумно го прифатија, 37,5% воопшто не го прифатија.

Сличен е случајот и со педагозите и психолозите на средните училишта. Така, 22,5% педагози сосема го прифатија тврдењето, 30% делумно го прифатија, а 47% воопшто не го прифатија.

Психолозите со процент од 25% се определија за потполно прифаќање на поставеното тврдење, 37,5% делумно го прифатија тврдењето и 37,5% воопшто не го прифатија.

Хи-квадрат тестот со вредност од 1,15 за df=4 не покажа статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците.

## 8.4. Дали директорот поседува посебна програма каде ги евидентира случаите на насилство и мерките кои ги превзема

На поставеното прашање дали директорите поседуваат комплетна документација каде ги евидентираат мерките кои ги превземаат во функција на превенција од насилство, 60% од нив одговорија потврдно, 32,5% одговорија дека документацијата која ја поседуваат во функција на превенција од училишно насилство им е не комплетна, а 7,5% дека не поседуваат таква документација.

**Табела 30. Поседувам посебна документација каде ги евидентирам мерките кои ги превземам во функција на превенција на насилство во училиштето**

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | F | % | f | % | f | % | f | % |
| поседувам компл. докум. | 24 | 60,00 | 28 | 70,00 | 25 | 62,50 | 77 | 64,17 |
| поседувам не компл. докум. | 13 | 32,50 | 11 | 27,50 | 14 | 35,00 | 38 | 31,67 |
| воопшто не поседувам док. | 3 | 7,50 | 1 | 2,50 | 1 | 2,50 | 5 | 4,17 |
| **ВКУПНО** | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi2=2,31$ | df=4 | P>0,05 |

Педагозите на училиштата дадоа слични одговори и со 70 проценти одговорија дека поседуваат комплетна документација која е во функција на превенција од насилство, помал процент 27,5% одговорија дека поседуваат документација за превенција од насилство, но не комплетна, а само 2,5% одговорија дека не поседуваат таква документација.

Психолозите, исто, во најголем процент одговорија дека поседуваат комплетна документација за превенција од насилство (65,5%), 35% дека документацијата која ја поседуваат за овој проблем е некомплетна и само 2,5% дека не поседуваат таква документација.

Пресмтаниот хи-квадрат тест е 2,31 за степен на слобода 4, што покажува дека не постои статистички значајна разлика во одговорите кои ги дадоа директорите на училиштата, училишните педагози и психолози по однос на ова прашање.

## 8.5. Мерките кои се превземаат во функција на превенција од насилство во училиштето се дел од друга општа документација на училиштето

Во функција на проверка на овие мерки го поставивме тврдењето дека овие мерки се евидентираат и се дел од некоја друга општа програма.

**Табела 31.** Мерките кои ги превземам за превенција на насилството во училиштето се дел од друга заедничка документација која се однесува на воспитните проблеми на училиштето

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | F | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 17 | 42,50 | 14 | 35,00 | 15 | 37,50 | 46 | 38,33 |
| делумно се согласувам | 21 | 52,50 | 21 | 52,50 | 19 | 47,50 | 61 | 50,83 |
| воопшто не се согласувам | 2 | 5,00 | 5 | 12,50 | 6 | 15,00 | 13 | 10,83 |
| **ВКУПНО** | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi2=2,43$ | df=4 | P>0,05 |

Сосема се согласуваат со поставеното тврдење 42,5% од директорите, 52,5% делумно се согласуваат, а 5% воопшто не се согласуваат.

Одговорите на педагозите и психолозите се слични на оние од директорите. Така, 35% педагози и 37% психолози сосема се согласуваат, 52,5% педагози и 47,5% психолози делумно се согласуваат, а 12,5% педагози и 15% психолози воопшто не е согласуваат со тврдењето.

Хи-квадрат тестот е со вредност од 2,43 за df=4 што покажува дека не постои статистички значајна разлика во оценките кои ги дадоа трите групи на испитаници.

### 8.6. Дали директорите на средните училишта поседуваат посебна документација каде ги евидентираат случаите и мерките кои ги превземаат во функција на спречување на насилството во училиштето

Истото прашање им го поставивме на трите групи на испитаници за тоа дали поседуваат посебна документација каде се евидентираат случаите на насилство и мерките кои се превземаат за спречување на насилството.

Директорите со 52,5% одговорија дека имаат посебна документација за мерките за спречување на насилството, 35% дека документацијата која ја поседуваат е не комплетна, а 12,5% дека не поседуваат таква документација.

**Табела 32. Поседувам посебна документација каде ги евидентирам мерките кои ги превземам во функција на спречување на насилство во училиштето**

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | F | % | f | % | F | % | f | % |
| поседувам компл. докум. | 21 | 52,50 | 21 | 52,50 | 21 | 52,50 | 63 | 52,50 |
| поседувам не компл. докум. | 14 | 35,00 | 17 | 42,50 | 18 | 45,00 | 49 | 40,83 |
| воопшто не поседувам док. | 5 | 12,50 | 2 | 5,00 | 1 | 2,50 | 8 | 6,67 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi2=3,78$ | df=4 | P>0,05 |

Многу слични се и податоците на педагозите и психолозите на ова прашање. 52,5% педагози и психолози поседуват комплетна документација, 42,5% педагози и 45% психолози одговорија дека документацијата за спречување на насилството не им е комплетна, а 5% педагози и 2,5% психолози дека не поседуваат таква документација.

Хи-квадрат тестот е со вредност од 3,78 за df=4 и повторно покажува дека не постои статистички значајна разлика во оценките кои ги дадоа трите групи на испитаници.

## 8.7. Дали мерките кои директорите на средните училишта ги превземат за спречување на насилството во училиштето ги евидентираат во друга општа документација на училиштето

33. Мерките кои ги превземам за спречување на насилството во училиштето се дел од друга заедничка документација која се однесува на воспитните проблеми на училиштето

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | F | % | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 17 | 42,50 | 11 | 27,50 | 14 | 35,00 | 42 | 35,00 |
| делумно се согласувам | 21 | 52,50 | 24 | 60,00 | 20 | 50,00 | 65 | 54,17 |
| воопшто не се согласувам | 2 | 5,00 | 5 | 12,50 | 6 | 15,00 | 13 | 10,83 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi2=3,69$ | df=4 | P>0,05 |

На тврдењето дека мерките кои се превземаат за спречување на насилството се дел од друга заедничка документација која се однесува на воспитните проблеми на училиштето 42,5% директори, 27,5% педагози и 35% психолози сосема се согласија, најголем број од испитаните групи делумно се согласија со понуденото тврдење (52,5% директори, 60% педагози и 50% психолози). Воопшто не се согласија со поставеното тврдење 5% директори, 12,5% педагози и 15% психолози.

Хи-квадрат тестот со вредност од 3,69 за df=4 не покажа статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците.

## 8.8. Дали директорите на средните училишта поседуваат посебна документација каде ги евидентираат случаите и мерките против насилството во училиштето

По прашањето дали поседуваат посебна документација каде ги евидентираат случаите и мерките кои ги превземаат во функција на разрешување на насилството во училиштето скоро половината директори, педагози и психолози го избраа тврдењето дека поседуваат комплетна документација (50% директори, 52,5% педагози у 40% психолози).

Табела 34. Поседувам посебна документација каде ги евидентирам мерките кои ги превземам во функција на разрешување на насилство во училиштето

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | Психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| поседувам компл. докум. | 20 | 50,00 | 21 | 52,50 | 16 | 40,00 | 57 | 47,50 |
| поседувам не компл. докум. | 16 | 40,00 | 17 | 42,50 | 23 | 57,50 | 56 | 46,67 |
| воопшто не поседувам док. | 4 | 10,00 | 2 | 5,00 | 1 | 2,50 | 7 | 5,83 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi2=4{,}27$ | df=4 | P>0,05 |

Не комплетна документација сметаат дека поседуваат 40% директори, 42,5% педагози и 57,5% психолози. Дека воопшто не поседуваат документација одговорија 10% директори, 5% педагози и 2,5% психолози.

## 8.9. Дали мерките кои ги превземаат директорите на средните училишта се дел од друга општа програма на училиштето

Директорите на училиштата, педагозите и психолозите ги прашавме и за тоа дали поседуваат комплетна програма за разрешување на проблемот на насилство во училиштето.

Табела 35. Мерките кои ги превземам за разрешување на насилството во училиштето се дел од друга заедничка документација која се однесува на воспитните проблеми на училиштето

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| поседувам компл. прог. | 18 | 45,00 | 9 | 22,50 | 8 | 20,00 | 35 | 29,17 |
| поседувам не компл. прог. | 15 | 37,50 | 14 | 35,00 | 15 | 37,50 | 44 | 36,67 |
| воопшто не поседувам про. | 7 | 17,50 | 17 | 42,50 | 17 | 42,50 | 41 | 34,17 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | $\chi2=10{,}12$ | df=4 | P<0,05 | C=0,28 |

Директорите на средните училишта со 45% одговорија дека поседуваат комплетна програма за разрешување на проблемите на насилничко однесување во училиштето, 37,5% дека таквите програми им се не комплетни и 17,5% дека не поседуваат такви програми.

Заради сличноста податоците од училишните педагози и училишните психолози ќе ги анализираме заедно. Така 22,5% педагози и 20% психолози одговорија потврдно на поставеното прашање. 35% педагози и 37,5% психолози дека имаат програми, но не се комплетни и 42,5% педагози и ист процент психолози одговорија дека не поседуваат програма за разрешување на насилството во училиштето.

Пресметаниот хи-квадрат тест покажува статистички значајна разлика во одговорите на ниво на значајност од 0,05. Пресметаниот коефициент на контингенција (C=0,28) укажува на слаба поврзаност меѓу варијаблите, иако е статистички значаен, исто така на ниво од 0,05.

*****

Резултатите до кои дојдовме по ова прашање покажуваат дека околу половина од директорите, педагозите и психолозите сериозно му приоѓаат на проблемот на насилство и поседуваат комплетна документација каде го евидентираат насилството во училиштето.

Меѓутоа, не е мал процентот на испитаниците од трите групи на испитаници кои не се докрај сериозни во прифаќањето на насилството и нивната документација не е комплетна, додека пак, еден процент, иако е мал, не поседуваат никаква документација каде ги свидентираат случаите на насилство во училиштето.

Анализата на овие резултати одново не упатува на заклучокот дека проблемите на насилство во нашите средни училишта не се од подолг рок и затоа некои од директорите и другите субјекти, се уште на овој проблем му приоѓаат со мала сериозност, повеќе формално.

Сакаме да веруваме дека оној мал процент на училишта каде директорите, педагозите и психолозите немаат документација за насилство во училиштето се училишта каде не постои насилство, или тоа е во мал обем.

Ако ги земеме во предвид и оние директори чија документација не е комплетна, но сепак имаат, можеме да ја потврдиме поставената хипотеза дека: директорите на средните училишта поседуваат документација каде ги евидентираат случаите на насилство во училиштето.

Блискоста на процентите на дадените одговори на директорите, педагозите и психолозите и пресметаниот хи-квадрат тест ја отфрлаат хипотезата дека постојат

разлики во мислењата на директорите, педагозите и психолозите на средните училишта по прашањето за поседување на документација каде го евидентираат насилството во училиштето.

По однос на втората група на прашања од оваа проблематика, резултатите не наведуваат на тоа да ја отфрлиме хипотзата со која претпоставивме дека директорите на средните училишта проблемите на насилство ги евидентираат во друга општа документација што се води во училиштето.

Хи-квадрат тестовите покажаа дека не постои разлика во одговорите на директорите и педагозите и психолозите со што се отфрла хипотезата дека: постои разлика во ставовите на директорите, педагозите и психолозите на средните училишта по тврдењето дека проблемите на насилство во училиштето се евидентираат во општи програми на училиштето.

За поблиска проверка на тоа дали директорите на училиштата поседуваат посебни програми за превенција, спречување и разрешување на проблемите на насилство ги поставивме истите прашања за да ги откриеме мерките за превенција, спречување и разрешување на насилството во смисла на нивно постоење како комплетни или не комплетни, или нивно не постоење во училиштата.

Резултатите кои ги добивме, нормално, се слични на оние кои се однесуваат на општите прашања кои се однесуваат на овој проблем во училиштата и затоа, сметаме дека не е потребен посебен коментар.

# 9. СОРАБОТКАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА СО СЕМЕЈСТВАТА И СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА РЕШАВАЊЕ НА НАСИЛНИЧКОТО ОДНЕСУВАЊЕ

## 9.1. Соработката на директорот со семејства чии деца покажуваат насилничко однесување или се жртви на училишно насилство

Во литературата која ја консултиравме од областа на училишното насилство посебно значење и се дава на соработката на училиштето со семејствата на децата кои покажуваат ризични облици на однесување и на децата кои веќе направиле некое насилство во училиштето и надвор од него.

Затоа, директорите на средните училишта ги прашавме дали соработуваат со семејствата на децата насилници и оние кои се жртви на насилство.

**Табела 36. Соработувам со семејствата чии деца покажуваат насилничко однесување во училиштето и семејствата на децата кои се жртви на училишно насилство**

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | Психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| соработката е постојана | 25 | 62,50 | 22 | 55,00 | 22 | 55,00 | 69 | 57,50 |
| соработката е повремена | 10 | 25,00 | 11 | 27,50 | 12 | 30,00 | 33 | 27,50 |
| не соработувам | 5 | 12,50 | 7 | 17,50 | 6 | 15,00 | 18 | 15,00 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi 2=0,78$ | df=4 | P>0,05 |

Одговорите на директорите, во поголем процент (62,5%) ја потврдуваат постојаната соработка на училиштето со семејствата. 25% директори одговорија дека соработката е повремена и 12,5% дека не соработуваат со семејството.

Сличноста на одговорите на педагозите и психолозите на училиштата ја потврдува сличноста во нивната работа на овој план. Така, дека соработката е постојана одговорија 55% педагози и психолози, дека соработката е повремена одговорија 27,5% педагози и 30% психолози одговорија дека нивната соработка е повремена, а 17,5% педагози и 15% психолози не соработуваат со семејствата за проблемот на насилството.

Пресметаниот хи-квадрат тест е 0,78 за степен на слобода 4, што покажува дека не постои статистички значајна разлика во одговорите кои ги дадоа директорите на училиштата, училишните педагози и психолози по однос на ова прашање.

*****

Одговорите кои ги дадоа директорите на средните училишта ја покажуваат нивната сериозност во пристапот кон соработката со семејството. Таквиот пристап не наведува на тоа да ја потврдиме поставената хипотеза каде претпоставивме дека: директорите на училиштата во доволна мера соработуваат со семејствата на децата насилници и децата жртви на училишно насилство во функција на решавање на овие проблеми во училиштето и решавање на последиците кај децата и младите за полесно надминување на тие последици.

Педагозите и психолозите имаат сличен пристап со директорите по однос на овој проблем и во таа смисла и врз основа на вредноста на пресметаниот хи- квадрат тест ја отфрламе хипотезата дека: постои разлика во соработката на директорите, педагозите и психолозите на училиштата во соработката со семејствата во функција на решавање на проблемите на насилство во училиштата.

## 9.2. Соработката на директорот со специјализирани институции чија дејност е превенција, спречување и разрешување на насилството во училиштата

Теориските поставки и искуството во светот и кај нас покажува дека големо значење во решавањето на училишното насилство има соработката на училиштата со институциите кои се посебно заинтересирани за решавање на овој проблем.

Затоа на директорите им поставивме прашање каква е нивната соработка со овие институции.

Табела 37. Соработка со институции чија дејност е превенција, спречување и разрешување на насилството во училиштата

| Одговори на испитаниците | директори | | педагози | | Психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| соработката е постојана | 23 | 57,50 | 22 | 55,00 | 27 | 67,50 | 72 | 60,00 |
| соработката е повремена | 11 | 27,50 | 11 | 27,50 | 10 | 25,00 | 32 | 26,67 |
| не соработувам | 6 | 15,00 | 7 | 17,50 | 3 | 7,50 | 16 | 13,33 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 40 | 100 | 120 | 100 |
| | | | | | | $\chi2=2{,}27$ | df=4 | P>0,05 |

57,5% директори одговорија дека нивната соработка со овие специјализирани институции е постојана, 27,5% дека таквата соработка е повремена, а 15% дека таква соработка не постои.

Истите прашања им ги поставивме и на педагозите и психолозите на училиштата. Добиените резултати укажуваат на тоа дека психолозите поодговорно и приоѓаат на оваа соработка и 67,5% од нив кажуваат за постојана соработка, 25% за повремена, а 7,5% не соработуваат со таквите установи. Училишните педагози со 55% се застапуваат за постојана соработка со специјализираните установи, со 27,5% за повремена соработка и 17,5% не соработуваат.

*****

Резултатите кои ги добивме покажуваат дека директорите на средните училишта соработуваат со институциите чија дејност е решавањето на проблемите на насилничко однесување на децата и младите и во таа смисла се потврдува соодветната хипотеза.

Споредбата со резултатите добиени по ова прашање од училишните педагози и психолози не покажуваат поголеми разлики, а тоа го потврдува и резултатот од пресметаниот хи-квадрат тест.

Оттука се опфрла поставената хипотеза со која претпоставивме дека постои разлика во одговорите на директорите и училишните педагози и психолози за остварувањето на соработката на училиштето со специјализираните институции кои работат на проблемот на решавањето на насилничкото однесување на децата и младите.

# 10. МИСЛЕЊА НА ДИРЕКТОРИТЕ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ЗА СОРАБОТКАТА СО СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ

## 10.1. Соработката на директорите со стручните служби во функција на превенција на насилството во училиштето

Сосема е логично дека резултатите во решавањето на проблемите на насилство, во голема мера зависат од соработката на директорот со стручните служби во училиштето.

**Табела 38. Проблемите поврзани со превенцијата на насилството во училиштето ги решавам во соработка со стручните служби (педагог, психолог, социолог и сл.)**

| Одговори на директорите | Директори | |
|---|---|---|
| | f | % |
| потполно се согласувам | 35 | 87,50 |
| делумно се согласувам | 4 | 10,00 |
| Воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 |
| ВКУПНО | 40 | 100 |

Заради тоа на директорите им поставивме прашање дали се согласуваат со тврдењето дека соработуваат со стручните служби ви училиштето.

Директорите со голем процент од 87,5% потполно се согласија со поставеното тврдење, 10% делумно се согласија, а само 2,5% воопшто не се согласија.

*****

Овие резултати предизвикуваат задоволство од односот на директорот кон поставеноста и работата на стручните служби во училиштето. Всушност, како и по однос на работата во училиштето во целост, така и по однос на решавањето на насилството во училиштето од големо значење е соработката на субјектите во училиштето.

## 10.2. Мислења на директорот за оспособеноста на стручните служби за превенција на насилството во училиштето

За да го откриеме мислењето на директорите на училиштата за работата на стручните служби го поставивме тврдењето дека овие служби не се доволно оспособени за превенција од насилство во училишното.

Табела 39. Стручните служби во училиштето (педагог, психолог, социолог и сл.) не се доволно оспособени за решавање на проблемите поврзани со превенцијата на насилството во училиштето

| Одговори на директорите | Директори | |
| --- | --- | --- |
| | f | % |
| потполно се согласувам | 11 | 27,50 |
| делумно се согласувам | 19 | 47,50 |
| воопшто не се согласувам | 10 | 25,00 |
| ВКУПНО | 40 | 100 |

Само 27,5% директори се согласија со ова тврдење, 47,5% делумно се согласија, а 25% не се согласија со поставеното тврдење дека стручните служби не се доволно оспособени за решавање на проблемите поврзани со превенцијата од насилство во училиштата.

## 10.3. Мислења на директорите на средните училишта дали стручните служби покажуваат интерес за заедничка работа за превенција на насилството во училиштето

Во функција на испитување на мислењата на директорите за стручните служби во училиштето им го поставивме и тврдењето дека стручните служби не покажуваат интерес за работа на превенцијата од насилство во училиштето.

Табела 40. Стручните служби во училиштето (педагог, психолог, социолог и сл.) не покажуваат интерес за заедничка работа во превенцијата на насилството во училиштето

| Одговори на директорите | Директори | |
|---|---|---|
| | f | % |
| потполно се согласувам | 9 | 22,50 |
| делумно се согласувам | 9 | 22,50 |
| воопшто не се согласувам | 22 | 55,00 |
| ВКУПНО | 40 | 100 |

22,5% директори се согласија потполно со поставеното тврдење, 22,5% делумно се согласија, но затоа повеќе од половината директори на средните училишта (55%) воопшто не се согласија со тоа дека стручните служби не покажуваат интерес за работа на превенција од училишно насилство.

## 10.4. Дали директорите и стручните служби на средните училишта работат заедно за спречување на насилството во училиштето

На директорите им го поставивме и тврдењето во кое се тврди дека за да се спречи насилството во училиштето тие треба да работат заедно со стручните служби.

Табела 41. За да го спречиме насилството во училиштето работиме заедно со стручните служби во училиштето

| Одговори на директорите | Директори | |
|---|---|---|
| | f | % |
| потполно се согласувам | 34 | 85,00 |
| делумно се согласувам | 5 | 12,50 |
| воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 |
| ВКУПНО | 40 | 100 |

Голем процент од директорите (85%) потполно се согласија со поставеното барање, 12,5% делумно се согласија, а 2,5% воопшто не се согласија со поставеното тврдење, што значи дека директорите работат заедно со стручните служби во училиштето на планот на спречување на насилството во средните училишта.

## 10.5. Стручните служби од средните училишта не покажуваат интерес заедно со директорите на училиштата да се справат со насилството во училиштето

На поставеното тврдење дека стручните служби во училиштата не покажуваат интерес за заедничко решавање на проблемите на насилство во училиштето 12,5% директори потполно се согласија, 27,5% делумно се согласија и 60% воопшто не се согласија со ова тврдење.

**Табела 42. Стручните служби во училиштето (педагог, психолог, социолог и сл.) не покажуваат интерес за заедничко решавање на проблемот на насилство во училиштето**

| Одговори на директорите | Директори | |
|---|---|---|
| | f | % |
| потполно се согласувам | 5 | 12,50 |
| делумно се согласувам | 11 | 27,50 |
| воопшто не се согласувам | 24 | 60,00 |
| ВКУПНО | 40 | 100 |

## 10.6. Милења на директорот за оспособеноста на стручните служби за спречување на насилството во училиштето

За да го испитаме мислењето на директорите за стручните служби го поставивме тврдењето дека тие не се оспособени за спречување на насилничкото однесување во училиштето.

**Табела 43. Стручните служби во училиштето (педагог, психолог, социолог и сл.) не се доволно оспособени за работа на проблемот на спречување на насилство во училиштето**

| Одговори на директорите | Директори | |
|---|---|---|
| | f | % |
| потполно се согласувам | 9 | 22,50 |
| делумно се согласувам | 17 | 42,50 |
| воопшто не се согласувам | 14 | 35,00 |
| ВКУПНО | 40 | 100 |

22,5% потполно се согласија, а еден голем процент директори од 42,5% делумно се согласува и 35% директори воопшто не се согласија со тоа дека стручните служби не се доволно оспособени за работа на проблемите на насилство во училиштето.

## 10.7. Дали стручните служби во средните училишта им помагаат на директорите за разрешување на насилството во училиштето

Понатаму, на директорите им го поставивме и тврдењето дека стручните служби им помагаат во разрешувањето на проблемите на насилство во училиштето. 65% директори потполно се согласија со тврдењето, 32,5% делумно се согласува, а 2,5% воопшто не се согласија со тоа.

**Табела 44. Стручните служби во училиштето (педагог, психолог, социолог и сл.) ми помагаат во разрешувањето на проблемите поврзани со насилство во училиштето**

| Одговори на директорите | Директори | |
|---|---|---|
| | f | % |
| потполно се согласувам | 26 | 65,00 |
| делумно се согласувам | 13 | 32,50 |
| воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 |
| ВКУПНО | 40 | 100 |

## 10.8. Мислења на директорот за оспособеноста на стручните служби за разрешување на насилството во училиштето

Во контекстот на оваа група на прашања на директорите им го поставивме тврдењето дека стручните служби не се доволно оспособени за разрешување на проблемот на училишно насилство.

Табела 45. Стручните служби во училиштето (педагог, психолог, социолог и сл.) не се доволно оспособени за разрешување на насилството во училиштето

| Одговори на директорите | Директори | |
|---|---|---|
| | f | % |
| потполно се согласувам | 5 | 12,50 |
| делумно се согласувам | 23 | 57,50 |
| воопшто не се согласувам | 12 | 30,00 |
| ВКУПНО | 40 | 100 |

12,5% директори потполно се согласија со тврдењето, 57,5% директори делумно се согласија, а 30% воопшто не се согласиле со тоа дека стручните служби не се доволно оспособени за разрешување на насилството во училиштето.

## 10.9. Дали стручните служби од средните училишта покажуваат интерес за разрешување на насилството во училиштето

На директорите на средните училишта им го поставивме и тврдењето дека стручните служби во училиштата не покажуваат интерес за работа на разрешувањето на насилството во училиштето.

Табела 46. Стручните служби во училиштето (педагог, психолог, социолог и сл.) не покажуваат интерес за заедничка работа во разрешувањето на насилството во училиштето

| Одговори на директорите | Директори | |
|---|---|---|
| | f | % |
| потполно се согласувам | 4 | 10,00 |
| делумно се согласувам | 13 | 32,50 |
| Воопшто не се согласувам | 23 | 57,50 |
| ВКУПНО | 40 | 100 |

Само 10% од директорите потполно е согласија со ова тврдење, 32,5% делумно се согласија и 57,5% воопшто не се согласија со тоа дека стручните служби на училиштата покажуваат интерес за разрешување на насилството во училиштето.

*****

Анализата на групата на прашања кои се однесуваа на тоа што мислат директорите на училиштата за соработката која ја остваруваат со педагозите и психолозите во училиштата и какви се нивните мислења за оспособеноста и интересот кој стручните служби во училиштето го покажуваат за заедничка работа со директорот, покажаа задоволство на директорите од соработката на стручните служби со нив на планот на превенцијата, спречувањето и разрешувањето на насилството во училиштето.

Со тоа се потврди хипотезата дека директорите во доволна мера соработуваат со стручните служби во превенцијата, спречувањето и разрешувањето на насилството во училиштето.

Исто така, покажаните резултати ја потврдија хипотезата според која директорите сметаат дека педагозите и психолозите се доволно оспособени за работа на превенцијата, спречувањето и разрешувањето на насилството во училиштето.

Се потврди и хипотезата според која директорите сметаат дека педагозите и психолозите на училиштата покажуваат интерес за превенција, спречување и разрешување на насилството во училиштата.

# 11. МИСЛЕЊА НА СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ЗА СОРАБОТКАТА СО ДИРЕКТОРИТЕ

## 11.1. Дали директорите им помагаат на педагозите и психолозите во средните училишта во превенцијата од насилство

Со сет од неколку прашања сакавме да видиме што мислат училишните педагози и психолози за работата на директорите во насока на решавање на проблемите на насилство во училиштата.

Со таа цел, најпрво на педагозите и психолозите во училиштата им го поставивме тврдењето дека директорите им помагаат во организацијата на превенцијата во училиштата.

**Табела 47. Директорот ни помага во организацијата на превенцијата на насилството во училиштето**

| Одговори на испитаниците | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | F | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 27 | 67,50 | 26 | 65,00 | 53 | 66,25 |
| делумно се согласувам | 12 | 30,00 | 13 | 32,50 | 25 | 31,25 |
| воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 | 1 | 2,50 | 2 | 2,50 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 80 | 100 |
| | | | | $\chi2=0,06$ | df=2 | P>0,05 |

Ова тврдење училишните педагози го прифатија со висок просек одговори за потполна согласност (67,5%), делумно се согласија 30% педагози и воопшто не се согласија 2,5% проценти од нив.

Слична е состојбата и со тврдењата на психолозите во училиштата кои потполно се согласија со процент од 65%, делумно се согласија 32,5% од нив и воопшто не се согласија 2,5% психолози.

## 11.2. Мислења на педагозите и психолозите на средите училишта за оспособеноста на директорите за превземање мерки за превенција од насилство во училиштето

Во следниот чекор на педагозите и психолозите им го поставивме тврдењето по кое директорите не се доволно оспособени за работа на превенција од насилство во училиштата.

Табела 48. Директорот не е доволно оспособен за превенција на насилството во училиштето

| Одговори на испитаниците | Педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | F | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 6 | 15,00 | 10 | 25,00 | 16 | 20,00 |
| делумно се согласувам | 20 | 50,00 | 16 | 40,00 | 36 | 45,00 |
| воопшто не се согласувам | 14 | 35,00 | 14 | 35,00 | 28 | 35,00 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 80 | 100 |
| | | | | $\chi 2=1,44$ | df=2 | P>0,05 |

Педагозите го избраа тврдењето сосема се согласувам во процент од 15%, тврдењето делумно се согласувам со 50% и воопшто не се согласувам со 35%.

Психолозите на училиштата сосема се согласија со ставот дека директорите не се оспособени за работа на превенција на насилството со 25%, 40% од нив делумно се согласија со поставеното тврдење и 35% воопшто не се согласија.

## 11.3. Дали директорите на средните училишта им помагаат на стручните служби во спречувањето на насилството во училиштето

На поставеното тврдење дека директорот им помага во работата за спречување на насилството педагозите со 82% се согласија сосема со тоа, делумно се согласија 15% педагози и воопшто не се согласија 2,5%.

Табела 49. Директорот ни помага во спречувањето на насилството во училиштето

| Одговори на испитаниците | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | F | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 33 | 82,50 | 27 | 67,50 | 60 | 75,00 |
| делумно се согласувам | 6 | 15,00 | 11 | 27,50 | 17 | 21,25 |
| Воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 | 2 | 5,00 | 3 | 3,75 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 80 | 100 |
| | | | | $\chi 2=2,40$ | df=2 | P>0,05 |

Училишните психолози сосема се согласија со ова тврдење во процент од 67,5% делумно се согласија 27,5% и воопшто не се согласија 5%.

## 11.4. Мислења на педагозите и психолозите во средните училишта дали директорите на училиштата се доволно оспособени за спречување на насилството во училиштето

Следното поставено тврдење беше дека директорите не се сосема оспособени за работа на спречувањето на насилството во училиштето.

Табела 50. Директорот не е доволно оспособен за спречување на насилството во училиштето

| Одговори на испитаниците | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 15 | 37,50 | 14 | 35,00 | 29 | 36,25 |
| Делумно се согласувам | 11 | 27,50 | 14 | 35,00 | 25 | 31,25 |
| Воопшто не се согласувам | 14 | 35,00 | 12 | 30,00 | 26 | 32,50 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 80 | 100 |
| | | | | $\chi^2=0,55$ | df=2 | P>0,05 |

Од педагозите сосема се согласија 37,5%, делумно се согласија 27,5%, а воопшто не се согласија 35%.

Психолозите на училиштата со процент од 35% сосема се согласија со тоа дека директорот не е сосема оспособен за работа на спречување на насилството во училиштето, делумно се согласија 35% и воопшто не се согласија 30%.

*****

Добиените резултати за мислењата на педагозите и психолозите на училиштата за директорите покажаа дека во голема мера директорите им помагаат на педагозите и психолозите во превенцијата и спречувањето на насилството во училиштето. Таквиот исход од овј дел на истражувањето ја покажа, уште еднаш, добрата соработка меѓу директорите и педагозите и психолозите на училиштата во превенцијата и

спречувањето на насилството во училиштето, што секако, не упатува на заклучокот дека постојат и добри резултати во овој дел од нивната заедничка работа.

Мислењата на педагозите и психолозите за тоа дали директорите се доволно оспособени за работа на превенцијата и спречувањето на насилството во училиштето покажа дека некаде околу половината педагози и психолози сметаат дека директорите не се доволно оспособени за работа на превенцијата и спречувањето на насилството во училиштето, а толкав број педагози и психолози сметаат дека оспособеноста на директорите за работа на овој план е добра.

Резултатите ја потврдија хипотезата дека директорите на училиштата делумно им помагаат на стручните служби во работата на превенција и спречување на насилството.

Резултатите, исто така, не упатија и на отфрлање на хипотезата според која постои разлика во мислењата на педагозите и психолозите дека директорите се оспособени за работа на спречувањето и превенцијата од насилство во училиштата.

## 11.5. Дали директорите на средните училишта им помагаат на педагозите и психолозите во училиштето за разрешување на насилството

За подобро согледување на соработката на директорот со стручните служби на планот на решавањето на проблемите на училишното насилство сакавме да го испитаме и мислењето на училишните педагози и училишните психолози за директорот, колку и дали тој им помага во решавањето на насилството во училиштето и што мислат тие за оспособеноста на директорот на планот на решавањето на насилството во училиштето.

Во тој контекст, најпрво, на педагозите и психолозите на средните училишта им го поставивме тврдењето дека директорот им помага во решавањето на проблемите поврзани со училишното насилство.

Табела 51. Директорот ни помага во разрешувањето на насилството во училиштето

| Одговори на испитаниците | педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 23 | 57,50 | 24 | 60,00 | 47 | 58,75 |
| Делумно се согласувам | 16 | 40,00 | 15 | 37,50 | 31 | 38,75 |
| Воопшто не се согласувам | 1 | 2,50 | 1 | 2,50 | 2 | 2,50 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 80 | 100 |
| | | | | $\chi2=0,05$ | df=2 | P>0,05 |

Ова тврдење со потполно се согласувам го прифатија 57,5% педагози и 60% психолози.

Делумно се согласија со тврдењето 40% педагози и 37,5% психолози, а воопшто не се согласија 2,5% училишни педагози и 2,5% училишни психолози.

Пресметаниот хи-квадрат тест е 0,05 за степен на слобода 2, што покажува дека не постои статистички значајна разлика во одговорите кои ги дадоа училишните педагози и психолози по однос на ова прашање.

## 11.6. Мислење на педагозите и психолозите во училиштето дали директорите се оспособени за разрешување на насилството во училиштето

Во оваа група на прашања на педагозите и психолозите на средните училишта им го поставивме тврдењето дека директорите не се доволно оспособени за работа на решавање на проблемите на насилство во училиштето.

Табела 52. Директорот не е доволно оспособен за разрешување на насилството во училиштето

| Одговори на испитаниците | Педагози | | психолози | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| потполно се согласувам | 8 | 20,00 | 5 | 12,50 | 13 | 16,25 |
| Делумно се согласувам | 18 | 45,00 | 21 | 52,50 | 39 | 48,75 |
| Воопшто не се согласувам | 14 | 35,00 | 14 | 35,00 | 28 | 35,00 |
| ВКУПНО | 40 | 100 | 40 | 100 | 80 | 100 |
| | | | | $\chi2=0,92$ | df=2 | P>0,05 |

Со поставеното тврдење потполно се согласија 20% педагози и 12,5% психолози на средните училишта.

Делумно се согласија со тврдењето дека директорот не е доволно оспособен за решавање на насилството во училиштето 45% училишни педагози и 52,5% училишни психолози.

Воопшто не се согласија со наведеното тврдење 35% педагози и 35% психолози на средните училишта.

*****

Добиените резултати покажуваат дека училишните педагози и училишните психолози имаат скоро изедначени мислења за своите директори.

Половината од нив потполно или делумно се согласуваат со тоа дека директорите на училиштата им помагаат во активностите на планот на решавањето на насилството во училиштето. Сосема мал процент од нив воопшто не се согласуваат со наведеното тврдење.

Оттука се потврдува поставената хипотеза дека директорите на училиштата во доволна мера им помагаат на педагозите и психолозите во настојувањата да се решат проблемите на насилство во училиштето.

Вредноста на пресметаниот хи-квадрат тест ја отфрла хипотезата со која претпоставивме дека постои разлика во мислењата на училишните педагози и училишните психолози по прашањето дека директорите им помагаат во активностите за решавање на насилството во училиштето.

Поголемиот број педагози и психолози на училиштата воопшто не се согласија, или делумно се согласија со тврдењето дека директорите не се доволно оспособени за решавање на насилството во училиштето.

Тоа ја потврдува поставената хипотеза дека педагозите и психолозите не се согласуваат со тоа дека директорите не се оспособени за решавање на насилството во училиштето.

Блискоста на мислењата и вредноста на пресметаниот хи-квадрат тест наведува на тоа да се отфрли хипотезата според која постои разлика во мислењата на училишните педагози и училишните психолози за тоа дека директорите не се доволно оспособени за решавање на насилството во училиштето.

Наведените мислења на директорите на средните училишта за стручните служби во нив и на стручните служби за директорите на училиштата, со голема

веројатност, не уверуваат во ситуацијата на заедничка соработка на директорите и педагозите и психолозите во средните училишта во заедничките настојувања да ги решат проблемите на насилство во училиштата.

# 12. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ДОБИЕНИ ОД ИЗВРШЕНОТО ИНТЕРВЈУ СО НАСТАВНИЦИТЕ ОД СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

За поблиско објаснување на проблемите на насилството во средните училишта спроведовме и интервју со наставници – класни раководители од училиштата.

Интервјуто беше врзано со цел да добиеме одговори кои точно ќе одговарат на тоа што сакаме да го дознаеме и со цел размислувањата што ги даваа различните наставници да можеме да ги споредиме.

Интервјуто го изведовме така што од испитаниците баравме постапно да одговараат на секое прашање кое ние го поставувавме. Во оние случаи кога одговорите беа премногу кратки и недоволно јасни, ние им поставувавме потпрашања со кои сакавме да добиеме образложени и прецизни одговори. На пример, кога на прашањето: „Колку е честа појавата на насилство во Вашето училиште“ добивме одговор „делумно“ ние понатаму прашавме што испитаникот мисли со тоа и баравме подиректно да го објасни својот став.

Одговорите кои ги добивавме од наставниците кои ги интервјуиравме грижливо и точно ги запишувавме.

Прашањата кои ги поставувавме беа кратки и јасни. Главно се однесуваа на следните проблеми:

- Што подразбираат под поимот насилство;
- Дали има и колку е честа појавата на насилство во нивното училиште;
- Кој облик на насилство е најприсутен во нивното училиште;
- Која е причината за појава на насилство во нивното училиште;
- Дали наставниците покажуваат насилничко однесување кон учениците;
- Дали во училиштето има случаи на насилство на учениците спрема наставниците;
- Дали тие, како наставници, биле сведоци на насилство во училиштето;
- Дали учениците им се обратиле за помош ако биле жртви на некој вид насилство;
- Дали тие лично, некогаш покажале насилно однесување спрема некој ученик;
- Ги прашавме и кое е нивното мислење по однос на тоа што треба да се направи за превенцијата и спречувањето на насилството во училиштето;

- Дали го оправдуваат присуството на обезбедување од страна на професионални лица од надвор во училиштето;
- Дали се застапуваат за строго казнување на „насилниците“;
- Дали сметаат дека учениците во нивното училиште се чувствваат безбедно;
- Дали сметаат дека директорите и училишните педагози и психолози своите активности ги насочуваат и кон решавање на насилството во училиштето; и
- Дали сметаат дека директорите и училишните педагози и психолози се оспособени за превенција, спречување и разрешување на насилството во училиштето.

Со интервјуто ги опфативме класните раководители од првите, вторите, третите и четвртите години на СЕОУ –Гостивар и ОСТУ – Гостивар.

Беа опфатени класни раководители на класови кои работат на македонски, на албански и на турски јазик.

Одговорите кои ги добивме на првото прашање со кое сакавме да осознаеме дали наставниците го познаваат насилството во сите негови облици добивме одговори кои покажаа дека наставниците од средните училишта, главно ги познаваат облиците на училишно насилство, со што се покажа нивната информираност за овој проблем.

На наше задоволство во интервјуто наставниците кои работат на трите наставни јазици одговорија дека во нивното училиште насилството, или е ретка појава, или го нема.

Во оние случаи каде одговорите беа дека насилството, иако во мал број, сепак е присутно во училиштето, наставниците одговорија дека најчесто е присутно физичкото насилство во форма на малтретирање на помладите од страна на постарите ученици, понатаму, меѓусебните караници и пресметки, меѓунационална не трпеливост и пресметки, агресивно однесување, вандализам и сл.

Во, не мал број случаи, наставниците сметаат дека основна форма на насилство во нивното училиште е психолошкото насилство. Психолошкиот протисок и не фер постапките се карактеристични и за наставниците. Омаловажувањето е присутно и во комуникацијата меѓу учениците и во односите на наставниците кон учениците.

Одговорите на наставниците во интервјуто ја потврдија нашата претпоставка дека во нашите училишта насилството не е изразено во поширок обем и дека тоа е нешто што се јавува во поново време и со него наставниците лесно се справуваат.

На поставеното прашање, дали тие како наставници насилнички се однесуваат кон учениците, најголемиот број на интервјуирани наставници ја одбија можноста од такви постапки од нивна страна. Оние кои дадоа потврдни одговори објаснија дека насилството од нивна страна не е во физичка форма, туку дека станува збор за спротивставување кон учениците тогаш кога тие насилно се однесуваат кон некој друг ученик, или кон наставникот.

Таквата ситуација, доколку е објективна, укажува на тоа дека во нашите средни училишта се воведуваат промени во духот на современите барања каде ученикот станува партнер на наставникот и е во центарот на работата на училиштата.

Интересни се одговорите на наставниците кои ги интервјуиравме за причините кои допринесуваат за појава на формите на насилство во училиштето.

Во најголем број случаи наставниците за основен фактор ги сметаат семејствата и односите меѓу членовите во нив и лошните особини на учениците.

Мал број од наставниците ни одговорија дека за причина ги сметаат меѓунационалната не трпеливост и непостоењето на меѓусебна толеранција меѓу учениците од различните националности.

Наставниците од средните училишта, во не мал број случаи, за појавата на насилничкото однесување кај учениците ги обвинија основните училишта и работата на наставниците во нив. Тие сметаат дека во основните училишта, во поново време, има пад на дисциплината кај учениците. За тоа ги обвинуваат наставниците од основните училишта и нивната индолентност кон она што се случува во училиштата.

Во контекстот на причините за појава на насилство во средните училишта интервјуираните наставници го наведоа и опстојувањето на негативни „водачи" во класовите и училиштето кои настојуваат другите ученици да ги следат во нивните постапки и тогаш кога тие не се исправни. Во оние случаи кога некој од учениците се обидува да им се спротистави да не ги следи во однесувањето таквите негативни „водачи" го малтретираат, или тие ученици и понекогаш и физички се пресметуваат со нив.

За подобрување на состојбата во училиштата наставниците од средните училишта предлагаат да се одржуваат обуки, семинари и сл. за оспособување на наставниците да ја превенираат состојбата на појава на насилство во училиштата и да го спречат насилството тогаш кога тоа ќе се појави во некој облик.

Значајно место во превенцијата и спречувањето на насилството наставниците од средните училишта и придаваат на соработката на училиштето со семејствата, посебно

на соработката со т.н. „ризични“ семејства и семејства каде е присутно семејно насилство меѓу возрасните членови во него и насилство на родителите врз децата.

Наставниците ја нагласуваат и улогата на директорите на училиштата и на стручните служби во нив кои треба своите активности да ги насочат и кон првенцијата и спречувањето на насилството во училиштето.

Меѓутоа, повеќето наставници се задоволни со работата на директорите и училишните педагози и психолози на планот на решавањето на проблемите на насилството во училиштето. Во оваа смисла тие сметаат дека директорите и педагозите и психолозите од средните училишта се најоспособени за справување со насилството во училиштето.

Голем број од наставниците од средните училишта се согласуваат со воведувањето на обезбедување од лица од надвор, во училиштата, со што ќе се намали ризикот од конфликти меѓу учениците од даденото училиште, но и конфликти и физички расправии со ученици од други училишта, што, во поново време, станува евидентна, и не ретка појава.

Како мерка за спречување и разрешување на насилството во училиштето, мал број наставници ги оправдуваат строгите казни, а поголем број од нив сметаат дека се потребни постојани образложени и стручни совети и разговори со овие ученици.

Во функција на превенција од насилство во училиштето, повеќето наставници предлагаат постојани разговори и совети на часовите на класните раководители и одржување на предавања од страна на педагозите и психолозите за групи ученици кои покажуваат „ризично“ однесување, но и за сите ученици на општите состаноци.

Во оваа насока наставниците предлагаат постојано да се ангажираат и стручњаци од специјализираните установи чија дејност е решавањето на насилничкото однесување на децата и младите, стручњаци од безбедносните служби, од здравствените установи и сл.

Задоволува мислењето кое го добивме од наставниците во средните училишта дека учениците во нивните училишта се чувствуваат безбедно.

Таквото мислење упатува на заклучокот дека нашите средни училишта, главно, се безбедна средина за учење за што, се разбира, допринесуваат активностите на директорите на училиштата, стручните служби и наставниците.

Добиените одговори, во нивната целосност, укажуват на тоа дека во средните училишта во Република Македонија насилството не се испојува во големи размери и не е алармантна појава. Меѓутоа, и во овие размери во кои тоа постои во училиштата бара

сериозна активност од страна на менаџерите, стручните служби и наставниците во него и од страна на заинтересираните субјекти во социјалната и општествената срдина.

# ЧЕТВРТИ ДЕЛ

# РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА, БИБЛИОГРАФИЈА, ПРИЛОЗИ

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Економската и социјалната нестабилност кои преовладуваат во Република Македонија во текот на изминатите децении придонесоа за пад на вредностите, зголемување на конфликтите, агресија и насилство во социјалните и меѓучовечките односи.

Овие промени предизвикаа нови социјални проблеми, кои првенствено го зафатија образованието, развојот и социјалното формирање на децата и адолесцентите. Во училиштата, на улица, во домашна средина и на други места децата се соочуваат со невидена бруталност од страна на возрасните, но и од страна на врсниците.

Недостатокот на знаења и искуства за решавање на конфликтите, недостатокот на вештини за самоконтрола кај децата и младите и сл. кај нив предизвикуваат агресивност и ги прават ранливи на заканата од насилство.

Растот на јавната и индивидуалната агресија и насилство ја интензивира потрагата по изнаоѓање на мирна еволутивна транзиција и отварање на насоки за поправичен социјален ред и пронаоѓање на флексибилни нови механизми за решавање на традиционалните и новите социјални проблеми.

Развојот и имплементацијата на ефикасен систем за превенција на насилството во општеството бара сеопфатни интер-дисциплинарни и мулти-дисциплинарни истражувања насочени кон идентификување на механизмите на репродукција на насилството во секојдневниот живот и општествената практика.

Во овој поглед, во подем е значајноста на изнаоѓање на теориски модел кој ќе се стави во функција на понатамошните истражувања на овој план.

Според мислењето на некои автори кои се бават со овој проблем, на насилството треба да се гледа како на средство и начин за "уништување" на социјалниот простор со постапки на поединците и општеството.

Последниве години во Република Македонија значително е зголемен адолесцентниот криминал, алкохолизамот, наркоманијата и антисоцијалното однесување во целост.

Последниве години се укажува на фактот дека адолесцентите се повеќе се подложни на предизвиците на светот околу нив, кој содржи многу суровост, насилство, агресија, непријателство, индивидуализам и сл.

Зголемениот број на адолесценти со девијантно однесување, во голема мера, е резултат на недостатоците на образованието, процесот на социјализација и можностите и улогата на современото училиште.

Стравот од училиштето, негативните очекувања на училишната заедница, конфликтите со наставниците, не фер и омаловажувачкиот пристап на наставниците и навредливите забелешки за способностите и изгледот на учениците, се покажуваат како фактори кои се поттикнувачи за формирање на девијантното однесување кај учениците во средните училишта.

Во современото училиште адолесцентите се подложни на зголемен притисок и принудени се да останат "добри" и се предмет на бројни и често неразумни барања. Авторите кои го обработуваат овој проблем поставуваат паралела помеѓу емоционалната состојба на децата и младите и развојот на девијантното однесување.

Девијантното однесување во современото средно училиште бара посебни услови за негова корекција.

Меѓутоа, треба да се нагласи дека се уште малку е истражена суштината на криминалното насилство воопшто и на малолетниците посебно, условите на нејзиното формирање, природата и проценката на влијанието на насилството врз младите, карактерните црти на насилните престапници, основата за ослободување од кривична одговорност на малолетниците кои имале ментална ретардација, ефективноста на кривичното право во санкционирањето на криминалното насилство на малолетните лица и др.

Во контекст на темата која е предмет на нашето истражување ја истакнуваме улогата на менаџментот во училиштето во превенцијата, спречувањето и разрешувањето на насилтвото кај адолесцентие во средните училишта во Република Македонија.

Во оваа смисла нашето истражување го насочивме кон откривање на акивностите на директорите во училиштето и стручните служби во него.

Поаѓајќи од сознанието дека во нашите средни училишта, главно се вклучени училишен педагог и училишен психолог како стручна служба ставена во служба на решавањето на воспитните и образовните проблеми, во истражувањето ги вклучивме и нив со цел да имаме унифицирани примероци од различните средни училишта.

Популацијата на средни училишта ја сочинуваат средните училишта од западниот, централниот и источниот регион на Република Македонија.

Целта на нашето истражување е во согледувањето на мислењата и ставовите на директорите на средните училишта, училишните педагози и психолози во овие училишта за тоа колку менаџерите на училиштата во Република Македонија го согледуваат проблемот на насилство во нив, колку допринесуваат за превенцијата, спречувањето и разрешувањето на овој проблем во училиштата.

Поставениот проблем на истражување не е едноставен и лесен ако се појде од неговата севкупност.

Меѓутоа, поаѓајќи од фактот што нашето истражување е од индивидуален карактер ние се обидовме проблемот на насилството во средните училишта кај нас да го согледаме преку мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози.

Во нашиот труд сакаме да укажеме на поврзаноста на системот на менаџирање во училиштето и современите барања за превенција, спречување и разрешување на проблемот на насилството во средното училиште во Република Македонија.

Современото време, во многу поизразена форма го исфрла на површина проблемот на насилството во училиштето во сите негови аспекти.

Во тој контекст, пред менаџерот на училиштето се поставуваат нови, поинакви барања и менаџерски активности, каде што директорот на средното училиште добива нова улога како лидер, кој ги креира, ги промовира, ги реализира и ги евалуира промените во училиштето.

Новото време бара директор од нов ков, директор менаџер, вистински лидер во својата средина, директор кој ќе биде способен да ја реализира мисијата на училиштето, кој има визија за работа и развој на училиштето.

Отвореното образование, во светски рамки, се става во функција на промени на традиционалните пристапи и воопшто традиционалната работа во училиштето. Во оваа смисла зборуваме за симбиоза на иновации замислени како систем на промени кои треба да одговорат на современите барања. Тие го опфаќаат воспитно-образовниот систем во целина, неговата поставеност и организација, но и внатрешната поставеност на наставната работа.

Во склопот на сите иновации се и промените во управувањето со системот во целина и управувањето со потсистемите.

Средното образование, како еден од основните потсистеми треба да го понесе товарот на сето она ново што треба да се случи во соодност со современите барања на животот и работата на човекот.

Централно прашање е како тоа ќе се иновира и во областа на управувањето. Токму тука ја гледаме симбиозата на бројноста на иновации во училиштето и потребата од квалитетно менаџирање.

Во основата на современото училиште е барањето како тоа да се направи безбедна средина за учениците.

Секое училиште вклучува повеќе елементи и тоа:

- материјално-технички ресурси (простор, опрема, средства за работа, предмет на работа);
- финансиски ресурси (средствата остварени по различни основи); и
- кадровски расурси (луѓето, расположливите потенцијали за работа).

(Stefanovič, 1998)

Кога зборуваме за кадровските ресурси зборуваме за луѓе кои се вработени во организацијата и имаат професионални задачи и интеракциски се поврзани за да ги остварат поставените цели на организацијата.

Големо значење за работата на едно училиште има и надворешната компонента која го прикажува влијанието на надворешната средина врз одвивањето на воспитно-образовниот процес внатре во организацијата и има големо влијание врз однесувањето на учесниците на тој процес.

Станува збор за закони и прописи на државата, како и за понагласено влијание на јавното мислење на локалната и пошироката општествена заедница што се во тесна врска со културата, традицијата, религиозните чувства, потребите и слично.

За нашиот предмет на проучување посебно значење има однесувањето на директорот во училиштето.

Нашето истражување во својот предмет ги интегрира проблемот на менаџментот на училиштето и неговата улога во превенцијата, спречувањто и разрешувањето на проблемот на насилството во него.

Оттука, сметаме дека во теоретското разгледување на проблемот на истражувањето постои потреба, најпрво да се осврнеме на теоретските аспекти на проблемот на менаџментот.

Во одредувањето на поимот менаџмент ја истакнуваме дефиницијата на Трајан Гоцевски наведена во делото „Образовен менаџмент“. Гоцевски тврди дека по својата

природа менаџментот е сложен и комплексен феномен и се разгледува како микро и макро менаџмент.

- Микро менаџментот се занимава и ја опфаќа проблематиката, работењето и успешноста на организацијата, додека пак;
- Макро менаџментот се однесува на остварување на поставените цели.

(Гоцевски, 2007)

Менаџментот има големо значење и соодветствува на надворешните и внатрешните ресурси во секоја организација. Во тој контекст зборуваме и за значењето на менаџментот и во воспитно-образовните институции.

Најпрво, преку еден динамичен процес менаџментот мора да ги разоткрие остварливите потреби на образовниот процес. Тој ги здружува сите сили во превземањето на нови потфати, како постојан стремеж за остварување на целите. Менаџментот води сметка за меѓучовечките односи внатре во системот и надвор од него- во опкружувањето. (Гоцевски, 2007)

Под поимот директор (и директор на средното училиште) се подразбира функција што некоја личност ја извршува во некоја организација или звање што некоја личност го носи при извршување на некоја раководна функција на некои од повисоките менаџерски нивоа. (Петковски, 2000)

Имено, станува збор за дадено законско право или поставување на некое лице на функцијата директор со одлука на некој орган.

Според Серџовски, за да може едно лице успешно да ја извршува функцијата директор, треба да поседува неколку осовни карактеристики, и тоа: стручна, кадровска, едукативна, симболичка и културна.

Стручната карактеристика на директорот се однесува на стручните знаења и неговата подготовка со кои располага и се на поголемо ниво од другите вработени од подрачјето на дејноста на организацијата на која е директорот. Стручниот директор го започнува работниот ден со јасна претстава за крајната цел и ги поставува вистинските работи на вистинско место. Поседувањето на оваа карактеристика на директорот е во прилог на добрите меѓучовечки односи, а тоа значи и за градење на безбедна училишна средина, што е и предмет на нашето проучување и истражување. Токму оваа карактеристика му овозможува на директорот да биде оној субјект во училиштето кој се наметнува над другите вработени.

Кадровската карактеристика ја чини успешноста на директорот во екипирањето на кадарот. Тоа, всушност значи дека директорот го има првиот збор при нивните вработувања, но и при дистрибуирањето на задачите кои секој вработен треба да ги обавува. Оваа карактеристика е во функција на создавање на добри меѓучовечки односи во организацијата.

Едукативната карактеристика вклучува способност за евалвација на наставните планови и програми, грижа за професионалниот развој на наставниците, но и другите вработени во училиштето. Поседувањето на оваа карактеристика му овозможува на директорот да успее во својата средина и да се наметне како позитивен пример.

Симболичката карактеристика е одлика на успешните директори. Тоа се оние директори кои успеале на училиштето да му дадат карактеристичен имиџ.

Културната карактеристика му овозможува на директорот да ги зајакне вредностите и верувањата кои училиштето го прават единствено. Станува збор за препознатлива средина со своја традиција. Значајно е тоа што ваквите директори не само што создаваат организациска култура туку, се во состојба истата да ја менуваат според наметнатите потреби и услови на работа во училиштето.

Директорите на средните училишта кои поседуваат менаџерски способности и кои поседуваат стручни и кадровски карактеристики се очекува да бидат успешни раководители и водачи во својата средина.

Покрај поседувањето на стручни знаења и искуства, современиот директор како менаџер на училиштето потребно е да биде амбициозен, снаодлив, истраен, искрен и стабилен и да поседува талент за водење, да биде креативен, да поседува способности да ги препознава новите ситуации и да донесува вистинските одлуки значајни за училиштето.

Во контекстот на заначајните способности авторите ги диференцираат и следниве функции на директорот на современо училиште:

- ја предлага Годишната програма за работа и презема мерки за нејзина реализација;
- ги извршува одлуките на Училишниот одбор;
- врши избор на наставници, стручни соработници, воспитувачи и друг административно-технички кадар согласно со Законот и со актите на училиштето, врши распоредување на кадарот во училиштето;

- одлучува за престанок на работниот однос на наставници, стручните соработници, воспитувачите и другиот административно-технички кадар, согласно со Законот и со Колективниот договор;
- поднесува извештај за успехот и за постигнатите резултати во воспитно-образовната работа на училиштето до Бирото за развој на образованието, до Училишниот одбор и до основачот;
- поднесува извештај за материјалното работење на училиштето во текот на учебната година до Училишниот одбор и до Министерството за образование;
- поднесува извештај за реализација на Годишната програма до основачот и до Министерството за образовние и наука;
- врши и други работи предвидени со Законот, со Статутот и со другите акти на средното училиште.

Во оваа смисла поимот директор-менаџер на  училиштето треба да се сфати како функција што ја извршува некој поединец, во некоја организцација (средно училиште), односно како звање што го носи некое лице при извршувањето на определена водствена функција на некои од повисоките менаџерски нивоа.

Вршејќи ја оваа функција директорот на училиштето е менаџер, бидејќи секојдневно врши некоја од менаџерските функции, но сепак, работата на ова раководно лице се уште зависи од повеќе фактори кои, неминовно, ќе ја ограничуваат неговата само-иницијативност и самостојност во вршењето на оваа сложена улога на менаџер.

Меѓутоа, кога го употребуваме терминот директор на училиште, тогаш ги утврдуваме и термините односно поимите манаџер и водач (лидер). (Гоцевски, 2007)

Доколку директорот на  училиштето е насочен кон резултатите од работењето, тогаш тој навлегува во сферата на менаџер, но ако повеќе е насочен кон воспитанието и остварувањето на релации и односи, тогаш тој се приближува до поимот водач (лидер).

Покрај наведеното, директорот на училиштето како менаџер, во улога на водач, визионер, со својата работа ги мотивира, обучува и охрабрува наставниците и работи на тоа наставниците да имаат доверба во него и неговата работа. Директорот треба да ги обединува сите членови на колективот, особено преку создавање на здрава безбедна

средина, а тоа го прави со своите менаџерски активности, доследноста, отвореноста и флексибилноста.

Според наше мислење, со средните училишта треба да раководат менаџери и менаџерски тимови кои се оспособени да го минимизираат турболентното опкружување со знаења и менаџерски активности и да дадат соодветен одговор на создавањето и водењето на динамично училиште, подготвено за вградување на постојани промени и иновации во функција на подобрување на ефикасноста и ефективноста на воспитно-образовниот процес.

Парадигмата за образовна поддршка на учениците во средните училишта станува се попопуларна. Таа се смета како основна компонента на желбата на директорот да им помогне на децата да ја осознаат својата посебност, за да ја остварат својата сопствена индивидуалност и да се изградат на траекторијата на кариерата и образованието.

Оваа парадигма ја одразува целта и потребите на образовниот процес во потрагата по механизми за иницирање на синхронизација на значајни полиња и системи за обука.

Од посебно значење е проблемот на образовна поддршка по однос на заштитата на детето од деструктивни психолошки влијанија од различни фактори во актуелната практика на процесот на учење. Треба да се моделира и да се направи реалност на образовна средина во која се потврдува идентитетот на ученикот да функционира слободно, каде што сите учесници ќе се чувствуваат заштитени во животната средина и ќе ги задоволуваат основните потреби и ќе го зачувуваат и развиваат менталното здравје.

Значаен фактор е и психолошка сигурност на образовната средина и нејзината очигледна зависност од методот, стратегијата и лидерскиот стил во секоја поединечна институција од страна на менаџерот.

Постои реална потреба на општеството за менаџери кои можат да ги организираат потребните интеракции помеѓу субјектите на образовниот процес (ученици, наставници, родители) како систем на образовни можности за да се исполнат нивните субјективни потреби, социјални вредности и ставови.

Обезбедувањето на безбедна средина за учење на локално ниво бара решавање на традиционалниот судир меѓу барањата на образовната средина и реалните можности и психолошките карактеристики на учениците и наставниците, давајќи им на сите

учесници во образовниот процес избор на различни образовни технологии и активности.

Теоретските концепти на насилството во училиштето се делат на три групи на студии кои чинат три основни парадигми на современата наука:

- такви кои се однесуваат на систематскиот и методолошкиотот пристап (структурни и динамични);
- кои припаѓаат на различни парадигми; и
- такви кои се направени со обединувачки метапарадигми.

Првата група вклучува студии кои се однесуваат на феноменот на насилството од аспект на позитивистичкиот објективизам. Овој пристап им овозможува на авторите да се разгледува општеството како тоталитет и насилството како дел од неговата структура. Меѓу најпознатите претставници на овој пристап се: Бекер, Галтунг, Дал, Лухман, Маркс, Хантингтон, итн.

Втората група се состои од студии напишани во субјективистички пристап. Во овие студии акцентот се става на толкувањето на човековото однесување и мотивите на поединецот. Во оваа група можат да се вклучи работата на: Бергер, Вебер, Маркузе и др.

Третата група е составена од претставници на модерниот пристап кои како мета-парадигмална анализа ја разгледуваат социјалната реалност врз основа на единството на акцијата и структурата и животот како систем на субјективни и објективни појави.

Интерпретацијата на терминот "насилство" во категоријата на "принуда" и "моќ" води кон идентификација на концептот на "социјалната регулатива", "социјална контрола", "социјална принуда" и "општествено насилство." Треба јасно да се направи разлика помеѓу овие општествени феномени, во зависност од природата (конструктивна или деструктивна) и нивното влијание врз поединците, општествените групи и општеството.

Предуслов за намалување на насилството во општеството денес е да се надминат системската криза и оптимизацијата на општествената организација на општеството како целина преку воспоставување на механизам за конструктивна интеракција помеѓу менаџерите и подредените, елитите и масите, државата и општеството.

Во теориските поставки за насилството значајно место му се придава на политичкото насилство.

Последните случувања во нашата Република кои со сета жестина го исфрлија на површина проблемот на политичкото насилство, не упатија на тоа посебно да го објасниме и овој вид на насилство.

Политичкото насилство се определува како начин на институционализација на општествените односи, во кои некои поединци или групи на луѓе преку различни средства на надворешна принуда и манипулација доминираат со умот, волјата, способноста на производните сили, сопственоста и слободата на другите за освојување на власта, нејзиното задржување и перформанси. (Кузина, 2010)

Легитимирањето на правата на поединците и социјалните групи против животот, здравјето, слободата и други човечки животи во сите времиња и за сите возрасти се скапи за човештвото. Неговата цена може да биде дури и повисока во ерата на брзиот развој на науката и технологијата. Всушност, проблемот на политичко насилство е особено актуелен и релевантен во ерата на глобализацијата.

Прашањето за политичко насилство е од посебно значење ако се има предвид неговата улога во сите фази од историјата. Традицијата на политичко насилство е неговото формирање на државно ниво, како во рационално-концептуална форма така и во форма на популарен протест, јавна реакција, до крајно угнетување по однос на деградацијата на државните институции.

Вообичаена фраза е "човечката историја секогаш е придружена со војни." Сепак, регулирањето на однесувањето на човекот во општеството, во согласност со критериумите на соодветното и несоодветното почитување на социјалните прописи и нивната примена, е придружена со експлицитно и латентно насилство.

Подолг период од човековата историја, постоењето на политичко насилство е подложено на критичко размислување. И само во просветителството во експлицитната употреба на насилството, физичкиот облик на мачење и извршување е неспоиво со идеите на хуманизмот. (Кузина, 2010)

Насилството останува проблем кој притиска и денес во периодот на глобализацијата. Пристапот кон проблемот на насилството е моделот на елиминирање или регулирање на општествените феномени на сите нивоа на човековата практика.

Човештвото мора да се справи со нова форма на организирано политичко насилство (вклучувајќи го и државното) како што е тероризамот, кој презема лик на глобална меѓународна мрежа.

Како посебен феномен на меѓународниот тероризам му се вклучуваат и националистички, религиозни, кривични и многу други компоненти. Новите реалности на политичка принуда или традиционалните, што се користат во не традиционален контекст доведуваат до актуализација на проблемот на политичкото насилство.

Идејата за "политичко насилство" во контекст на теориските студии и општото културно насилство овозможуваат да се одвои политичкото насилство од вкупниот замислен број на "социјално насилство" и да се дефинира како фактор на општествениот развој, при тоа објаснувајќи ги различните причини за негово опстојување.

Кога станува збор за насилството како негова антитеза се нагласува ненасилството.

За да се разбере практичната примена на идејата за ненасилство како метод на освојување на власта се укажува дека процесите на депроблематизирање и прикривање на политичкото насилство во меѓународните односи значи дегенерацијата на насилството во неговата деструктивна форма.

Еволуцијата на политичкото насилство во современото општество ги дефинира фазите на трансформација на моќта на принудата во форми на информации и идеолошко ривалство.

Концептуализацијата на политичкото насилство во контекст на теоретските и општите културни студии овозможуваат да се направи "разлика" меѓу политичко насилство и насилство во целина.

Насилството ги носи и обележјата на културата во која се случува. Како што забележуваат културните студии, во една култура нешто се смета за суровост, а во друга: форма на живот. Ова го покренува прашањето за значењето на тоа кој ги оценува работите кога станува збор за субјекти кои припаѓаат на различни култури. Можеме да видиме дека постои потреба за попрецизни критериуми на оценување на насилството и разгледување на различните форми на насилство во различни култури.

Се претпоставува дека во секоја култура постои одредено ниво на насилство, кое мора да се претставува одвоено во согласност со нејзината различност.

Во оваа смисла, поаѓаме од фактот дека културата е стабилизирање и почеток на нешто различно и нешто ново.

Оттука, се заклучува дека насилството е вткаено во социјалните и културните процеси на регулативите на една култура и има соодветна мерка на влијание со што промовира стабилно функционирање на социокултурниот систем.

За нашиот проблем на истражување на ниво на посебна значајност избива проблемот на училишното насилство.

Образовните и социјално-образовните системи се најважната форма на институционализација на настојувањата за решавање на проблемот на училишно насилството и прифаќањето на иновативни процеси од оваа област.

Нивната имплементација се заснова на две тенденции: тенденцијата на образовната интеграција и континуитет на овој тренд.

Социо-едукативното спречување на агресијата и насилството меѓу малолетниците се состои од три меѓусебно поврзани компоненти: концептуални, теоретски основи кои ги содржат сознанијата и дијагностичките објекти (мониторинг, образование, стратешко планирање и евалуација на превенција) со содржината, составена од збир на принципи на социјалните и образовните активности, методите и превентивните технологии во образовните институции, интегрирани модели на превенција, мулти-ниво на системот на нивно воведување, методологијата, персоналот, информациите и законодавна поддршка.

Наспроти позадината на драматични промени во општествениот и економскиот живот се зголемува притисокот врз психата, менувањето на вредностите и ставовите на луѓето, зголемените насилни и агресивни форми на соработка во различни институции на општеството.

Посебно опасни се податоците во образовната средина, во која и членовите се најранливи. Училишното насилство најдиректно е условено од стекнатите вредности и ставови и се отсликува во однесување во општеството во целина.

Зголемениот број на адолесценти со девијантно однесување, во голема мера, е резултат на недостатоците на образованието и воспитанието, процесот на социјализација, можностите на училиштето и сл.

Стравот од училиштето, негативните очекувања на училишната заедница, конфликтите со наставниците, не фер и омаловажувачкиот пристап на наставниците и навредливите забелешки за способностите и изгледот на учениците како првични фактори и многу други фактори во средните училишта се поттикнувачи за формирање на девијантнтно и насилничко однесување на учениците.

Во современото училиште адолесцентите се подложни на зголемен притисок и се принудени да останат "добри" и при тоа се предмет на бројни и често неразумни барања. Истражувањата покажуваат дека постои паралела помеѓу емоционалната состојба на младите и развојот на девијација кај нив.

Девијантното однесување во современото тинејџерско средно училиште бара посебни услови со кои тоа ќе се корегира.

И покрај значајниот број на програми за превенција на девијантното однесување, развојот и тестирањето на системските модели за разрешување на девијантно и насилничкото однесување кај адолесцентите деца во современи услови се поставува потребата од многу посериозно приоѓање кон превенцијата, спречувањето и разрешувањето на насилството во училиштата. При тоа се укажува на потребата од:

- Откривање на теоретските аспекти на проблемот на девијантното и насилничкото однесување во адолесценцијата;
- Идентификување на односот меѓу образовната средина и формирањето на девијантното и насилничкото однесување кај адолесцентите; и
- Развивање и тестирање на софтвер за корекција на моделот на девијантното и насилничкото однесување кај адолесцентите од средните училишта.

Во традиционална смисла, за насилство се смета физичкото или сексуалното малтретирање. Меѓутоа, во поново време должно внимание добива емоциоалното насилство, кое во училиштето е многу почесто и од физичкото. Психолошкиот притисок врз некое лице, повредата на неговите права и интереси и ограничувањето на потребите и можностите се вид на насилство кој поради неговата распространетост и често, несвесното во него, може да биде најголемата опасност за личниот развој.

Различните истражувачи се едногласни во мислењето дека повеќето сериозни ефекти се од злоупотребувњето во детството и во нив најчесто децата и младите се жртви.

Недоволните истражувања на овој феномен се должат на неколку причини.

Прво, на негативните ефекти од оваа појава им се придава внимание во поново време и оттука се уште не постои општоприфатена дефиниција за психолошка (емотивна) злоупотреба.

Второ, многу истражувачи се соочуваат со тешкотии во дијагнозата, што се должи на фактот дека насилството може да трае долго време, а да не се открие и признае и не секогаш, се откриваат сторителите на насилството.

Покрај тоа, ефектите од психичкото насилство најчесто се појавуваат во деформација на особините на личноста и однесувањето после долги години.

И конечно, но не и најмалку важно, проблемот е во етичките прашања кои произлегуваат во случај кога се прават обиди за експериментални симулации на проучување на психолошкото малтретирање.

Посебно место во оваа листа е извршувањето на физичка или сексуална злоупотреба против дете. Детето страда од акциите на друго лице. Покрај тоа, често, силувачот, во повеќето случаи, е член на семејството на детето или близок пријател што има сериозни последици за оној кој го трпи насилството, а посебно за децата и младите. Насилните дела против одредено дете можат да му нашетат и на оној кој го извршува насилното дело.

Развојот и имплементацијата на ефикасен систем за спречување на психичкото насилство и заштитата од неговите ефекти, бара сеопфатни студии насочени кон идентификување на психолошките способности и заштитата од негативните ефекти, како во секојдневниот живот така и во образовната средина.

Во контекстот на прашањата од областа на училишното насилство посебно место има потребата од обезбедување на технологии и механизми со кои тоа ќе се спречи или разреши.

Треба да се забележи дека проблемот на формирањето на безбедно однесување на учениците преку развојни технологии и механизми кои ќе се стават во функција на обезбедување ефикасност на вештините за развој на безбедно и стабилно однесување се уште не добил соодветна покриеност со научни трудови.

Програмата за развој на вештини за безбедно и стабилно однесувањето на учениците во училиштето потребно е да се заснива на здрава технологија, која има за цел да се создаде мотивација за безбедно однесување и здрав начин на живот и да се развијат практични вештини за безбедно и стабилно однесување и здрав начин на живот.

Важно е да се разгледаат факторите кои може да се наречат "катализатори" и "инхибитори" на феноменот.

Најпрво, потребно е да се согледаат условите кои допринесуваат за зголемување на агресивноста и насилството и да се развие во науката некој вид на интервална скала со која ќе се мери степенот на агресивноста.

Средното училиште делува како важен агент за социјализација. Сепак, организационата структура на училиштето често го спречува создавањето на креативното размислување и саморазвојот на учениците.

Хармонизацијата и оптималната комбинација на традицијата и иновацијата се значаен фактор за правилен пристап и разбирање на проблемот.

Се верува дека агресијата и насилството се манифестираат на комплексен начин. Нивната моќ, фреквенција и вид на однесување покажуваат зависност од вродените предиспозиции на личноста, личната активност, влијанието на животната средина и образованието.

Значајна улога во агресивното однесување на децата и младите играат личните искуства кои се условени од факторите на не исполнетите потреби, имитацијата и инструменталниот фактор.

Се разбира, тешко е да се одреди степенот до кој агресијата и насилството се резултат на учење. Меѓутоа, растот на агресивниноста кај децата и младите во последниве години покажува дека важна улога во однесувањето играат примерите од реалноста.

Предмет на нашето истражување е улогата на директорите во превенцијата, спречувањето и разрешувањето на насилството во средните училишта во Република Македонија.

Цел на истражувањето е да се испита дали и како директорите на средните училишта во Република Македонија работат на превенцијата, спречувањето и разрешувањето на насилството во училиштето.

Од целта произлегоа и бројни задачи и хипотези на истражуваето.

Накратко ќе наведеме и некои заклучни согледувања.

Промените во општествените збиднувања, денес, во светот и кај нас, во голема мера условија појава на училишно насилство, во сите облици и со различен интензитет.

Овој проблем во нашата педагошка, социолошка и психолошка литература е малку разгледуван. Сметаме дека тоа е резултат на ситуацијата што насилството во нашите средни училишта се појави како евидентен проблем во поново време, како резултат на противречностите во општестото во т.н. период на транзиција, кога на голема врата се појавија: кризата во општеството, кризата во моралот, кризата во вредностите и сл.

Сериозна причина која го условува современото училишно насилство во Република Македонија е и „кризата" во семејството, во смисла на голема диференцијација на семејствата, осиромашувањето на големиот број семејства, зафатеноста на родителите во решавањето на егзистенцијалните проблеми и намалувањето на воспитната функција на семејствата и сл.

Сите општествени проблеми во нивниот тоталитет, во голема мера, ја намалија и воспитната функција на современото училиште и во таа насока и ја условија појавата на насилството во училиштето.

Оттука се наметна и потребата од настојувања кон превенција, спречување и разрешување на насилството во училиштето.

Сето тоа ја наметна и потребата од истражувања во овој домен.

Во Република Македонија, последниве години се прават напори да се испита оваа ситуација со бројни проекти, посебно во средните училишта кои ќе ја потврдат фактичката состојба и ќе отворат насоки кон решавање на овој горлив проблем на современоста.

Нашето истражување е истражување од индивидуален тип и дел од нашата докторска дисертација. Како такво тоа опфаќа само еден сегмент од истражувањата на насилството во современото училиште. Станува збор за тоа дали и колку директорот како менаџер на училиштето работи на превенцијата, стеречувањето и разрешувањето на насилството во училиштето.

Заради карактеристиките на адолесцентите и нивната ризичност за пројавување на насилнички однесувања, во нашето истражување ги вклучивме средните училишта во Република Македонија

Резултатите кои ги презентиравме во анализата и интерпретацијата на истражувањето, уште еднаш, укажуваат на зголемениот интерес за овој проблем од страна на директорите и училишните педагози и психолози кои ги ставивме во функција на проверка на мислењата на директорите на училиштата.

Меѓутоа, резултатите до кои дојдовме отворија и нови насоки на кои треба да работат специјализирани интердисциплинарни и мултидисциплинарни тимови на стручњаци, кои многу поблиску и пообемно ќе го истражат училишното насилство, во неговиот тоталитет, и ќе ги расветлат патиштата за решавање на овој проблем во современото училиште.

## БИБЛИОГРАФИЈА


Addis, A. (1997) On Human Diversity and Limits of Toleration// Ethnicity and Group Rights. Ed. by Ian Shapiro & Will Kymlicka. NY & London: New York University Press.

American Psychological Association,(1993) Commission on Youth Violence. Violence and Youth: Psychologi's Response. Washington.

Andret, H. (1970) On violence. L.: Penguin press.

Antisocial Behavior (1998) // Journal of Emotional and Behavioral Disorders.

Aron, R. (1975) History and dislectic of violence. An anelyses of Sartre' & "Critque de is raison dielectique". Oxford: Basil B'eckwell.

Blanchard, A., Molloy, R, Brown, L. (1992) «I Just Could Not Stop Them». Western Australian Children Living with Domestic Violence. The Curtin University School of Social Work.

Boudewyn, A.C., Liem, J.H. (1995) Childhood sexual abuse as a precursor to depression and self-destructive behavior in adulthood // Trauma Stress. Vol. 8, № 3.

Bowlby, J. (1993) Attachment and loss // Attachment:N.Y.

Brentro, L., Long N. (1995) Breaking the cycle of conflict // Educational Leadership.

Brentro, L., Long N., Johnson J.(1993) Alcohol and kids: Facing our problem // Journal of Emotional and Behavioral Problems.

Briere, J., Conte, J. (1991) Self-Reported Amnesia for Abuse in Adults Molested as Children//Journal of Traumatic Stress.

Briggs, F., Hawkins, R.M. (1994) Child Abuse Neglect. - Vol. - 18, N 8.

Browne, A., Finkelhor, D. (1986) Impact of child sexual abuse: A review of the research. // Psychological Bulletin.

Buck, G.H. (1992) Classroom management and the disruptive child // Music Educator's Journal.

Cahill, C., Llewelyn, S.P., Pearson, C. (1991) Long-term effects of sexual abuse which occured in childhood: A review // British Journal of Clinical Psychology. Vol. 30, №2.

Cigno, K. (1995) Helping to Prevent Abuse and Neglect. // V European Conference on Child Abose and Neglect. - Vol. - 5.

Cole, G. (1993) Personell Management, Theory and Practice", London, D.P. Publishing.

Cornell Dewey, G. (1999) What Works in Youth Violence Prevention // Youth Violence in Virginia: A Needs Assessment. Virginia.

Dombrowski, S. C, & Gischlar, K. L. (2005). Keeping children safe from online sexual victimization. NASP Communique.

Dubois, P. (1991) Torture and Truth. New York: Routledge.

DuRant, R.H., Cadenhead, C., Pendergrast, R.A., Slavens, G., Linder, C.W., (1994) "Factors associated with the use of violence among urban black adolescents", American Journal of Public Health.

DuRant, R.H., Getts, A.G.m Cadenhead, C., Woods, E.R., (1995) "The association between weapon-carrying and the use of violence among adolescents living in or around public housing", Journal of Adolescence.

DuRant, R.H., Pendergrast, R.A., Cadenhead, C., (1994) "Exposure to violence and victimization and fighting behavior by urban black adolescents", Journal of Adolescent Health.

Dvvyer, K., Osher, D., Warger, C. (1998) Early Warning. Timely Response: A Guide to Safe Schools. Washington.

Дракуловски, Љ.(1999) Лидерство основа за ефективен стратегиски менаџмент, Скопје, Економски факултет.

Edmondson, A. (1999) Psychological safety and learning behavior in work teams // Administrative Science Quarterly.

Elias, M. J., Lantieri, L., Patti, J., Walberg, H. J., Zins, J. E. (1999) Violence Is Preventable // Education Week.

England, L. W., Thompson, C. L. (1988) Counseling child sexual abuse victims: Myths and realities. Journal of Counseling and Development.

Evans, J.J:, Briere, J., Boggiano, A.K., Barrett, M. (1994) Reliability and validity of the Trauma Symptom Checklist for Children in a normative sample // Paper presented at the San Diego Conference on responding to Child Maltreatment.

Flannery, D. J., & Singer, M. I. (1999) Exposure to violence and victimization at school. ChoicesBriefs, No.4.

Фурманов, И.А. (1996) Детская агрессивность: психодиагностика и коррекция Текст./ И.А. Минск.

Garbarino, J., Kostelny, K. (1992) Child maltreatment as a community problem. Child Abuse and Neglect.

Gareth, K.J., Jeniter, M.G. (2007) "Contemporary Management", McGraw-Hill/Irwin; 5 edition.

Gašić-Pavišić, S. (1998) Nasilje u školi. u: Milosavljević M. (ur.) Nasilje nad decom, Beograd: Fakultet političkih nauka.

Geffiner, R., Rossman, B. B. R. (1997) Emotional abuse: An emerging field of research and intervention // J. Emot. Abuse. - 1, №1.

Gerlin, A. (2004) Hard Lessons In School Security. Time. Online Edition.

Giddens, A. (1985) The Nation-State and Violence. Cambridge: Polity Press.

Gondolf, E. W. (1993) Malle batteres. In: R. Hampton (Ed.) Family violence: Prevention! and treatment. Thousand Oaks, 1993.

Green, A.H. (1995) Children Traumatized by Physical Abuse // American Psychiatric Association.

Greenhouse, G.J. (1995) Reading violence.// Laws violence. Ann. Arbor.

Гоцевски, Т. (2003), Образовен менаџмент, Битола, Македонска ризница.

Гоцевски, Т. (2007) Образовен менаџмент, Скопје, Филозофски факултет, Св. Кирил и Методиј.

Гребенкин, Е. В. (2005) Социально-педагогическая профилактика агрессии и насилия среди несовершеннолетних в ФРГ, Омск.

Гребенкин, Е. В. (2006) Профилактика агрессии и насилия в школе». Ростов-на-Дону, «Феникс».

Грифин, В.Р. ( 2010) Основи на менаџментот, Кочани,Генекс.

Haltung, J. (1981) The Specific Contribution of Peace Research to the Study of Violence //Violence and its Causes. Paris.

Hamarman, S., Pope, K.H:, Czaja, S.J. (2002) Emotional abuse in children: variations in legal; definitions and; rates across the; United- States // Child: Maltreat. Vol. 7, № 4.

Hamby, J. V. (1999) Developing a Comprehensive Violence Prevention Plan: A Practical Guide. Clemson.

Harris, S. L. & Lowery, S. (2002). A view from the classroom. Educational Leadership.

Hart, S., Binkley, N. J., Brassak, M. R. (1997) Evidence for the effects of psychological maltreatment // J. Emot. Abuse. 1997. - 1, №1.

Hathawa, J. (1996) Safe schools: Policies and practice // Education and Urban Society.

Hessel, K. & Hollo way, J. (2002). A framework for school leaders: Linking the ISLLC standards to practice. (Princeton, NJ: Educational Testing Service.

Hildyard, K.L., Wolfe, D.A. (2002) Child neglect: developmental issues and outcomes // Child Abuse Neglect. Vol. 26. № 6-7.

Hollander, P. (1997) Revisiting the banality of evil: political violence in communist sistems.//Partizan rev. N.Y.

Hunt, R. (1993) Neurobiological patterns of aggression // Journal of Emotional and Behavioral Problems.

Huo-Tsan Chang, Andrea Ti Lee. (2001) The Relationship between Psychological Safety, Organisation Context Support and Team Learning Behaviour in Taiwan //Global J. ofEngng. Educ.

Johnson, D., Johnson, R. (1995) Why violence programs don't work and what does // Educational Leadership.

Johnson, D.W., Johnson, R.T. (1995) Teaching Students to be Peacemakers: Results of Five Years of Research. Peach and Conflict // Journal of Child Psychology and Psychiatry and Allied Disciplines.

Јанкоски, Д. (1998) Транзиција,менаџмент,образование, Скопје, Просветен работник.

Kadel, S., Watkins, J., Follman, J., Hammond, C. (1999) Reducing School Violence: Building a Framework for School Safety. Greensboro.

Kantorova, J., (2009). The school climate-Theoretical principles and research from the perspective of students, teacher and parents, Odgojne znanosti: Vol. 11.

Kaufman, M., Walker, H., Sprague, J. (1997) Translating Research on Safe and Violence Free Schools into Effective Practices. Eugene.

Kazdin, A. (1987) Treatment of antisocial behavior in children: Current status andfuture directions//Psychological Bulletin.

Kelly, E. (1990) Multi-cultural issues in bullying. Conference paper Text./ E. Kelly.— Devon: Exeter University.

Kelly, E. (1990) Multi-cultural issues in bullying. Conference paper Text./ E. Kelly.— Devon: Exeter University.

Kendall-Tackett, K. A., & Eckenrode, J. (1996). The effects of neglect on academic achievement and disciplinary problems: A developmental perspective. Child Abuse & Neglect: The International Journal.

Kremenenko, O. D. (2006) „Features of life meaning strategy of teachers-heads of comprehensive schools as the factor of formation of safe educational"Rostov-on-Don, 2006.

Клочко, В.Е. (1991) Инициация мыслительной деятельности: Автореф. д-ра психол. наук.

Князева, О. Н. (2001) Формы агрессивного поведения учащихся общеобразовательных школ, Нижний Новгород.

Костова, М. (2012) Воспитната работа во современото училиште, Зборник: „Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото", Филозофски факултет, Скопје.

Котевска, М. (2008) Организациска клима и конфликтите,Битола, НУУБ, Св. Климент Охридски.

Кралев, Т. (2007) Основи на менаџмент, Скопје, Универзитет за туризам и менаџмент.

Кузина, С. И. (2010) Политическое насилие, Ростов-на-Дону.

Кучуб, Н. А. (2009) Ценностное взаимодействие семьи и школы в преодолении асоциальности поведения подростков, Оренбург.

Levinson, D. (1988) Family violence in cross cultural perspective // Handbook of Family Violence / In V. B. Van Hassen, R. L. Morrison, A. S. Bellack, M. Hersen (eds.). N. Y: Plenum.

Lichtblau E. (1999) Juvenile Crime Rate Continues to Decrease. Register Guard.

Linstead, S. (1997) Abjection and organization: Mean, violece and manage-ment//Human relations. N.Y. L.

Lipsey, M.W., Wilson, D.B. (1997) Effective Intervention for Serious Juvenile Offenders // A Synthesis of Research. Nashville.

Лаптева, В. Ю. (2010) Психологические особенности подростков с разным уровнем защищенности от психологического насилия в образовательной среде, Санкт-Петербург.

Marušic, S. (1995) Upravljanje i razvoj ljudskih potencijala, Zagreb,Ekonomski institut.

Maxwell, G., Carroll- Lind, J. (1998) Distorted Childhoods: The meaning of Violence for children // Social policy journal of New Zealand.

Mclean, M. (1996) It's a blackboard jungle out there or is it? // The Educational Digest.

Meller, R. H. (1996) The effects of television violence on children // Curr. Paediat. № 4.

Макарчук, А. В. (2004) Психологические последствия насилия у детей 10-13 лет, Москва.

Милковска-Олейничак, Г. (2001) Социально-педагогические факторы агрессивного поведения учащихся современных образовательных учреждений :На примере средних школ Польши, Санкт-Петербург.

Науменко, Ю. Л. (2009) Педагогические технологии и механизмы формирования навыков безопасного поведения учащихся школ, Москва.

Okabayashy, H. (1996) Intervention for school bullying: Observing American schools. Psychologia, vol. 39.

Olweus, D. (1993) Bullying at school. What we know and what we cando Text./ D. Olweus. — Oxford: Blackwell.

O'Neill, P. (1998) Experts: Inner Chaos Fuels Kids Who Kill. The Oregonian.

Osofsky, J.D. (1998) Children in a Violent Society, International Education Journal.

Phmkett, M. C., Southall, D. P. (1996) The effects of war on children // Curr. Paediat. № 4.

Петковски, К. (2000) Водството и ефективната комуникација, Битола, АБ„Киро Дандаро".

Петковски, Н.К. (2004) Водење на динамично училиште, Скопје, Биро за развој на образованието.

Прюсс, Ф. (1996) Насилие в школе: тенденции, причины и условия // Социальная• работа по профилактике и преодолению насилия, агрессии в молодежной среде: Мат-лы рос.-герм. семинара.

Riches, D. (1986) Antropology of Violence. Oxford: Blackwell.

Roland, E. (1988) Bullying: the Scandanavian research tradition Text./ E. Roland // in D. P. Tattum and D. A. Lane (eds) Bullying in Schools. Stoke-on-Trent: Trentham Books.

Rossman, S., Morley, E. (1996) Introduction. Education and Urban Socirty.

Samalin, N. (1992) Loving your Child is not Enough: Positive Discipline that Works.N.Y.

Sayer, D. (1987) The Violence of Abstraction: the Analitic Foundations of Historical Materialism. Oxford: Blackwell.

Schwartz, S.H. (1994) Are there universal aspects in the structure and contents of human values? Journal of Social Issues.

Sharp, C. (1971) Exploring nonviolent alternatives. Boston: Porter Sargent.

Shiva, V. (1993) The Violence of the Green Revolution. London: Zed Books.

Шнейдер, Л.Б. (2007) Девиантное поведение у детей и подростков Текст./ Л.Б. Шнейдер. М.: Академический проект; Гаудеамус.

Шуклев, Б. (1998) „Менаџмент" Скопје, Економски факултет.

Шуклев, Б. (1998) Менаџмент; Скопје, Економски факултет.

Snyder, Th. D. (1998) Trends in Education.

Soen, D. (2002) "Democracy, The Jewish-Arab Cleavage and Tolerance Education in Israel," International Journal of Intercultural Relations.

Soen, D. (2002) "Let's Beat the Hell Out of Them!" - School Violence and Its Prevention", Education and Context.

Soen, D. (2002) "School Violence and its Prevention in Israel," International Education Journal.

Sprague, J., Sugai, G., Walker, H. (1998) Antisocial Behavior in Schools// Handbook of Child Behavior Therapy. N. Y.

Steengaard, N. (1986) Violence and the Rise of Capitalism. New York: Free Press.

Stefanovič , Z. (1998),Organizacija preduzeća, teorija, strukture ponašanja, razvoj, Beograd, Ekonomski fakultet.

Surat, A., Kearus, Th.R. (1994) Making pease with violence: Robert Cover on law and legal theory // Laws violence. Ann. Arbor.

Семенюк, Л.М. (1998) Психологические особенности агрессивного поведения подростков и условия его коррекции: Учеб. Пособие Текст./ Л.М. Семенюк. — М.: Моск. психолого-социальный ин-т: Флинта.

Сытых, Е. Л. (2003) Роль и значение насилия в культуре, Челябинск.

Tevlyukova, O. Y. (2005) "Violence as a phenomenon of the social organisation": experience of the teoretiko-methodological analysis: Novosibirsk.

Tite, T. R. (1993) How teachers define and respond to child abuse: The distinction between theoretical and reportable cases. Child Abuse and Neglect.

Toffler, A. (1990) Powershift Knowledge, Wealth and Violence at the Edge of the 21 century.

Такмакова, М. В. (2011) Взаимосвязь девиантного поведения подростков и условий обучения в современной школе, Москва.

U.S. Department of Education.(1999) Annual Report on School Safety, Washington.

Vail, K. (1998) Give Peace a Chance. The American School Board Journal.

Vayrynen, R. (1987) Global Power Dynamics and Collective Violence // Vayrynen R., Senghaas D et al. The Quest for Pease: Sage.

Vilotievič, M. (1993) Organizacija i rukovodjenje školom, Beograd, Naučna kniga.

Walker, H. (1998) Youth Violence: Society's Problem. Eugene, Oregon: Register-Guard.

Walker, H. M., Severson H. H., Feil, E. G., Stiller, B., Golly, A. (1998) First Step to Success: Intervening at the Point of School Entry to Prevent Antisocial Behavior Patterns // Psychology in the Schools.

Watson, J. (1980) Bibliotherapy for abused children. School Counselor.

Wise, B.J. (1999) Vaccinating Children Against Violence.

Yuille, J.C. (1987, August). Interviewing child victims and witnesses. Invited address, West Yorkshire Police Detective Training School, Wakefield, England.

Yuille, J.C., & Cutshall, J. (1989). Analysis of the statements of victims, witnesses and suspects. In J.C. Yuille (Ed.), Credibility assessment. Dordrecht, The Netherlands: Kluwer Academic.

Yuille, J.C., King, M.A., & McDougall, D. (1988). Child victims and witnesses: The social science and legal literature. Ottawa: Ministry of Justice.